Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 01-1310/1
25.03.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА

# НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

# ЗА 2024 ГОДИНА

март, 2025 година

# СОДРЖИНА

ВОВЕД ... 5

МЕДИУМСКА РЕГУЛАТИВА ... 9

МОНИТОРИНГ НА МЕДИУМСКОТО ПОКРИВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСКИТЕ И ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ ИЗБОРИ ... 14

ПРОГРАМСКИ И ДРУГИ ОБВРСКИ НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ... 17

ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ... 26

ЗАШТИТА НА ПЛУРАЛИЗМОТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА СОПСТВЕНОСТА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ... 27

МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА ... 29

ПОТТИКНУВАЊЕ НА СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И НА СЛОБОДАТА НА МЕДИУМИТЕ ... 35

ДОЗВОЛИ ЗА РАДИО И ТЕЛЕВИЗИСКО ЕМИТУВАЊЕ ... 42

ОПЕРАТОРИ НА ЈАВНИ ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ ... 45

ДАВАТЕЛИ НА АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ПО БАРАЊЕ ... 50

ИЗДАВАЧИ НА ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ ... 51

ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ ... 52

УПРАВНИ СПОРОВИ И ПОСТАПКИ ПРЕД УСТАВНИОТ СУД ... 57

АНАЛИЗИ И ИСТРАЖУВАЊА ... 59

ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА АГЕНЦИЈАТА ... 62

МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ... 66

ПРОЦЕС НА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА ... 73

ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО И КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА ... 77

ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ВО АГЕНЦИЈАТА ... 83

МАТЕРИЈАЛНО - ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ ... 83

ПРИЛОЗИ КОН ИЗВЕШТАЈОТ ... 89

1. ДОДЕЛЕНИ/ОДЗЕМЕНИ ДОЗВОЛИ И ПРЕГЛЕДИ НА ИЗРЕЧЕНИ МЕРКИ ... 91

2. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ПРОГРАМСКИ НАДЗОР ЗА 2024 ГОДИНА 121

3. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН ЗА 2024 ГОДИНА СО РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ, РАСХОДИ, ПОБАРУВАЊА И ОБВРСКИ ЗА 2024 ГОДИНА ... 133

# ВОВЕД

Извештајот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024 година е изработен во согласност со членот 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, каде е предвидена обврска за Агенцијата да дава отчет пред Собранието на РС Македонија со доставување извештај за својата работа. Во извештајната година Агенцијата ги реализираше сите планирани активности во Програмата за работа за 2024 година, како и сите предвидени активности во Стратешкиот план на Агенцијата за периодот од 2024 до 2028 година. Спроведени беа и сите планирани надзори во Годишниот план за програмски надзор за 2024 година и во Годишниот план за административен надзор за 2024 година. Покрај овие, во Извештајот се опфатени и активностите што не беа предвидени или планирани со овие акти, но беа реализирани во текот на годината.

Во извештајната година Агенцијата презеде повеќе значајни активности во насока на унапредување на македонската медиумска регулатива, и тоа за: 1. обезбедување соодветна примена на хармонизираниот ЗААВМУ со ревидираната Директива за аудиовизуелни медиумски услуги (ЕУ) 2018/1808, во смисла на тоа дека за да се овозможи целосна имплементација на Директивата беше потребно да се изменат и дополнат дел од постоечките, но и да се донесат нови подзаконски акти со кои ќе се операционализираат законските одредби, односно ќе се овозможи нивна непосредна и правилна примена; 2. иницирање измени на ЗААВМУ, во смисла на тоа дека одредбите кои се однесуваат на медиумската сопственост и недозволената медиумска концентрација што се содржани во Глава 4 - „Заштита на плурализмот и разновидноста на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги“ се застарени и не одговараат на современото медиумско опкружување поради што претставуваат сериозна пречка за развојот на медиумската индустрија; и 3. воспоставување правна рамка за воведување на онлајн медиумите-интернет портали во медиумската регулација.

Една од позначајните активности на регулаторот во 2024 година беше мониторингот на медиумското покривање на Претседателските и Парламентарните избори, кој беше спроведен од 15 февруари до 8 мај 2024 година. Во посочениот период, Агенцијата спроведе мониторинг на изборното медиумско известување, на почитувањето на обврската на државните телевизии да известуваат во формат достапен за лицата со сетилна попреченост, како и мониторинг на платеното политичко рекламирање за време на изборните кампањи. Примерокот за мониторингот на изборното медиумско известување ги опфати: МРТ1, МРТ2 и Собранискиот канал - од ЈРС Македонска радио-телевизија; и програмските сервиси на десет комерцијални национални телевизии: ТВ Алсат-М; ТВ Алфа; ТВ Канал 5; ТВ Сител; ТВ Телма; ТВ Компани 21-М; ТВ Клан Мацедониа; ТВ Шења; ТВ 24 Вести и ТВ Сонце. За другите програмски сервиси, кои на некој начин го покриваа изборниот процес, се постапуваше врз основа на претставки. За анализа беше издвоено централното издание на ТВ-дневникот, а од емитуваните интервјуа и дебати и други информативни емисии, беа селектирани оние чија основна содржина беа изборите. За констатирани прекршувања на Изборниот законик (ИЗ) Агенцијата покрена три прекршочни постапки против два радиодифузера (две против ТВ Клан Мацедониа и една против ТВ Алфа), сите три направени при известувањето за претседателските избори. Агенцијата спроведе и мониторинг на платеното политичко рекламирање емитувано во периодот од 4 април до 6 мај на 30 радија и 39 телевизии, кои беа запишани во Регистарот на радиодифузери, печатени медиуми и електронски медиуми (интернет портали) што го води ДИК. На својата веб страница, регулаторното тело објави три периодични извештаи за емитуваното платено политичко рекламирање. За време на изборите, Агенцијата вршеше надзор и за тоа дали националните телевизии ја почитуваа обврската да известуваат за изборите и во формат достапен за лицата со сетилна попреченост. Тоа е пропишано со членот 75 ставови

1 и 4 од ИЗ, а разработено во Упатство. До крајот на кампањата, со надзорот беше констатирано дека, освен ТВ Клан Мацедониа, сите други ја почитуваа обврската од Изборниот законик и обезбедија пристапност на дел од своите содржини за време на изборните кампањи за двата изборни процеси.

За да констатира дали радиодифузерите ги исполниле обврските кои за нив произлегуваат од ЗААВМУ, Законот за медиуми, подзаконските акти, како и дозволите за емитување програма, во текот на 2024 година врз нив беа спроведени над 321 надзор. Од овие, 135 беа за да се констатира дали ги исполнле програмските обврски, 185 се однесуваа на административните обврски, а еден беше стручен надзор кој беше извршен за да се утврди исполнувањето на техничките услови во согласност со дозволата за емитување програма на една телевизија. Заради прекршувања на ЗААВМУ, ЗМ и подзаконските акти, Агенцијата изрече 29 мерки јавни опомени кон радиодифузери, поведе две прекршочни постапки пред надлежен суд, донесе пет одлуки за одземање дозволи за телевизиско и радиоемитување и 12 решенија за бришење од регистарот на радиодифузери.

Агенцијата континуирано го следеше исполнувањето на програмските обврски на операторите на јавна електронска комуникациска мрежа. Над нивното работење во текот на годината беа извршени 105 програмски надзори, а поради прекршувања на одредбите од ЗААВМУ беа изречени 12 мерки – јавна опомена/јавно опоменување и исклучување на реемитувањето на програмските сервиси и три постапки за порамнување - постапки за издавање на прекршочен платен налог, кои завршија успешно. Агенцијата на операторите им издаде вкупно 258 потврди за регистрација на пакет програмски сервиси.

Предмет на програмски надзор во извештајната година беа и четирите даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, врз кои беа направени осум надзори - по два над секој субјект. Со надзорите не беа констатирани прекршувања кај ниту еден од нив.

Над издавачите на печатени медиуми Агенцијата изврши 11 административни надзори, а прекршување беше констатирано само со еден надзор, поради што на издавачот на печатен медиум над кого беше спроведен надзорот му беше изречена мерка јавна опомена.

Постапувајќи по поднесени известувања за промена на сопственичката структура, во 2024 година беа одобрени промени во сопственоста на четири радиодифузери (ТВ 24 Вести, ТВ Алсат-М, ТВ Гурра и РА Кавадарци). Агенцијата ги одобри побараните промени по извршени детални испитувања со кои беше констатирано дека не постојат законски пречки тие да се реализираат.

Како дел од активностите за поттикнување на медиумската писменост, од 28 октомври до 4 ноември се одржаа Деновите на медиумска писменост 2024, под мотото „Твојата свесност е најважниот филтер!“. Во нивната организација учествуваа 15-тина членки на Мрежата за медиумска писменост и нивни поддржувачи, а се одржаа 22 настани. Од страна на Агенцијата беа организирани три работилници - „Вештачката интелигенција и авторските права“, „Вештачка интелигенција: можности и ризици“ и „Медиумската писменост и средношколците“. На полето на медиумската писменост Агенцијата имаше и една друга важна активност - на вториот јавен состанок го промовираше Истражувањето на медиумската писменост кај учениците во прва и втора година средно образование, чија цел беше да се истражат мислењата, навиките и перцепцијата на учениците, со фокус на нивната способност за разбирање на медиумските пораки кои секојдневно се пренесуваат преку различни медиуми и канали за информирање. Како дел од подигањето на свеста за медиумската писменост, Агенцијата беше активна и преку меѓународни активности.

Во насока на справување со говорот на омраза, а поради промени во европската регулатива и ЗААВМУ, беше изменет и дополнет Водичот за мониторинг на говорот на омраза, со што се прошири опфатот на забраните за поттикнување насилство или омраза, кои сега важат и за платформите за споделување видеа и за аудиовизуелните содржини што се споделуваат преку нив.

На полето на родовите прашања беше изработена анализата „Родот во 2023: Истражување за начинот на известување за родово заснованото насилство на националните телевизии", а беше финализирана и анализата „Родова структура во ТВ и РА: Споредбена анализа на сопственоста (2020 – 2023) и на вработените (2019 – 2022)", со што се обезбеди јасна слика за состојбата со родот во медиумите во поглед на тоа колку родот на медиумските професионалци/ки влијае при креирањето на медиумските содржини. Во текот на годината, претставници на Агенцијата учествуваа во изработката и оценувањето на повеќе стратешки документи, како и на настани на кои се обработуваа родовите прашања.

Агенцијата во 2024 година изработи пет студии чија цел беше да се утврди дали постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозволи за ТВ/РА емитување. Една студија беше за доделување довола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс, а четири се однесуваа на барања за дозволи за радија на локално ниво (за подрачјата на Битола, Неготино, Куманово и Тетово). Врз основа на наодите од студиите, Агенцијата објави три конкурси – за непрофитно радио во Неготино и за комерцијални радија во Битола и Куманово, при што успешен беше само конкурсот за Куманово, односно Агенцијата донесе одлука за доделување дозвола за радио на локално ниво само за ова подрачје. Во 2024 година престана важноста на дозволите за радио и телевизиско емитување на вкупно 12 радиодифузери - девет радија и три телевизии.

Со цел да се добијат сеопфатни сознанија за пазарот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, и оваа година беше изработена Анализа на пазарот во која се прикажани економските перформанси на радиодифузерите во периодот од 2018 до 2023 година. Наодите од анализата беа презентирани на третиот јавен состанок на Агенцијата.

Што се однесува до меѓународната соработка, претставници на Агенцијата учествуваа на повеќе состаноци и работилници во рамки на Европската платформа на регулаторни тела (EPRA), Медитеранската мрежа на регулаторни тела (MNRA) и Групата на европски регулатори за аудиовизуелни медиумски услуги (ERGA). Освен тоа, беа остварени и билатерални работни средби со регулаторни тела од други земји, како и со претставници на амбасадите во РСМ во врска со повеќе прашања од аудиовизуелната област.

За да обезбеди поголема транспарентност во своето работење, Агенцијата ја информираше јавноста за реализираните активности преку редовно ажурирање на своите веб страници на македонски, албански и англиски јазик, правејќи ги достапни до што поголем број граѓани. Објавувани беа информации за седниците на Агенцијата, извештаите од извршени надзори, изречените мерки и сл. Во 2024 година беа одржани и четири јавни состаноци на кои беа презентирани реализираните активности во секој квартал од годината и им се обезбеди можност на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења и ставови по однос на развојот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги. Во текот на годината Агенцијата одржа 63 седници, од кои 15 беа јавни.

# МЕДИУМСКА РЕГУЛАТИВА

Во извештајната година Агенцијата презеде повеќе значајни активности во насока на унапредување на македонската медиумска регулатива, и тоа во смисла на: 1. обезбедување соодветна примена на хармонизираниот ЗААВМУ со ревидираната Директива за аудиовизуелни медиумски услуги (ЕУ) 2018/1808, 2. иницирање измени на ЗААВМУ за негово модернизирање за да одговара на современото медиумско опкружување, како и 3. воспоставување правна рамка за воведување на онлајн медиумите во медиумската регулација.

## Обезбедување целосна имплементација на Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги 2018/1808

На крајот на месец јули 2023 година стапија на сила измените и дополнувања на ЗААВМУ со кои беше транспонирана ревидираната Директива за аудиовизуелни медиумски услуги (ЕУ) 2018/1808. Меѓутоа, за да се овозможи целосна имплементација, односно да се овозможи непосредна и правилна примена на одредбите од овој закон, беше потребно да се изменат и дополнат дел од постоечките подзаконски акти, но и да се донесат нови. Иако, законскиот рок во кој Агенцијата треба да ги донесе овие подзаконски акти е јули 2025 година (две години од влегувањето на сила на Законот за изменување и дополнување на ЗААВМУ), имајќи предвид колку се важни овие акти, Агенцијата веднаш го започна процесот на нивна изработка.

Една од позначајните измени воведени со хармнонизацијата на ЗААВМУ беше проширувањето на опфатот на законот со нови субјекти – давателите на услуги платформи за споделување видеа и физичките лица даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање. Со проширувањето на регулативата се очекува да се зголеми заштитата на корисниците, особено малолетните лица, од штетни содржини на интернет платформите, како и да се постигне долгорочно влијание врз медиумската сцена во земјата, промовирајќи поголема одговорност, транспарентност и квалитет во аудиовизуелниот сектор. Овие законски измени претставуваат значаен чекор во модернизацијата на македонското медиумско законодавство и негово приближување кон европските стандарди. Законот предвидува дека, и давателите на услуги платформи за споделување видеа и физичките лица даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, пред да започнат да ја вршат дејноста треба да се поднесат пријава за регистрирација во Агенцијата. За да создаде услови за тоа, Агенцијата изработи нацрт-тектови на:

- **Правилникот за регистрирање на давателите на услуги платформа за споделување видеа**, со кој ја пропиша формата и содржината на образецот на пријавата што овие субјекти ќе ја доставуваат за да бидат евидентирани во регистарот на даватели на услуга платформа за споделување видеа и ја пропиша содржината на содржината на регистарот. Нацрт-верзијата на овој правилник беше изработена во декември 2024 година; и
- **Правилникот за физичките лица даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање** со кој, покрај тоа што се пропишува формата и содржината на пријавата што ќе ја доставуваат за евидентирање во регистарот, се утврдуваат и критериумите што едно физичко лице, задолжително и кумулативно, треба да ги исполни за да се смета дека е давател на на аудиовизуелни медиумски услуги по барање. За поефикасна примена на овие одредби, Агенцијата изработи и Насоки за појаснување и прецизирање на секој од седумте утврдени критериуми. Овој Правилник беше изработен во соработка со германски експерт ангажиран преку Твининг проектот „Зајакнување на капацитетите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Јавниот радиодифузен сервис“. Нацрт-верзијата на овој правилник беше изработена во јули 2024 година.

По усвојувањето на нацрт-верзиите на двата подзаконски акти, Агенцијата ги објави на својата веб страница и отвори јавна расправа за да им овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови во врска со предложените текстови. Правилникот за регистрирање на давателите на услуги платформа за споделување видеа беше донесен во јануари 2025 година. Утврдувањето на конечниот текст на Правилникот за физичките лица даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање е во тек, поради тоа што Агенцијата, имајќи предвид дека никој не достави мислење во текот на јавната расправа, прави дополнителни напори во процесот да вклучи што повеќе засегнати страни.

Со измените од јули 2023 година, се предвиде законска обврска за давателите на аудиовизуелни медиумски услуги континуирано и прогресивно да спроведуваат соодветни и пропорционални мерки за нивните услуги да бидат пристапни за лицата со попреченост (дотогаш Законот предвидуваше само дека Агенцијата презема активности за да ги поттикне давателите постепено да ги направат своите услуги достапни за лицата со оштетен слух или вид). За да се операционализираат одредбите од Законот и да се овозможи спроведување на оваа обврска, Агенцијата го донесе:

- **Правилникот за пристапност до медиумските услуги**, со кој се пропишува какви се обврските на давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во зависност од нивните ресурси и досег до публиката; на кој начин можат да ги направат пристапни програмите, каталозите по барање, односно понудата за одложено гледање, како и електронскиот програмски водич; се објаснува кои се алатките за пристапност и се приложува Речник на изрази и алатки за обезбедување пристапност во кои подетално се објаснуваат различните поими и алатки; се пропишуваат обрасците за годишниот акциски план и за годишниот извештај за исполнување на обврската за пристапност итн. Текстот на Нацрт – правилникот беше изработен како дел од активностите од проектот Заштита на слободата на изразување и на слободата на медиумите (ПРО-ФРЕКС) на Советот на Европа и на ЕУ, во чии рамки, како консултантка беше ангажирана експертка од Ирска, а како основа беа користени претходно изработените предлози за саморегулаторен, односно за корегулаторен акт.

Покрај воведувањето на нови субјекти во регулативата, со измените на ЗААВМУ се воведоа и измени во врска со регулативата што се однесува на одредени аспекти на работењето на субјектите кои и претхдно беа предмет на регулација - се либерализираа ограничувањата за телевизиско рекламирање и за пласирањето производи, се засилија обврските за заштита на малолетните лица и намалување на нивната изложеност на реклами за алкохол и нездрава храна и пијалоци, се засилија обврските за промоција на европски дела на услугите по барање. За да овозможи примена на овие одредби, Агенцијата во 2024 година ги измени и дополни подзаконските акти со кои се доуредуваа овие прашања. Поконкретно, станува збор за:

- **Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за емитување европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти.** Со законските измени од јули 2023 година, се утврди обврска за давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање да обезбедат дека уделот на европските дела во нивните каталози на програми изнесува најмалку 30%, а европските аудиовизуелни дела да бидат позиционирани во каталогот така што ќе бидат соодветно видливи. Агенцијата го измени и дополни постојниот Правилник за да го пропише начинот на обезбедување на уделот и видливоста на европските дела во каталогот на програми и да ги утврди квантитативните индикатори кои дефинираат кога е дозволено отстапување од исполнувањето и примената на вакви обврски од страна на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги.

- **Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за заштита на малолетните**

**лица,** со кој постојниот Правилник беше дополнет со одредби што се однесуваат на заштитата на личните податоци на малолетните лица (тие не смеат да се обработуваат за комерцијални цели, како што се директен маркетинг, профилирање и анализа или бихејвиорално рекламирање), и со кој беа изменети одредбите што се однесуваат на прикажувањето употреба на дрога, психоактивни супстанци, цигари и алкохол; сугестибилни облици на однесување опасни за здравјето и безбедноста; практики на окултизам и надрилекарство; постапки за хипнотизирање, содржини со совети за посебни игри на среќа и комерцијални комуникации за посебни игри на среќа, содржините кои приаѓаат на форматот „реалистична" програма, дефиниција за порнографија и промотивните најави за содржините.

- **Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за спонзорство,** со кој се операционализираа изменетите одредби од ЗААВМУ што се однесуваат на емитувањето спонзорирани содржини. Имено, освен што беа направени дополнувања речиси во сите дефиниции поврзани со аудио или аудиовизуелните комерцијални комуникации, меѓу нив и на дефиницијата за спонзорство, беше изменет и членот 54 од ЗААВМУ кој ги утврдува правилата за емитување спонзорирани содржини. Затоа, изменети беа одредбите од постојниот Правилник кои се однесуваа на: уредничката независност и интегритет, забраните за спонзорство, односот меѓу спонзорството и рекламирањето, како и пласирањето производи, и правилата за идентификација на спонзорството.

- **Упатство за изменување и дополнување на Упатството за примена на одредбите за пласирање производи.** Со законските измени, пласирањето производи повеќе не е форма на аудиовизуелна комерцијална комуникација која е генерално забранета, а нејзиното користење е дозволено само во одредени видови програми, туку таа сега е дозволена во сите видови аудио и аудиовизуелни медиумски програми, како и во видеата создадени од корисници, со исклучок на вестите и програмите посветени на актуелни прашања и теми, програмите посветени на прашања поврзани со потрошувачите, верските програми и програмите за деца. Освен ова, одредбите за пласирање производи сега се однесуваат за сите даватели на аудио или аудиовизуелни медиумски услуги: радија, телевизии и услуги по барање кои можат да бидат физички или правни лица, како и за давателите на услуги платформи за споделување видеа. Оттаму, со измените коишто се направени во Упатството, се направи прилагодување на овие одредби за давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и се воведоа правила за давателите на услуги платформи за споделување видеа.

- **Водич за мониторинг на говорот на омраза – второ дополнето и изменето издание,** со кое првото издание на Водичот беше дополнето и изменето за да се опфатат легислативните промени во европската регулатива и во ЗААВМУ. Имено, со направените измени, забраните за поттикнување насилство или омраза се применуваат и за платформите за споделување видеа, како и за аудиовизуелните содржини што се споделуваат преку платформите. Платформите за споделување видеа имаат обврски да преземат мерки за заштита на јавноста од програми, видео содржини генерирани од корисници и аудиовизуелни комерцијални комуникации кои поттикнуваат насилство или омраза кон групи или индивидуални лица, а регулаторните тела за медиуми имаат обврски да ја проценат адекватноста на преземените мерки. Во меѓувреме, Советот на Европа усвои нова Препорака за справување со говорот на омраза, која во Водичот е претставена преку судски одлуки на Европскиот суд за човекови права и нуди насоки не само за законодавците, туку

и за широк спектар на чинители, вклучувајќи ги медиумските регулатори, платформите за споделување видеа, медиумските куќи и граѓанските организации.

Иницијатива за измени на ЗААВМУ

Во ноември 2024 година, до Министерството за дигитална трансформација, Агенцијата достави **Иницијатива за измени на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.** Како надлежен орган за имплементација на ЗААВМУ, регулаторното тело му укажа на Министерството дека во досегашната примена на законот констатираше дека има итна потреба од измена на одредбите кои се однесуваат на медиумската сопственост и недозволената медиумска концентрација, а се содржани во Глава 4 - „Заштита на плурализмот и разновидноста на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги“. Основната причина за потребата од измена е што одредбите се застарени и не одговараат на современото медиумско опкружување поради што претставуваат сериозна пречка за развојот на медиумската индустрија. Покрај тоа, дел од нив се нејасни и непрецизни што претставува проблем за нивна правилна примена.

Поконкретно, стануваше збор за одредбите што ги уредуваат следните прашања: забрана за таен содружник кај радиодифузерите (член 34); учество на странски физички и правни лица во сопственичката структура на радиодифузерите (член 35); дефинирање на поврзани лица во смисла на ЗААВМУ (член 36); хоризонтална концентрација на капиталот, односно ограничувања за стекнување сопственост кај повеќе радиодифузери (член 37); посебни забрани за стекнување сопственост кај радиодифузерите и за вршење на радиодифузната дејност (член 38); вертикална и дијагонална медиумска концентрација (член 39); постапка за утврдување недозволена медиумска концентрација (член 40 и член 43); и постапка за промена на сопственичката струкура.

Агенцијата посочи дека законските ограничувања во врска со недозволената медиумска концентрација се премногу строги и рестриктивни за мал и фрагментиран пазар каков што е македонскиот медиумски пазар, како и дека споредбените анализи покажуваат дека во земји со далеку поразвиени медиумски индустрии и поразвиени економии воопшто, не постојат толку рестриктивни ограничувања. Дополнителен проблем е што овие одредби воопшто не се однесуваат на, и не ги земаат предвид новите медиумски услуги и платформи кои се во силен подем и кои публиката се повеќе ги користи, туку се концентрираат само на т.н. „традиционални“ медиуми – телевизија, радио и печатени медиуми. Сето ова е сериозна пречка за постигнување на целите на Законот - развој на аудио и аудиовизуелните услуги, поттикнување и развој на конкуренцијата во аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, но претставува сериозна пречка за постигнување и на темелната цел на медиумската регулатива – обезбедување медиумски плурализам.

Агенцијата укажа дека е нужно во најскоро можно време да се започне процес за измени на овие одредби, со кој ќе се обезбеди регулаторна рамка која е внимателно и добро дефинирана и која не му штети на развојот на секторот; која е сразмерна и легитимна на начин што обезбедува заштита на плурализмот и разновидноста, но истовремено и одржлив аудиовизуелен пазар, при што посочи дека како и претходно, кога претставници на Агенцијата активно учествуваа во работната група за измена на Законот и континуирано соработуваа со експертите, даваа мислења, коментари и предлози, и сега, стои на располагање со својата експертиза за активно учество во процесот.

Измени и дополнувања на Законот за медиуми

Во ноември 2024 година, Агенцијата изработи **Мислење за Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за медиуми,** во кое ги даде своите забелешки и коментари во врска со текстот на овој закон што Министерството за дигитална трансформација истиот месец го објави на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР).

Во Мислењето, Агенцијата најпрво посочи дека онлајн медиумите треба да бидат предмет на регулација со оглед на нивната улога и влијание врз формирањето на јавното мислење, како и нивниот се позначаен удел во медиумскиот пазар, а во продолжение даде и забелешки во врска со конкретните предлози. Позначајните забелешки се однесуваа на следните прашања:

- Според начинот на кој беа дефинирани издавачите на медиуми во предложените измени, само оние онлајн медиуми што публикуваат информативни содржини ќе се сметаа за издавачи на медиуми. Агенцијата посочи дека треба да бидат опфатени и медиумите што објавуваат забавни и образовни содржини.
- Како издавачи на медиуми беше предложено да се сметаат и агрегаторите на вести. Агенцијата укажа дека поради тоа што тие не ги креираат содржините, туку само ги агрегираат веќе објавените содржини, треба внимателно да се размисли дали е посоодветно законот да ги препознае како субјекти (со поинаков статус од онлјан медиуми-интернет портали) и за нив да се утврдат обврски од аспект на заштита на малолетници, посебните забрани посочени во член 48 од ЗААВМУ и комерцијалните комуникации.
- Предлогот содржеше една нејасна и многу конфузна формулација - како издавачи на медиуми да се сметаат правни лица што вршат дејност „*мониторирање на медиумите на начин што остваруваат приходи од давање на овие онлајн услуги*“. Агенцијата посочи дека е неопходно да се прецизира на што точно се мисли.
- Според предлогот, еден од условите за да може да се врши дејноста публикување содржини преку онлајн медиум (покрај тоа да се впише дејноста во Централен регистар, и да се има седиште и уредништво во Македонија) беше и издавачот на медиум да има најмалку две лица во редовен работен однос. Ставот на Агенцијата беше дека е посоодветно ова да биде услов за издавачот на онлајн медиумот да биде евидентиран во регистарот што ќе го води Агенцијата, а не да биде основен услов за вршење на дејноста.
- Агенцијата укажа и дека е потребно да се предвидат обврски за онлајн медиумите да обезбедат транспарентност во работењето, како и да се предвидат казнени одредби за сите прекршувања на Законот, како и дека покрај овие измени, во скоро време е нужно да се направат и посеопфатни измени на Законот за медиуми за да се обезбеди усогласување на овој закон со ЗААВМУ, но и со Европскиот акт за слобода на медиуми и евентуално други релевантни европски прописи.

Сите забелешки што ги достави Агенцијата беа прифатени од страна на надлежното министерството и вградени во Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за медиуми од јануари 2025 година. Поради тоа што некои од одредбите беа нејасно напишани и беше потребно да се доработат и допрецизираат, Агенцијата достави конкретни предлози во вид на амандмани. Дополнително, Агенцијата предложи за непрофитните онлајн медиуми минималниот кадровски услов да биде само едно лице во редовен работен однос, поради тоа што вообичаено кај овие медиуми лицата што ги креираат содржините се ангажирани на волонтерска основа; и да се измени член 4 (посебни забрани) од Законот за медиуми така што ќе го усогласи со член 48 од ЗААВМУ, за да биде усогласен со изменетата Директива за аудиовизуелни медиумски услуги од 2018 година и да нема нееднакви законски услови за работа за издавачите на печатените и на онлајн медиумите-интернет порталите, од една страна, и за аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, од друга страна.

## МОНИТОРИНГ НА МЕДИУМСКОТО ПОКРИВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСКИТЕ И ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ ИЗБОРИ

Според обврските пропишани со Изборниот законик (ИЗ), мониторингот на АВМУ за медиумското известување и за платеното политичко рекламирање за двата изборни процеса - од Претседателските и од Парламентарните избори, беше спроведен од (предизборието) 15 февруари до (гласањето) 8 мај 2024 година. Не беа констатирани прекршувања на професионалните стандарди, но се покажа дека посебно во изборни процеси со кампања што делумно се поклопува или, пак, се движи паралелно во одредени периоди, информативните редакции на телевизиите и при најдобра професионална волја, просто не постигаат да ги опфатат сите законски барања за рамноправно, објективно прикажување различни политички опции[1].

Агенцијата навремено обезбеди јасни правила за радиодифузерите што ги следеа изборите. Нужно, поради погореспоменатото поклопување на изборните кампањи, двапати беше адаптирано Упатството за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори - 2024 (натаму – Упатство), усвоено уште пред почетокот на кампањата. Првата измена беше направена откако беа утврдени учесниците во изборната кампања за Парламентарните избори, а втората измена - за вториот круг од Претседателските избори.

Примерокот за мониторингот ги опфати: МРТ1, МРТ2 и Собранискиот канал - од ЈРС Македонска радио-телевизија; и програмските сервиси на десет комерцијални национални телевизии: ТВ Алсат-М; ТВ Алфа; ТВ Канал 5; ТВ Сител; ТВ Телма; ТВ Компани 21-М; ТВ Клан Мацедониа; ТВ Шења; ТВ 24 Вести и ТВ Сонце. За другите програмски сервиси, кои на некој начин го покриваа изборниот процес, се постапуваше врз основа на претставки.

Предмет на мониторингот беше севкупното програмско денонoќие, а посебно се анализираа облиците изборно медиумско претставување. За анализа беше издвоено централното издание на ТВ-дневникот, релевантно според уредувачката организација на новинарските прилози поврзани со изборниот процес. Од вкупниот обем емитувани интервјуа и дебати, беа селектирани само тие чија основна содржина беа Претседателските и/или Парламентарните избори.

Сите телевизии со сигнал на државно ниво, кои емитуваа платено политичко рекламирање (ППР), беа обврзани да известуваат за изборите и во формат достапен за лицата со сетилна попреченост. Тоа е пропишано со членот 75 ставови 1 и 4 од ИЗ, а разработено е во Упатството. Форматот опфаќа: знаковен јазик, титл, тонски опис или други соодветни алатки. Се применуваше задолжително секој ден, во најгледаниот програмски период од 16 часот до полноќ, кога се емитуваше најмалку едно издание ТВ-дневник, а еднаш неделно, пак, за овие потреби беше приспособена најмалку една информативна емисија поврзана со изборниот процес. До крајот на кампањата, со надзорот беше констатирано дека, освен ТВ Клан Мацедониа, сите други ја почитуваа обврската од Изборниот законик и обезбедија пристапност на дел од своите содржини за време на изборните кампањи за двата изборни процеси. Против ТВ Клан Агенцијата поведе прекршочна постапка поради тоа што не ја исполни обврската. Добар пример беше реализацијата на ТВ 24 Вести, оти пред сè, во различни видови информативни емисии, полето со толкувачот овозможуваше прегледност на гестовниот говор.

Во изборната кампања за Парламентарните избори, од 18 април до 6 мај, учествуваа 12 партии и 5 коалиции. Од нив, само 10 претендента за Парламентот имаа потврдени кандидатски листи во сите шест изборни единици. Очекувањето беше дека редакциите, кои низ различен новинарски ангажман –

[1] Деталните извештаи за изборите се достапни во рубриките за Претседателските и за Парламентарните избори 2024 од официјалната веб страница на АВМУ.

вести/интервјуа/дебати - се вклучија во известувањето за Парламентарните избори, врз основа на принципот на пропорционалност (член 75-а став 1 точка б од ИЗ) ќе обезбедат медиумски приказ на изборната кампања на сите 17 учесника во изборите. Описно речено: вкупното време од емисиите во својот програмски сервис, телевизиите требаше барем приближно да го распределат според бројот на потврдените листи на кандидатите во шесте изборни единици. Притоа, методолошки секогаш предвид се зема и интензитетот на кампањите.

Според вакви правила, во ваков медиумски амбиент и во постојните општествено-политички околности, единствено ТВ Алсат-М во различни информативни жанрови ги прикажа активностите на сите 17 учесника во изборниот процес за Парламентарните избори. Соодветно на своите технички и кадровски капацитети, за чија фактичка состојба одредени редакции ја известија АВМУ уште пред почетокот на кампањата, од долгорочниот, двоен изборен процес - другите телевизии главно го насочија вниманието кон четирите поголеми коалиции - од власта и од опозицијата: Коалицијата за „Европска иднина“, Коалицијата „Европски фронт“, Коалицијата „Твоја Македонија“ – ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата „ВЛЕН/ВРЕДИ“. Сепак, информативните редакции беа отворени за обратна, условно речено - пасивна комуникациска релација: или секој учесник во изборниот процес да им доставува свој промоциски материјал или редакциите слободно да го преземаат од нивните официјални профили на социјалните мрежи. Општо земено, во ТВ дневниците известувањето за секојдневните случувања во изборниот процес беше сведено во одвоена информативна рубрика, во која без коментар се регистрираа поенти од обраќања на кандидатите за пратеници и за претседател на државата. Пропишаниот принцип на пропорционалност според бројот потврдени листи на кандидати за пратеници, како основен критериум за избор на соговорниците, не беше целосно почитуван ниту во интервјуата ниту во дебатите.

Во првиот круг од кампањата за Претседателските избори, од 4 до 22 април, имаше седум, а во вториот круг, од 25 април до 6 мај, два кандидата. Во првиот круг, сите мониторирани телевизии го почитуваа принципот на еднаквост (член 75-а став 1 точка а од ИЗ) при изборното медиумско претставување, освен ТВ Компани 21-М, која донесе уредувачка одлука да не известува за проф. д-р Билјана Ванковска - Цветковска, поддржана од партијата Левица. Во вториот круг, кога соперници останаа проф. д-р Гордана Силјановска – Давкова (поддржана од ВМРО ДПМНЕ) и проф. д-р Стево Пендаровски (поддржан од СДСМ), сите телевизии известуваа избалансирано.

Од овие избори почна да се применува и Кодексот за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми, инициран од АВМУ, а обмислен во соработка со: Здружението на новинари, Советот за етика во медиумите, Институтот за комуникациски студии, Македонскиот институт за медиуми и Фондацијата Метаморфозис – обединети во Координативно тело, со задача да реагира по претставки за можни неетички постапки на: политички партии/кандидати; интернет изданија на радиодифузери; онлајн медиуми; проверувачи на факти; инфлуенсери и други чинители, предизборно влијателни врз јавноста. Телото доби вкупно три претставки и најде решение за нив. Првата поплака дојде од уредничката на една ТВ станица во врска со заканите кон неа искажани на интернет, и Здружението на новинари ѝ помогна да контактира со Министерството за внатрешни работи. Останатите две беа за фотографија објавена на интернет, на која се гледа како тогашната министерка за култура ги свиткува колената за да биде на иста висина со нејзините поддржувачи, а насловот гласеше: Министерката потклекна пред гласачите. Ова прашање го реши саморегулаторното тело СЕММ.

Во текот на целиот период од кампањата, АВМУ соработуваше и со други институции и организации, било директно надлежни, било организациски вклучени во спроведувањето посакуван демократски изборен процес: Државната изборна комисија; Државниот завод за ревизија; Државната комисија за спречување на

корупцијата; Набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР; ИФЕС - Меѓународната фондација за изборни системи.

Во оваа смисла, во февруари, претставници од Агенцијата одржаа работен состанок со претставници на Државната изборна комисија (ДИК) и Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) во врска со примената на Изборниот законик во услови на преклопување на двата изборни процеси. На истата тема, примената на Изборниот законик во услови на преклопување на два изборни процеси, беше и состанокот од 15 март, меѓу претставници од Агенцијата повторно со претставници на ДИК, овојпат со учество и на претставници од Државниот завод за ревизија (ДЗР), во контекст на подготовка на упатство за радиодифузерите.

Во текот на февруари, меѓу претставнички од Агенцијата и ИФЕС се одржа работен состанок за потенцијална соработка за организација на панел дискусија во врска со Изборите 2024 година. Како резултат на договорот, на 3 април, Агенцијата, со поддршка на ИФЕС, организираше панел дискусија „Политичкото рекламирање и интегритетот на изборите”, на која претставници на македонските институции надлежни за спроведувањето на изборниот процес разменија искуства, а странски експерти говореа за релевантната регулатива на ЕУ.

Исто така, Агенцијата во април ѝ одговори на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација дека телевизискиот спот за „подигнување на јавната свест и испраќање апел за недискриминација и воздржување од говор на омраза за време на предизборната кампања“, изработен со поддршка на Македонскиот центар за меѓународна соработка, смее да се емитува за време на изборна кампања бидејќи не беше финансиран од јавни средства, односно, со неговото емитување не се прекршуваше Изборниот законик.

Во јуни, претставничка на Агенцијата учествуваше на панел - дискусијата „Кодекс на однесување - Борба против насилството врз жените во политиката и изборните процеси“, во организација на Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС), во соработка со Македонското женско лоби во рамките на Програмата за поддршка на изборите на Владата на Швајцарија.

Во јули беше одговорено на прашалник доставен од ИФЕС за известувањето на интернет порталите во изборни кампањи. Од една страна, целта беше да се соберат валидни информации врз основа на кои ќе се подобри разбирањето на влијанието на различни фактори од Интернет-просторот врз изборниот процес, а од друга страна се разгледа и можноста за изработка на софтвер за мониторинг на ППР во изборни кампањи.

По завршувањето на двата изборни процеси, претставници на Агенцијата, на покана на ДКСК, на 16 октомври учествуваа на настанот организиран од Комисијата на којшто беше презентиран финалниот извештај од нивните активности за време на изборните процеси во 2024 година.

Трите периодични извештаја за емитуваното платено политичко рекламирање (ППР), евидентирано од 4 април до 6 мај, на 30 радија и на 40 телевизии, посочија огромен интерес за оваа самопрезентациска форма на кандидатите во двата изборни процеса, наспроти речиси занемареното бесплатно политичко претставување, кое според Изборниот законик е достапно преку сервисите на ЈРС.

## ПРОГРАМСКИ И ДРУГИ ОБВРСКИ НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

Една од суштинските активности на Агенцијата е да следи како давателите на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги ги исполнуваат обврските утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми, Изборниот законик, подзаконските акти и во дозволите за радио и телевизиско емитување.

Во 2024 година, целосно беа спроведени годишните планови за програмски и за административен надзор врз радиодифузерите, а беа спроведени и повеќе вонредни и контролни надзори, што резултираше со вкупно 321 надзор, од кои 135 беа за обврските во поглед на програмата (заштита на малолетниците, заштита на културниот идентитет, правила за комерцијални комуникации, програмски концепт итн.), 185 беа за административните обврски (објавување импресум и информации за идентификација кои радиодифузерот мора да ѝ ги направи достапни на својата публика, обезбедување јавност во работењето, исполнување на минималните кадровски услови, плаќање на годишниот надоместок за дозволите за телевизиско и радиоемитување, следење на сопственичката структура, итн) и еден стручен надзор (обврска за исполнување на техничките услови во согласност со дозволата за емитување).

### Програмски надзори

Освен редовните надзори предвидени со Годишниот план за вршење програмски надзор во 2024 година, во сите случаи кога беше констатиран прекршок и изречена мерка јавна опомена, по предвидениот рок за усогласување со законот беа спроведени контролни надзори. Исто така, беа реализирани и четири вонредни програмски надзори[2], од кои три беа иницирани по претставка од граѓани, а еден Агенцијата реализираше по службена должност. Во неколку случаи, во кои рокот за усогласување на радиодифузерите по изречената мерка јавна опомена завршуваше во 2025 година, контролните надзори беа префрлени во 2025 година. Затоа тие не се опфатени во овој Извештај. Оттаму, од програмски надзори во 2024 година произлегоа вкупно 135 извештаи - 114 од редовните, 17 од контролните и 4 од вонредните надзори.

Во прегледот кој следува, програмските надзори се прикажани месец по месец, во зависност од периодот кога биле завршени.

**Јануари**

- **Редовни програмски надзори** врз радио програмските сервиси на Јавниот радиодифузен сервис (МРА1, МРА2 и МРА3), при што не беа констатирани прекршувања.
- **Вонреден програмски надзор** реализиран по претставка врз програмскиот сервис на Метрополис Радио. Со надзорот беше констатирано прекршување на член 64 став 1 од ЗААВМУ (употреба на јазикот).
- **Контролен програмски надзор** врз ТВ Телма за почитување на член 50 став 3 од ЗААВМУ (заштита на малолетните лица). Беше утврдено дека радиодифузерот го отстранил прекршувањето.

[2] Повеќе податоци за вонредните надзори спроведени по претставки има во заглавјето Поттикнување на слободата на изразување и на слободата на медиумите, во делот посветен на претставките. Со цел да се избегне редундантност, во овој преглед на реализираните надзори, наведени се основните податоци за нив.

**Февруари**

- **Редовни програмски надзори** врз телевизиските програмски сервиси на Јавниот радиодифузен сервис (МРТ1, МРТ2, МРТ3, МРТ4 и МРТ5), при кои беше констатирано прекршување на член 92 став 1 (изворно создадена програма) кај МРТ2 и беше изречена мерка јавна опомена.
- **Контролен програмски надзор** врз Метрополис Радио за почитување на член 64 став 1 од ЗААВМУ (употреба на јазикот), кој покажа дека радиодифузерот во целост постапил по изречената мерка и го отстранил прекршувањето.

**Јуни**

- **Контролен програмски надзор** врз МРТ2 за почитување на член 92 став 1 од ЗААВМУ (изворно создадена програма). Со надзорот беше констатирано дека МРТ2 во целост постапила по изречената мерка.
- **Контролен програмски надзор** врз ТВ ГУРРА за почитување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ (изворно создадена програма). И покрај решението за изрекување мерка јавна опомена донесено на 24.11.2023 година, надзорот покажа дека ТВ ГУРРА не ја отстрани повредата на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Оттаму, согласно точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст), беше предложено повторно да му се изрече мерка јавна опомена со оглед на фактот дека поради траењето на рокот за усогласување, надзорот беше префрлен за 2024 година.
- **Контролни програмски надзори** врз програмскиот сервис на ТВ ГУРРА беа извршени и за обврските од: членот 50 став 3 од ЗААВМУ, а во врска со член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица и членот 98 став 1 (услови за рекламирање и телешопинг). Утврдено беше дека контролен надзор фактички не можеше да се спроведе, затоа што радиодифузерот освен музички спотови не емитуваше никаков друг вид програма со новинарски и со уредувачки ангажман.
- **Вонреден програмски надзор** врз почитувањето на членот 67 став 6 од ЗААВМУ, односно за исполнувањето на програмскиот концепт за кој ТВ ГУРРА добила дозвола за телевизиско емитување на локално ниво. Надзорот врз еднонеделната програма беше реализиран во периодот од 3 до 9 јуни, по службена должност, како резултат на сознанијата од претходните надзори. Се потврди дека радиодифузерот не го спроведува програмскиот концепт, поради што му беше изречена мерка јавна опомена.

**Јули**

- **Редовни програмски надзори** врз националните комерцијални радио програмски сервиси на државно ниво (РА Антена 5, РА Метрополис, РА Канал 77, РА Јон), со кои не беа констатирани прекршувања.
- **Редовни програмски надзори** врз МРТ, Сител, Канал 5, Телма, Алфа, Алсат-М, 24 Вести, Наша ТВ, Сонце, Компани 21-М, Шења и Клан, во однос на годишната обврска за емитување европски аудиовизуелни дела. Надзорот покажа дека сите радиодифузери ја исполниле оваа обврска во 2023 година.
- **Редовен програмски надзор** врз МРТ, Сител, Канал 5, Телма, Алфа, Алсат-М, 24 Вести, Наша ТВ, Сонце, Компани 21-М, Шења и Клан, во однос на обврската во годишниот буџет за програма да одвојат најмалку 10% за набавка на европски аудиовизуелни дела од независни продуценти, како и во однос на тоа дека најмалку половина од емитуваните вакви дела нема да бидат постари од пет години. Надзорот покажа дека сите радиодифузери ја исполниле оваа обврска во 2023 година.

**Август**

- **Редовен програмски надзор** врз пет регионални комерцијални радио програмски сервиси (Радио Зона М1, Радио РФМ, ЕФ-ЕМ 90,3 - Спортско радио, Скај Радио и Урбан ФМ). Со надзорот кај РА Зона М1 беше констатирано прекршување на член 80 ставови 7, 8 и 9 од ЗААВМУ, а во врска со точка 4 од Насоките за доброволно пријавување на радијата за емитување домашна музика и беше изречена јавна опомена.
- **Вонреден програмски надзор** реализиран по претставка од физичко лице врз програмскиот сервис ТВ Сител во однос на правилата за заштита на малолетните лица. Предмет на надзорот беше серијалот „Приказната за Севда“, при што не беше констатирано прекршување на ЗААВМУ и на одредбите од Правилникот за заштита на малолетните лица. За наодите од надзорот беа известени и подносителот на претставката и медиумот.
- **Вонреден програмски надзор** реализиран по претставка од физичко лице кое сметаше дека одредени телевизии не ја почитуваат целината на предупредувачката сигнализација за знакот за програми од Втора категорија (8+). Со увид во програмата на телевизиите беше потврдено дека некои од нив нецелосно и невоедначено го применуваат графичкиот изглед на предупредувачката сигнализација, за што беа писмено известени. За наодите беше известен и подносителот на претставката.

**Октомври**

- **Редовни програмски надзори** врз националните терестријални комерцијални ТВ програмски сервиси: ТВ Алсат-М, ТВ Алфа, ТВ Канал 5, ТВ Сител и ТВ Телма. Беше констатирано прекршување кај ТВ Сител на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 20 и 21 (начин на аплицирање, изглед и содржина на предупредувачката сигнализација) од Правилникот за заштита на малолетните лица (ПЗМЛ) и беше изречена мерка писмена опомена.
- **Редовни програмски надзори** врз националните сателитски комерцијални ТВ програмски сервиси Наша ТВ и ТВ 24 Вести, при кои не беа констатирани прекршувања.
- **Редовни програмски надзори** врз националните комерцијални ТВ програмски сервиси ТВ Компани 21-М, ТВ Шења, ТВ Клан Мацедониа и ТВ Сонце, кои се емитуваат преку оператори на јавни електронски комуникациски мрежи (ОЈЕКМ). Со надзорите беше констатирано прекршување: кај ТВ Компани 21–М, на член 64 став 1 (употреба на јазикот) и на член 50 став 3 од ЗААВМУ во врска со членовите 20 и 21 од ПЗМЛ (начин на аплицирање, изглед и содржина на предупредувачката сигнализација); кај ТВ Шења, на член 92 ставови 1 и 3 и на член 50 став 3 од ЗААВМУ во врска со членовите 20 и 21 (начин на аплицирање, изглед и содржина на предупредувачката сигнализација) од ПЗМЛ; кај ТВ Клан, на член 50 став 3 од ЗААВМУ во врска со член 22 став 2 (објави за програмите) од ПЗМЛ; како и кај ТВ Сонце, на член 50 став 3 од ЗААВМУ во врска со членовите 20 и 21 (начин на аплицирање, изглед и содржина на предупредувачката сигнализација) од ПЗМЛ. На сите горенаведени радиодифузери им беше изречена мерка писмена опомена.
- **Контролен програмски надзор** врз ТВ Гурра за почитување на член 67 став 6 од ЗААВМУ (во текот на една недела радиодифузерот е должен да спроведува најмалку 80% од програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот продолжил со вршење на повредата на членот 67 став 6 од ЗААВМУ и до Советот беше доставен предлог за покренување прекршочна постапка.

**Ноември**

- **Редовни програмски надзори** врз шест регионални комерцијални телевизиски програмски сервиси: ТВ Стар, ТВ КТВ, ТВ Вистел, ТВ Коха, ТВ Едо и ТВ Кобра. Кај ТВ Стар беше констатирано прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ во врска со членовите 20 и 21 (начин на аплицирање, изглед и содржина на предупредувачката сигнализација) од ПЗМЛ; кај ТВ Едо на член 92 став 1 (изворно создадена програма) од ЗААВМУ и кај ТВ КТВ на член 64 став 1 (употреба на јазикот). На радиодифузерите им беше изречена мерка јавна опомена.
- **Редовни програмски надзори** врз пет локални телевизиски програмски сервиси: ТВ Њуз, ТВ Дуе, ТВ Спектра, ТВ Протел и ТВ Свет. Со надзорите кај ТВ Њуз беше констатирано прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ, во врска со членовите 17 (категоризација на аудиовизуелните програми) и 19 (предупредувачка сигнализација) од ПЗМЛ, и прекршување на член 92 ставови 1 и 3 (изворно создадена програма); кај ТВ ДУЕ - на член 50 став 3 од ЗААВМУ во врска со членовите 16 (временски периоди за категориите програми) и 20 и 21 (начин на аплицирање, изглед и содржина на предупредувачката сигнализација) од ПЗМЛ, на член 92 ставови 1 и 3 (изворно создадена програма) и на член 64 став 1 (употреба на јазикот); кај ТВ Спектра - на член 50 став 3 од ЗААВМУ во врска со членовите 16 (временски периоди за категориите програми) и 17 (категоризација на аудиовизуелните програми) од ПЗМЛ, на член 92 став 1 (изворно создадена програма) и на член 64 став 1 (употреба на јазикот); кај ТВ Протел - на член 50 став 3 од ЗААВМУ во врска со членовите 16 (временски периоди за категориите програми), 17 (категоризација на аудиовизуелните програми) и 19 (предупредувачка сигнализација) од ПЗМЛ; кај ТВ Свет - на член 50 став 3 од ЗААВМУ во врска со членовите 20 и 21 (начин на аплицирање, изглед и содржина на предупредувачката сигнализација) од ПЗМЛ. На овие телевизии им беа изречени мерки јавна опомена за сите констатирани прекршувања.

**Декември**

- **Редовни програмски надзори** врз програмските сервиси на непрофитните радиодифузни установи Радио Марија – Благовест, Универзитетско Радио Студент ФМ 92.9, Универзитетско Радио УКЛО ФМ и Универзитетско Радио УГД ФМ. Со надзорите беше констатирано дека врз Радио Студент ФМ 92.9 и Универзитетско Радио УГД ФМ не може фактички да се спроведе надзор, затоа што радиодифузерите емитуваа само музика и џинглови, односно не емитуваа никаков вид програма со новинарски и со уреднички ангажман. Ова претставуваше индиција дека Радио Студент ФМ 92.9 и Универзитетско Радио УГД ФМ не го почитуваат членот 67 став 6 од ЗААВМУ, односно во текот на една недела не спроведуваат најмалку 80% од програмскиот концепт за кој им била издадена дозволата поради што, во 2025 година, ќе биде спроведен вонреден надзор врз еднонеделната програма. Овој надзор ќе се спроведе само врз Универзитетското Радио УГД ФМ, со оглед на тоа што Радио Студент ФМ 92.9 на 31 декември 2024 година престана со емитување радиопрограма и се откажа од дозволата за вршење на дејноста.
- **Контролен програмски надзор** врз РА Зона М-1 за обврските од членот 80 ставови 7, 8 и 9 од ЗААВМУ (доброволно емитување домашна музика), кој покажа дека радиодифузерот во целост постапил по изречената мерка и го отстранил прекршувањето.
- **Контролен програмски надзор врз** ТВ Компани 21-М за обврските од членот 64 став 1 од ЗААВМУ (употреба на јазикот). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот во целост постапил по изречената мерка и го отстранил прекршувањето.
- **Контролен програмски надзор врз** ТВ КТВ за обврските од членот 64 став 1 од ЗААВМУ (употреба на јазикот). Се утврди дека радиодифузерот во целост постапил по изречената мерка и го отстранил прекршувањето.

- **Контролен програмски надзор** врз ТВ Сител за обврските од членот 50 став 3 од ЗААВМУ во врска со членовите 20 и 21 од ПЗМЛ (начин на аплицирање, изглед и содржина на предупредувачката сигнализација). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречената мерка.
- **Контролен програмски надзор** врз ТВ Сонце за обврските од членот 50 став 3 од ЗААВМУ во врска со членовите 20 и 21 од ПЗМЛ (начин на аплицирање, изглед и содржина на предупредувачката сигнализација), кој покажа дека радиодифузерот постапил по изречената мерка.
- **Контролен програмски надзор** врз ТВ Шења за обврските од членот 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ (изворно создадена програма). Радиодифузерот го отстранил прекршувањето.
- **Контролен програмски надзор** врз ТВ Шења за обврските од членот 50 став 3 од ЗААВМУ во врска со членовите 20 и 21 од ПЗМЛ21 (начин на аплицирање, изглед и содржина на предупредувачката сигнализација). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот делумно постапил по решението за изрекување мерка – јавна опомена, односно го применил точно визуелниот дел од предупредувачката сигнализација, но, текстот што го аплицирал не е оној којшто е пропишан со членовите 20 и 21 од ПЗМЛ, за што до медиумот беше испратен допис во кој му беше укажано каков е правилниот изглед на предупредувачката сигнализација.
- **Контролен програмски надзор** врз ТВ Клан за обврските од членот 50 став 3 од ЗААВМУ во врска со член 22 став 2 од ПЗМЛ (објави за програмите). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот постапил по изречената мерка. При надзорот дополнително беше констатирано дека изгледот на предупредувачката сигнализација во промотивните најави, како и на онаа што е аплицирана за време на емитувањето на програмите од трета (12+) и четврта (16+) категорија не е истоветен како оној што е пропишан со членовите 20 и 21 од ПЗМЛ, за што до медиумот беше испратен допис со укажување за правилниот изглед на предупредувачката сигнализација.
- **Контролен програмски надзори** врз ТВ Едо за обврските од членот 92 став 1 од ЗАВМУ
- (изворно создадена програма), кој покажа дека радиодифузерот постапил по изречената мерка.
- **Контролен програмски надзор** врз ТВ Компани 21-М за обврските од членот 50 став 3 од ЗААВМУ во врска со членовите 20 и 21 од ПЗМЛ (начин на аплицирање, изглед и содржина на предупредувачката сигнализација). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот не постапил по решението за изрекување мерка јавна опомена. Во согласност со член 23 став 1 од ЗААВМУ до Советот на Агенцијата беше доставен предлог за покренување прекршочна постапка.

| **Административни надзори** |
|---|

- **Надзори над исполнувањето на обврските за: објавување импресум, информации за идентификација и доставување извештаи за почитување на програмскиот концепт**

Редовните административни надзори врз радиодифузерите, кои беа реализирани според Годишниот план за вршење административен надзор за 2024 година, се однесуваа на објавување импресум, информации достапни за корисниците и информации за идентификација на радиодифузерот, обврска која радиодифузерите секојдневно треба да ја исполнуваат. Со оглед на тоа дека, со редовните надзори, кај некои радиодифузери беа констатирани прекршувања и им беа изречени мерки јавна опомена, по истекот на рокот за отстранување на повредата на законот, утврден во решението за изрекување мерка, беа реализирани и контролни надзори.

На оние радиодифузери на кои им беа изречени мерки јавна опомена на крајот на 2024 година, контролните надзори ќе бидат реализирани во 2025 година и тие не се опфатени во овој Извештај. Од вкупно 48 спроведени административни надзори, 44 беа редовни, а 4 контролни.

Редовниот административен надзор врз радиодифузерите за достава на извештаите за почитување на програмскиот концепт во 2023 година беше спроведен врз вкупно 98 радиодифузери (40 телевизиски и 58 радио сервиси).

Прегледот на сите административни надзори претставен подолу е организиран според периодот на нивното завршување.

**Јануари**

- **Редовни административни надзори** врз радио програмските сервиси на Јавниот радиодифузен сервис МРА1, МРА2 и МРА3. Со надзорите не беа констатирани прекршувања.
- **Контролен административен надзор** врз телевизискиот програмски сервис на ТВ Телма за почитување на член 14 од Законот за медиуми (импресум). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот во целост постапил по изречената мерка и го отстранил прекршувањето.

**Февруари**

- **Редовни административни надзори** врз телевизиските програмски сервиси на Јавниот радиодифузен сервис МРТ1, МРТ2, МРТ3, МРТ4 и МРТ5, при што не беа констатирани прекршувања.

**Јуни**

- **Редовни административни надзори** врз сите радиодифузери што емитувале радио и телевизиска програма во 2023 година за почитувањето на член 15 став 5 од Законот за медиуми (доставување извештај за спроведување на обврските утврдени во дозволата за радио или телевизиско емитување во 2023 година). Според наодите од надзорите, 98 радиодифузери (40 ТВ и 58 РА) ја исполнија обврската да достават извештаи, и сите тие во 2023 година генерално биле во рамки на своите програмски концепти. Единствено РА ПРО-ФМ не ја исполни обврската да достави извештај до крајот на март 2024 година и поради тоа му беше изречена мерка јавна опомена.
- **Контролен административен надзор** врз телевизискиот програмски сервис на ТВ Гурра за обврските од членот 14 од Законот за медиумите, односно - за објавување на импресумот. Утврдено беше дека контролен надзор не може фактички да се спроведе, затоа што радиодифузерот освен музички спотови не емитуваше никаков друг вид програма со новинарски и со уредувачки ангажман.
- **Контролен административен надзор** врз телевизискиот програмски сервис на ТВ Гурра поради неисполнување на секојдневната обврска од членот 51 од ЗААВМУ – одредени информации да ги направи достапни за корисниците, со кои, покрај физичката и електронската адреса за контакт, ја самоидентификува и ја персонализира сопствената уредувачка одговорност. Бидејќи и натаму не го почитуваше овој член, а со оглед на фактот дека претходниот прекршок беше констатиран во 2023 година, согласно Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст), повторно му беше изречена мерка јавна опомена.

**Јули**

- **Редовни административни надзори** врз националните комерцијални радио програмски сервиси Радио Антена 5, Радио Канал 77, Метрополис Радио и Јон Радио, при што со надзорите не беа констатирани прекршувања.

**Август**

- **Редовни административни надзори** врз пет регионални комерцијални радио програмски сервиси - Радио Зона М1, Радио РФМ, ЕФ-ЕМ 90,3 - Спортско радио, Скај Радио и Урбан ФМ. Со надзорите не беа констатирани прекршувања.

**Септември**

- Контролниот надзор врз РА ПРО ФМ за почитување на член 15 став 5 од Законот за медиуми не се изврши бидејќи во меѓувреме радиодифузерот престана да постои и беше избришан од Регистарот на радиодифузери што емитуваат програма.

**Октомври**

- **Редовни административни надзори** врз националните терестријални комерцијални телевизиски програмски сервиси ТВ Алсат-М, ТВ Алфа, ТВ Канал 5, ТВ Сител и ТВ Телма, при што не беа констатирани прекршувања.
- **Редовни административни надзори** врз националните сателитски комерцијални телевизиски програмски сервиси Наша ТВ и ТВ 24 Вести и не беа констатирани прекршувања.
- **Редовни административни надзори** врз националните комерцијални телевизиски програмски сервиси кои се емитуваат преку ОЈЕКМ - ТВ Компани 21-М, ТВ Шења, ТВ Клан Мацедониа и ТВ Сонце, при што не беа констатирани прекршувања.
- **Контролен административен надзор** врз телевизискиот програмски сервис ТВ Гурра за почитување на член 51 став 1 од ЗААВМУ (информации достапни за корисниците). Со надзорот беше констатирано дека радиодифузерот продолжил да го прекршува членот 51 став 1 од ЗААВМУ, поради што Советот на Агенцијата покрена прекршочна постапка.

**Ноември**

- **Редовни административни надзори** врз шест регионални комерцијални телевизиски програмски сервиси - ТВ Стар, ТВ КТВ, ТВ Вистел, ТВ Коха, ТВ Едо и ТВ Кобра и не беа констатирани прекршувања на административните обврски.
- **Редовни административни надзори** врз пет локални телевизиски програмски сервиси - ТВ Њуз, ТВ Дуе, ТВ Спектра, ТВ Протел и ТВ Свет. Со надзорот беа констатирани прекршувања кај: ТВ Њуз на член 51 став 1 од ЗААВМУ (информации за корисниците) и на член 14 од ЗМ (импресум); а кај ТВ Дуе на член 51 став 1 од ЗААВМУ (информации за корисниците). На овие радиодифузери им беше изречена мерка јавна опомена.

**Декември**

- **Редовни административни надзори** врз програмските сервиси на непрофитните радиодифузни установи Радио Марија – Благовест, Универзитетско Радио Студент ФМ 92.9, Универзитетско Радио УКЛО ФМ и Универзитетско Радио УГД ФМ. Со надзорите беше констатирано дека програмскиот сервис на непрофитните радиодифузни установи Радио Студент ФМ 92.9 и Универзитетско Радио УГД ФМ се состои исклучиво од музика и џинглови, поради што не можеше да се спроведе фактички програмски надзор за почитувањето на член 14 од Законот за медиуми. Во извештаите од надзорот беше предложено спроведување вонреден надзор врз еднонеделната програма за исполнувањето на програмскиот концепт врз основа на кој непрофитните радија добиле дозвола за радио емитување.

- **Исполнување на минималните кадровски услови**

Во 2024 година Агенцијата изврши 70 редовни, 32 вонредни и 4 контролни административни надзори врз радиодифузерите за да утврди дали ги исполнуваат минималните кадровски услови утврдени во „Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување“. Кадровските услови не беа исполнети во четири случаи - кај РА Хит од Скопје, РА Балкан ФМ од Гостивар и кај ТВ Канал Вис од Струмица (два пати).

- Надзорот (вонреден) врз РА Хит беше извршен во јануари и со него беше констатирано дека овој радиодифузер нема најмалку четири лица кои учествуваат во создавањето на програмата, во редовен работен однос и со полно работно време вработени во радиодифузерот, што е спротивно на одредбите од горенаведениот правилник. Имајќи го предвид ова, Агенцијата покрена постапка за одземање на дозволата за радиоемитување. Истиот месец на РА Хит му беше направен и контролен надзор, со кој повторно се потврди дека радиостаницата не ги исполнува минималните кадровски услови, при што беше даден предлог да и се одземе дозволата за вршење на дејноста. Меѓутоа, на седницата кога Советот на Агенцијата требаше да одлучува по ова прашање, на барање на радиодифузерот, а во рамки на законските рокови, донесувањето на одлуката беше одложено. РА Хит во меѓувреме достави документи врз основа на кои беше направен вонреден надзор со кој беше констатирано дека ги исполнува кадровските услови потребни за вршење на дејноста, односно во радиото во редовен работен однос со полно работно време биле вработени четири лица кои учествуваат во создавањето на програмата и одговорниот уредник на програмскиот сервис бил во редовен работен однос. Поради тоа, Агенцијата ја запре покренатата постапка за одземање на дозволата;

- Надзорот (вонреден) над РА Балкан ФМ исто така беше спроведен во јануари. Овој радиодифузер е должен во редовен работен однос со полно работно време да има вработено најмалку две лица кои учествуваат во создавањето на програмата и одговорниот уредник да биде во редовен работен однос. Надзорот покажа дека радиостаницата не го исполнува овој услов, поради што Агенцијата покрена постапка за одземање на дозволата и ја извести дека доколку не ја достави потребната документација од којашто ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови, Советот на Агенцијата, во рок од 15 дена од денот на приемот на предлогот од директорот за покренување постапка, ќе донесе одлука за одземање на дозволата за радиоемитување. Во рамки на овој рок РА Балкан ФМ достави документи од кои беше видно дека ги исполнува кадровските услови, при што беше направен контролен надзор и беше запрена претходно покренатата постапка за одземање на дозволата;

- Во јули, по извршен вонреден административен надзор над ТВ Канал Вис, беше покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на овој радиодифузер поради тоа што не го

исполнувал условот да има пет вработени во редовен работен однос и со полно работно време кои учествуваат во создавањето на програмата и одговорниот уредник да биде во редовен работен однос. Дека не ги исполнува минималните кадровски услови беше потврдено и со контролниот надзор што беше спроведен по покренувањето на постапката. Имајќи го предвид ова, Агенцијата ја одзеде дозволата за емитување програма на оваа телевизија. Сепак, дозволата му беше вратена откако беше поведен управен спор пред надлежен суд и откако телевизијата достави до Агенцијата документи од кои беше видно дека ги исполнува потребните кадровски услови за вршење на дејноста;

- Со редовен административен надзор на ТВ Канал Вис, кој овојпат беше спроведен во декември, повторно беше констатирано дека телевизијата не ги исполнува минималните кадровски услови. Поточно, радиодифузерот имал пет вработени кои учествувале во создавањето на програмата, но одговорниот уредник не бил во редовен работен однос и со полно работно време ангажиран во радиодифузерот. Имајќи го предвид ова, беше покрената постапка за одземање на дозволата на оваа телевизија. И со контролниот надзор кој беше извршен истиот месец беше констатирано дека радиодифузерот не ги исполнува минималните кадровски услови, поради што Агенцијата му ја одзеде дозволата за телевизиско емитување

За да може ефикасно и непречено да ја остварува својата надлежност во однос на следењето на исполнувањето на минималните кадровски услови од страна на радиодифузерите, АВМУ достави Барање до Агенцијата за вработување на РСМ за проширување на опфатот на веќе потпишаниот Меморандум за соработка. Барањето се однесува на потребата за овозможување редовен пристап до податоците со кои располага Агенцијата за вработување, а кои се однесуваат на вработените лица во радиодифузерите, особено на лицата кои се распоредени на работни места кои учествуваат во создавањето на програмата.

- **Следење на обврската за плаќање на годишниот надоместок за дозвола за телевизиско или радио емитување за 2024 година**

Следејќи го исполнувањето на обврската за плаќање на надоместокот за дозволата за телевизиско и радиоемитување, Агенцијата спроведе вкупно 21 надзор над радиодифузери што не ја исполнија оваа обврска во законски утврдениот рок. Станува збор за: ТВ Ера, ТВ Шутел, ТВ Едо, ТВ Калтрина, ТВ Кочани ЛД, РА РФМ Скопје, РА Хит Скопје, РА Валандово, РА Александар Македонски, РА Галакси 2002-Кавадарци, РА Хит Струмица, РА Ред ФМ Тетово, РА Мерак 5 ФМ Велес, РА Про-ФМ Гостивар, РА Ускана-Плус Кичево, ТВ Сонце, ТВ Шења, РА Јон, ТВ Канал-Вис Струмица, РА Балкан ФМ Гостивар и ТВ Њуз Куманово.

ТВ Ера и РА Мерак 5 ФМ го платија надоместокот пред да се покренат постапки за одземање на дозволите, а за останатите 19 радиодифзуери Агенцијата покрена постапки. 12 од нив го платија надоместокот во времетраењето на постапката, а за останатите седум (ТВ Шутел, РА Хит од Скопје, РА Александар Македонски, РА Про ФМ, РА Ускана-Плус, ТВ Канал Вис и РА Балкан ФМ) Агенцијата донесе одлуки за одземање на дозволите за вршење на дејноста. Четири од овие одлуки беа поништени (подетално во делот – Дозволи за телевизиско и радио емитување). По овој основ беа одземени дозволите на три радиодифузери - РА Хит Скопје, РА Балкан ФМ Гостивар и РА Ускана-Плус Кичево.

- **Надзори во врска со други обврски на радиодифузерите**

Во 2024 година, Агенцијата по службена должност изврши вонреден административен надзор над ТВ Гурра и констатираше дека телевизијата, во периодот од 13 јуни до 3 септември не емитувала најмалку шест часа

дневно програма, односно престанала со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини, што е спротивно на одредбите од ЗААВМУ. По спроведениот надзор, а непосредно пред Агенцијата да ја покрене постапката за одземање на дозволата за телевизиско емитување, радиодифузерот ја извести Агенцијата дека го усогласил своето работење и започнал со емитување програма, што беше потврдено и со проверка од страна на стручната служба во Агенцијата.

**Стручен надзор**

За да се утврди дали ги исполнува техничките услови во согласност со дозволата за телевизиско емитување, во 2024 година беше извршен стручен надзор над регионалната телевизија КТВ од Кавадарци, со кој беше констатирано дека ги исполнува потребните технички услови за емитување програма на регионално ниво.

## ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

Радиодифузерите имаат обврска да обезбедат јавност во своето работење кон регулаторот (согласно член 15 став 1 од Законот за медиуми) и кон јавноста (согласно член 15 став 3 од Законот за медиуми).

Обврската за јавност кон регулаторното тело се должни да ја исполнат на начин што најдоцна до 31 март во тековната година ќе му достават податоци за сопственичката структура, за уредништвото и за економското работење во претходната година. За да констатира дали ја исполниле оваа законска обврска во 2024 година, Агенцијата во април изврши редовен административен надзор над сите радиодифузери што емитуваат програма (вкупно 99). Со надзорот беше утврдено дека обврската не ја исполниле само две локални радиостаници – РА Галакси од Кавадарци и РА Про-ФМ од Гостивар, поради што Агенцијата им изрече мерки јавни опомени и им даде дополнителен рок од 45 дена да го усогласат нивното работење со Законот за медиуми. РА Галакси постапи во целост по опомената, додека РА Про-ФМ не ги достави до Агенцијата потребните податоци ниту во дополнителниот рок, поради што му беше одземена дозволата за радиоемитување.

Обврската за јавност кон публиката радиодифузерите се должни да ја исполнат најмалку три пати годишно, на начин што податоците за сопственичката струкура, одговорниот уредник/уредници и изворите на финансирање во претходната година ќе ги објават на сопствената програма во ударни термини и снимка од објавата ќе достават до Агенцијата во рок од 15 дена од денот на објавувањето. Исполнувањето на оваа обврска во 2024 година Агенцијата го следеше преку вршење административни надзори, така што во текот на годината беа спроведени три редовни надзори (во април, во јули и во ноември) со кои беа опфатени сите радиодифузери кои емитуваа телевизиска и радиопрограма. Беше констатирано дека горенаведената обврска во првиот и вториот рок утврден од страна на Агенцијата (најдоцна до 31 март и 30 јуни) ја исполниле сите радиодифузери, додека во третиот рок (најдоцна до 31 октомври) не ја исполни само регионалната телевизија Канал Вис од Струмица, поради што беше даден предлог да и се изрече мерка јавна опомена. Агенцијата во меѓувреме и ја одзеде дозволата за вршење на дејноста на оваа телевизија поради неисполнување на минималните кадровски услови, па сите понатамошни активности кон овој радиодифузер во врска со неисполнувањето на обврската за обезбедување јавност беа прекинати.

# ЗАШТИТА НА ПЛУРАЛИЗМОТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА СОПСТВЕНОСТА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

## Следење на промените на сопственоста на радиодифузерите

За да ги следи промените во сопственичката структура на радиодифузерите, Агенцијата во 2024 година вршеше вонредни административни надзори, како и редовни проверки на веб страницата на Централниот регистар на РС Македонија, каде што секојдневно се објавуваат сите промени на трговските друштва.

Користејќи ги податоците за сопствениците со кои располагаше Агенцијата и податоците од новите тековни состојби што радиодифузерите и ги доставија во рамки на исполнувањето на обврската од член 15 став 1 од Законот за медиуми (обезбедување јавност во работењето), во април беше спроведен вонреден надзор над сите телевизии (вкупно 40), а во јуни над сите радиостаници (вкупно 59), а со цел да се провери дали некој радиодифузер извршил промена на сопственоста без претходно да ја извести Агенцијата и пред Агенцијата да ја одобри промената. Со надзорите не беа констатирани прекршувања.

Во октомври беше спроведен вонреден надзор над радиостаницата Ррапи од Струга, со кој беше констатирано дека овој радиодифузер спровел промена на сопственичката структура без претходно да ја извести Агенцијата (што е спротивно на член 41 став 1) и без истата да биде одобрена од страна на Агенцијата (што е спротивно на член 41 став 2). Со промената, од сопственичката структура целосно истапило физичкото лице Фисник Бектеши од Струга, а пристапило физичкото лице Енди Бектеши од Струга, како единствен сопственик на радиостаницата. Согласно ЗААВМУ, пред да ја изрече мерката јавна опомена, Агенцијата побара од радиодифузерот да се изјасни во писмена форма за стореното прекршување. Во меѓувреме РА Ррапи достави писмена изјава со која извести дека престанува со емитување програма, со што престана да важи и нејзината дозвола за радиоемитување.

## Постапување по поднесени известувања за промена на сопственичката структура

Во 2024 година по претходно донесена одлука од страна на Агенцијата, со која се одобрува планирана промена, четири радиодифузери спроведоа промена на сопственичката структура. Станува збор за следните промени:

- истапување на правното лице ЦАБЛЕ 24 ДОО Линц, Австрија од сопственоста на **ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип** и пристапување на правното лице ЦОМНЕТ 328 ДОО Белград, Србија;
- пренесување на 30% од уделот во сопственоста на **ТРД РАДИО КАВАДАРЦИ ДООЕЛ Кавадарци** од физичкото лице Трајанка Митрова на физичкото лице Златко Ѓорчев;
- истапување на физичкото лице Имихане Велија од сопственоста на **ТРД АЛСАТ-М ДОО Скопје** и пренос на нејзиниот удел на физичкото лице Ферик Велија, кое веќе поседуваше удел од 0,07 во сопственоста на оваа телевизија; и
- истапување на физичкото лице Мерита Адиљи од сопственоста на **ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево** и пристапување на физичкото лице Кастриот Исеиноски.

ТВ 24 Вести ја реализираше промената во февруари, РА Кавадарци и ТВ Алсат-М во јули, а ТВ Гурра во декември 2024 година.

Во февруари 2024 година, ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје ја извести Агенцијата дека планира да спроведе промена со која од сопственоста на радиодифузерот ќе истапи правното лице Акционерско друштво ТВ Клан од Тирана, Албанија, а ќе пристапи физичкото лице Фатон Шоши од Приштина, Косово. Откако констатираше дека со планираната промена не се создава недозволена медиумска концентрација, односно дека истата не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став (2) и 38 од ЗААВМУ, Агенцијата донесе одлука со која ја одобри промената на сопственоста. Поради тоа што измина подолг временски период (десет месеци) а радиодифузерот не ја спроведе промената во Централниот регистар на РС Македонија, во јануари 2025 година, Агенцијата донесе Решение со кое се прекинува постапката по повод Известувањето доставено од ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје и Одлуката со која се дозволи промената на сопственичката структура. Агенцијата побара од Владата на РС Македонија до Претседателот на Собранието на РС Македонија да поднесе барање за давање автентично толкување на членот 42 став 1 од ЗАВМУ, во смисла дали доставени податоци од радиодифузер пред шест месеци или повеќе, врз основа на кои е донесена одлука со која се дозволува промена во сопственичка структура на радиодифузер, која истиот не ја реализирал, можат да се сметаат за точни и/или целосни во смисла на член 42 став 1 од ЗАВМУ, или истите со истекот на периодот од шест месеци или повеќе станале неточни и/или нецелосни, што е основ за поништување на донесена одлука со која се дозволува промена во сопственичка структура на радиодифузер. Прекинот на постапката, согласно Решението на Агенцијата, трае додека надлежниот орган - Собранието на РС Македонија не го реши претходното прашање – давање на автентичното толкување.

**Следење на сопственичката структура на радиодифузерите од аспект на почитувањето на законските одредби поврзани со ограничувањата за стекнување сопственост и спречувањето недозволена медиумска концентрација**

Со оглед на тоа што во 2024 година се одржаа претседателски и парламентарни избори, а имајќи ја предвид забраната од ЗАВМУ за стекнување сопственост, според која политички партии, државни органи, органи на државна управа, јавни претпријатија, единици на локална самоуправа, носители на јавни функции и членовите на нивните семејства не можат да вршат радиодифузна дејност, ниту да бидат основачи, соосновачи или да се здобиваат со учество во сопственоста на радиодифузерите, Агенцијата испрати допис до сите радиодифузери и им укажа да го усогласат работењето со одредбите од ЗААВМУ доколку после изборите настанале промени што може да доведат до прекршување на овие одредби.

Во врска со оваа законска забрана, а врз основа на постоење сознанија дека сопственикот и управителот на РА Плус Форте од Тетово е во роднинска врска со носител на јавна функција, односно со лице кое по завршувањето на парламентарните избори беше избрано за пратеник во Собранието на РС Македонија, Агенцијата побара од РА Плус Форте од Тетово да ја извести дали овие лица се во роднинска врска, односно дали се членови на семејство во смисла на ЗААВМУ (според овој закон, членови на семејство се брачниот и вонбрачниот другар, родители, деца, браќа и сестри, посвојувачи и посвоени деца, како и лица кои живеат во заедничко домаќинство). Во јануари 2025 година радиодифузерот ја информираше Агенцијата дека има роднинска поврзаност помеѓу овие лица, но и дека презема активности за усогласување на своето работење со одредбите од ЗААВМУ. Во февруари 2025 година побара од регулаторот согласност за промена на сопственичката структура.

### Транспарентност на медиумската сопственост

Во 2024 година Агенцијата редовно ги ажурираше податоците за сопствениците на радиодифузерите на својата веб страница, овозможувајќи и на тој начин на јавноста лесен пристап и увид во нив.

Во јуни, беше изработена публикацијата „Сопственоста на медиумите во 2024 година“, во која се прикажани податоци не само за лицата кои се директни сопственици, туку претставена е и сопственичката структура до крајните сопственици на радиодифузерите и на издавачите на печатени медиуми. Освен тоа, публикацијата содржи и податоци за промените во сопственоста на радиодифузерите во 2023 година, како и за случаите на постоечката интеграција на капиталот меѓу радиодифузерите. И оваа публикација е достапна на веб страницата на Агенцијата[3].

## МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА

### Мрежа за медиумска писменост

Во 2024 година, на Мрежата за медиумска писменост ѝ се приклучија Здружението на граѓани „Од станица до граница“ и Институтот за медиуми и аналитика ИМА Скопје, така што таа, на крајот на 2024 година броеше вкупно 87 членови.

На почетокот на годината Мрежата стана членка на Асоцијацијата за медиуми и учење/Media & Learning Association на нивна покана, што по себе повлече повеќе меѓународни активности, како што е наведено подолу.

АВМУ продолжи да ја администрира мејл-групата на Мрежата за медиумска писменост, преку која се одвива комуникацијата и споделувањето на информациите помеѓу членовите, како и да ја одржува веб-страницата www.mediumskapismenost.mk, во рамките на својата законска обврска да ја поттикнува медиумската писменост во земјава низ соработка со релевантните чинители (член 26 од ЗААВМУ). И во 2024 година, сите информации за настани организирани од членовите на Мрежата, материјалите и ресурсите што ги изработиле, беа споделувани и на профилите на социјалните мрежи Фејсбук и Инстаграм, и на Јутјуб каналот на Мрежата кои, исто така, се администрирани од страна на вработени во Агенцијата.

На годишниот состанок на Мрежата за медиумска писменост, кој се одржа онлајн на 15 ноември, членовите на Мрежата избраа нови членови на координативната група и се изврши реизбор на дотогашната координаторка на Мрежата.

### Денови на медиумска писменост 2024

Од 28 октомври до 4 ноември, под мотото „Твојата свесност е најважниот филтер!“ се одржаа Деновите на медиумска писменост 2024 (ДМП 2024). Во нивната организација учествуваа 15-тина членки на Мрежата за медиумска писменост и нивни поддржувачи, а се одржаа 22 разновидни настани на различни локации, преку кои Мрежата даде свој придонес во одбележувањето на Глобалната недела на медиумска и информациска

[3] Достапна на: Сопственоста-на-медиумите-во-2024-година.pdf

писменост на УНЕСКО. Оваа година темата на Деновите на медиумска писменост беше „Медиумска и информациска писменост за информирање во јавен интерес“.

ДМП 2024 беа отворени со Конференцијата „Политики за медиумска писменост во ерата на вештачката интелигенција“, која се одржа во Музејот на македонската борба за самостојност во Скопје, на која свое обраќање имаше директорот на АВМУ д-р Зоран Трајчевски, како и претставниците од другите членки на Мрежата кои организираа свои настани во рамки на ДМП 2024. Конференцијата опфати три панели. На првиот панел, што го организираше АВМУ, се одржа работилницата „Вештачката интелигенција и авторските права“, со д-р. Ханес Хенке, експерт од СР Германија, ангажиран преку Твининг проектот „Зајакнување на капацитетите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Јавниот радиодифузен сервис“. На вториот панел, организиран од Хелсиншкиот комитет за човекови права, се дискутираше на тема „Етика во користењето на вештачката интелигенција“, додека на последниот панел „Политики за развој на свесноста за ризиците од дезинформации“, организиран од Институтот за истражување на општествениот развој РЕСИС, беа презентирани компаративните наоди од Мониторот на медиумскиот плурализам во дигиталното доба (МПМ 2024), за индикаторите медиумска писменост и заштита од дезинформации.

На 29 октомври имаше три настани. Во Собранието на РС Македонија беше одржана панел дискусија на тема „Медиумската писменост и младите“, во организација на Младински образовен форум (МОФ) и ИРЕКС во рамки на проектот на УСАИД за медиумска писменост „Младите размислуваат“. Во СОУ Гимназија „Гоце Делчев“, Куманово, се одржа работилницата „Медиумска лабораторија: Препознавање дезинформации и креирање медиумски содржини“, во организација на Институтот за комуникациски студии во рамки на проектот „Користи факти“, и панел дискусијата на тема „Увезени дезинформации (фокус на Олимписките игри 2024) – Студија на EUvsDisinfo”, во организација на Делегацијата на Европска Унија во Europe House во Скопје.

На 30 октомври се одржаа 4 настани во рамки на ДМП. Во организација на Македонскиот институт за медиуми (МИМ) и ИРЕКС, а во рамки на проектот на УСАИД за медиумска писменост „Младите размислуваат“, беше одржана „Национална конференција за медиумска писменост во образованието“. Истиот ден, во Скопје се одржа панел дискусија „Зајакнување на новинарскиот интегритет и одговорност: низ призмата на делувањето на медиумите во постизборниот период и потребата од Академија за обука на новинари и медиумски работници“, во организација на ЗНМ и ИФЕС, а во младинскиот центар во Кавадарци - работилницата „Паметно живеење во дигиталниот свет – можности и предизвици“, во организација на Македонскиот институт за медиуми и Делегацијата на Европската Унија. Програмата на Радио Канал 77 беше посветена на медиумската писменост, под мотото „Радиото ја слави медиумската писменост“.

На 31 октомври се одржаа три работилници, од кои две - „Вештачка интелигенција: можности и ризици“ и „Медиумската писменост и средношколците“ беа организирани од АВМУ во рамки на Твининг проектот „Зајакнување на капацитетите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Јавниот радиодифузен сервис“, со учество на експерти од Сојузна Република Германија. Третата работилница - „Медиумска лабораторија: Препознавање дезинформации и креирање медиумски наративи“, се одржа во СУГС „Георги Димитров“, Скопје, во организација на ИКС, во рамки на проектот „Користи факти“.

На 1 октомври се одржаа четири настани: Отворен медиумски ден во Радио МОФ, отворена седница на Комисијата за жалби на СЕММ „Предизвици за медиумската саморегулација“, работилница „Паметно живеење во дигиталниот свет – можности и предизвици“ во Europe House, Струга, во организација на МИМ и ДЕУ, и онлајн вебинар „Дезинформации на Западен Балкан: Трендови, предизвици и одговори“, рганизиран од Фондацијата Метаморфозис.

На 2 октомври се одржа еден онлајн настан, видео дискусија „Дигиталниот живот на младите", во организација на Радио МОФ.

Деновите на медиумска писменост 2024 се затворија на 4 октомври со три настани, од кои два со физичко присуство на различни локации, а еден видео прилог „Новинарите и вештачката интелигенција" од Радио МОФ. Во Хотел Арка се одржа работилницата „Препознавање и одговор на говорот на омраза", во организација на СЕММ и ОБСЕ, а Лице в лице и ГРИТ, во рамки на проект кофинансиран од ЕУ, организираа работилница „Лице в лице дурбин – кокреираме приказни кои прават промена" во Младинскиот центар во Пробиштип. Годишниот состанок на Мрежата за медиумска писменост, кој беше планиран за овој ден, се одржа онлајн на 15 ноември, како последна активност на ДМП 2024, на кој беа избрани нови членови на координативната група и беше реизбрана координаторката на Мрежата.

**Активности за истражувањето на компетенциите за медиумска писменост на децата**

На вториот јавен состанок за 2024 година, Агенцијата го промовираше Истражувањето на медиумската писменост кај учениците во прва и втора година средно образование, организирано и финансирано од АВМУ, во соработка со проектот на УСАИД за медиумска писменост „Младите размислуваат", што го спроведуваат ИРЕКС, Македонскиот институт за медиуми, Институтот за комуникациски студии и Младинскиот образовен форум, а со поддршка на Министерството за образование. Истражувањето по нарачка на АВМУ го спроведе Агенцијата Рејтинг.

Целта на истражувањето беше да се направи таргетирана проценка на состојбата кај младите во оваа област, поточно да се истражат мислењата, навиките и перцепцијата на учениците, со фокус на нивната способност за разбирање на медиумските пораки кои секојдневно се пренесуваат преку различни медиуми и канали за информирање. Со ова истражување АВМУ обезбеди релевантни податоци кои можат да бидат користени во сите наредни реформски зафати, зашто е направено врз репрезентативен примерок од сите ученици кои кон крајот на 2023 беа запишани во прва и втора година средно образование во гимназиите и во стручните училишта. Освен што даде генерални податоци за средношколците од првите две години, истражувањето, таму каде што постоеја специфичности, даде и поединечни податоци за гимназијалците и за учениците во стручните училишта, како и заклучоци и препораки. Истражувањето беше спроведено врз репрезентативен примерок од 884 испитаници од 40 средни училишта во 19 општини, и во него, меѓу другото, се детално анализирани користењето и употребата на електронската опрема од страна на учениците, препознавањето содржини и критичкото размислување за информациите добиени преку телевизија и интернет, најчесто користените социјални мрежи, навиките за играње игри итн. Агенцијата го контролираше, го коригираше, го одобри и го отпечати извештајот, ИРЕКС обезбеди дизајн за публикацијата и лектура на текстот, а истражувањето е објавено и на албански и на англиски јазик и достапно и онлајн[4] и во печатено издание. Податоците од Истражувањето на медиумската писменост кај учениците во прва и втора година средно образование беа презентирани и на онлајн состанокот на работната група за медиумска писменост на Медитеранската платформа на регулаторни тела (МНРА), кој се одржа во септември.

**Други активности на АВМУ за медиумска писменост**

Претставници на Агенцијата, во текот на 2024 година беа активни во поттикнувањето на развојот на медиумската писменост во земјата и во странство.

[4] Достапно на: www.mediumskapismenost.mk

Од домашните активности, на почетокот на годината вработени во Агенцијата учествуваа на онлајн состанок, организиран во рамки на регионалниот проект „Нашите медиуми: Иницијатива за унапредување на медиумската писменост, дијалог и активизам“, ко-финансиран од Европската Унија. На него беа претставени наодите од истражувањата за саморегулација, спроведени во сите земји опфатени со проектот - Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Србија, Турција, Црна Гора и нашата земја, која во проектот беше претставена преку Македонскиот институт за медиуми. Во февруари, повеќе претставници на Агенцијата учествуваа на третиот годишен меѓународен симпозиум „Медиумската писменост во добата на вештачката интелигенција: проширување на границите на возможното“, кој Институтот за комуникациски студии (ИКС) и ИРЕКС го организираа во рамки на проектот на УСАИД за медиумска писменост „Младите размислуваат“. Симпозиумот ја истражуваше темата на конвергенција на медиумската и информациската писменост со доменот на вештачката интелигенција (AI), која забрзано се развива.

Во март, претставник на АВМУ учествуваше на предавање на литванскиот експерт д-р Неријус Малиукевичиус, насловено „Рушење на ѕидовите од дезинформации", во организација на Europe House Скопје преку соработката на Делегацијата на Европската Унија, Канцеларијата на Амбасадата на Република Литванија во Северна Македонија и Правниот факултет „Јустинијан Први".

Во октомври, претставник на Агенцијата учествуваше на работилница со Игор Канижај од Факултетот за политички науки во Загреб, со кого Институтот за комуникациски студии, во рамки на „Младите размислуваат“, работи на утврдување на стандардите за компетенции за МП. Претставничка на Агенцијата учествуваше на панел дискусија за медиумската писменост кај младите која, во рамки на Деновите на медиумска писменост 2024, беше организирана од Младинскиот образовен форум, како дел од проектот „Младите размислуваат“, а во соработка со Клубот за младински прашања и политики во Собранието на Република Северна Македонија. Претставничката на АВМУ говореше за Мрежата за медиумска писменост и за активностите на Агенцијата во поглед на прилагодувањето на медиумските содржини за лицата со сетилна попреченост.

Во ноември, претставничка на Агенцијата учествуваше на третиот и последен состанок на Советодавниот одбор на проектот „Инклузивно и креативно медиумско образование (ИКМЕ)“, што заеднички го спроведуваа Институтот за комуникациски студии, Националниот аудиовизуелен институт – KAVI од Финска и Универзитетот во Фиренца од Италија, а се имплементираше во периодот 2023 – 2024 година со поддршка на програмата „Креативна Европа“ на Европската Унија.

Во периодот ноември-декември, претставничка на АВМУ учествуваше во проектот „Национална лабораторија за млади, медиумска писменост и дигитализација“, во организација на НВО Инфо центар. Паралелно се одржуваа и национални и регионални онлајн средби на кои, домашни, односно претставници од повеќе држави од регионот дискутираа за состојбата со нивото на медиумска писменост кај младите и активностите што треба да се преземат. Од проектот ќе произлезат препораки како за македонското општество, така и за државите од регионот.

Како дел од напорите за поттикнување на медиумската писменост кај децата и младите, во просториите на Агенцијата се одржаа две работилници за медиумска писменост, на кои учествуваа повеќе од 60 ученици и неколку наставници од четири скопски основни училишта.

На работилницата на 20 декември, пред учениците од скопските основни училишта „Кирил Пејчиновиќ“, „Кирил и Методиј“ и „Јан Амос Коменски“ зборуваа претставнички на Бирото за развој на образованието и на АВМУ, кои го потенцираа значењето на медиумската писменост, колку таа е важна во денешниот свет на моќни медиуми, како и начините како да се заштитат од штетни содржини на виртуелните платформи.

Оваа работилница беше организирана од Македонскиот институт за медиуми и претставуваше дел од проектот на УСАИД за медиумска писменост „Младите размислуваат“.

На работилницата за ученици од ОУ „Гоце Делчев од Скопје, која се одржа на 24 декември, претставничка на АВМУ презентираше и практични примери како младите да не станат мета на несовесни лица кои можат да ги злоупотребат нивните лични податоци, како да бидат безбедни онлајн и како да препознаат дали одредена содржина е вистинита или е создадена со помош на вештачката интелигенција.

На крајот од годината, претставничка на Агенцијата имаше онлајн интервју со експертки од УСАИД ангажирани за проценка на успешноста на проектот на УСАИД за медиумска писменост „Младите размислуваат“.

Како дел од подигањето на свеста за медиумската писменост, Агенцијата беше активна и преку меѓународни активности кои се однесуваа особено на соработката во рамките на ЕМИЛ (работна група за медиумска писменост на Европската платформа на регулаторни тела – ЕПРА), ЕРГА (Европска група на регулаторни тела), МНРА (Медитеранската мрежа на регулаторни тела) и др. Така во февруари и април се одржаа два состаноци на Управувачката група на ЕМИЛ, на кои учествуваше претставничката на Агенцијата во оваа мрежа на ЕПРА. Во декември, на 16 онлајн состанок на ЕМИЛ, претставничка на Агенцијата ги информираше останатите членови за тоа како поминаа Деновите на медиумска писменост 2024.

Оваа година во февруари, Мрежата за медиумска писменост стана членка на Асоцијацијата Медиуми и учење/Media & Learning Association на нивна покана. Во рамки на посебната интересна група за медиумска писменост во Асоцијацијата, координаторката на Мрежата за медиумска писменост учествуваше во повеќе онлајн активности, меѓу кои може да се издвојат: онлајн дискусијата за подготовките за годишната конференција на Асоцијацијата во Лувен (Белгија), на која беа разменети и информации за тековни проекти на членките, како и прегледувањето и онлајн гласањето на Групата за најдобра сторија за медиумска писменост во 2023 година, објавена во билтенот на веб страницата на Асоцијацијата. Во април, Мрежата ѝ даде поддршка на Асоцијацијата запредлог-проектот „Ставање во функција на Европскиот совет за стандарди и најдобра практика во медиумската писменост“ да учествува на отворениот повик за предлози „Медиумска и информациска писменост за општествено издржливост“ на Европскиот медиумски и информативен фонд (EMIF), а во октомври им даде поддршка на Насоките на ЕДМО за ефективни иницијативи за медиумска писменост. Двете поддршки беа дадени по барање од Асоцијацијата за медиуми и учење. Во октомвриското издание на онлајн билтенот на Асоцијацијата беше објавен текст со наодите од Истражувањето на медиумската писменост кај учениците во прва и втора година средно образование[5].

Во октомври, претставничка на Агенцијата имаше средба со претставници на Институтот за комуникациски студии од Скопје, Финскиот национален аудиовизуелен институт KAVI и Универзитетот во Фиренца, кои ја посетија Агенцијата во рамки на проектот Инклузивна и креативна медиумска писменост (ICME). На средбата, претставничката на АВМУ ги претстави активностите на Агенцијата на полето на медиумската писменост.

## Обезбедување пристапност за лицата со сетилна попреченост

За време на Претседателските и на Парламентарните избори што се одржаа пролетта 2024 година, меѓу другото, Агенцијата вршеше надзор за тоа дали радиодифузерите ја почитуваа обврската која произлегува

[5] Macedonian youngsters know about critical thinking and internet safety but do they apply what they know?, достапно на: https://media-and-learning.eu/subject/media-literacy/macedonian-youngsters-know-about-critical-thinking-and-internet-safety-but-do-they-apply-what-they-know/

од измените и дополнувањата на Изборниот законик од 11 март 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.58/2024), со кои беше дополнета законската одредба која утврдува дека Јавниот радиодифузен сервис и приватните телевизии на државно ниво кои објавуваат платено политичко рекламирање за време на изборни процеси, ќе обезбедат пристапност до изборни информации за лицата со сетилна попреченост. Со дополнувањето беше прецизирано дека сите овие медиуми се должни за време на изборната кампања да обезбедат пристапност на едно издание на вестите на дневно ниво, како и на уште една програма во која се третираат прашања поврзани со изборите, а се емитува најмалку еднаш неделно, во периодот од 16.00 - 24.00 часот. Обврска за емитување содржини во пристапен формат за лицата со попреченост за време на изборите имаа МРТ 1, МРТ 2, ТВ Алфа, ТВ Алсат М, ТВ Канал 5, ТВ Сител, ТВ Телма, ТВ Компани 21-М, ТВ Шења, ТВ Клан Мацедониа, ТВ Сонце, ТВ 24 Вести и Наша ТВ. Иако немаше обврска, програма пристапна за лицата со сетилна попреченост емитуваше и регионалната ТВ М од Охрид. АВМУ ги објави информациите добиени од радиодифузерите на својата веб страница, за што подготви и објави посебен преглед „Содржини поврзани со изборниот процес што ќе се емитуваат во формат достапен за лицата со попреченост“[6].

Со оглед на фактот дека ова беше првпат да се исполнува обврската за пристапност, по првите пет дена од мониторингот, Агенцијата со допис ги извести радиодифузерите за тоа кои се слабостите кои беа забележани. До крајот на кампањата, со надзорот беше констатирано дека, освен ТВ Клан Мацедониа, сите други ја почитуваа обврската од Изборниот законик и обезбедија пристапност на дел од своите содржини за време на изборните кампањи за двата изборни процеси. Против ТВ Клан Агенцијата поведе прекршочна постапка поради тоа што не ја исполни обврската.

Обезбедувањето пристапност до содржините за лицата со сетилна попреченост за време на изборите беше добар вовед за новите обврски на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги поврзани со пристапноста, што произлегоа од измените на ЗААВМУ направени во јули 2023 година, со цел негово усогласување со ревидираната Директива на ЕУ за аудиовизуелни медиумски услуги од 2018 година. Врз основа на измените на ЗААВМУ, по неколкумесечна јавна расправа, која започна во март со јавна презентација на Нацрт – Правилникот за пристапност до медиумските услуги, Советот на Агенцијата во јули усвои Правилник за пристапност до медиумските услуги[7]. Правилникот беше изработен со експертска поддршка во рамки на проектот ПРОФРЕКС, финансиран од ЕУ и Советот на Европа. Тој го пропишува начинот како давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (радио, ТВ и медиумски услуги видео по барање) континуирано и прогресивно да спроведуваат соодветни и пропорционални мерки за нивните услуги да бидат попристапни за лицата со оштетен слух и вид.

Со Правилникот, телевизиите на државно ниво и аудиовизуелните медиумски услуги по барање се задолжуваат во 2025 година (првата година по влегување во сила на Правилникот) да им обезбедат пристапност на лицата со сетилна попреченост до одреден обем свои содржини, кои секоја наредна година прогресивно ќе се зголемуваат. Сите радија и телевизиите на регионално и локално ниво, доколку е применливо, се обврзуваат да емитуваат пристапни програми подготвени од други радиодифузери или продуценти. Исто така, сите радио и ТВ програмски сервиси, како дел од обврската за пристапност треба да обрнат внимание на известувањето за лицата со попреченост, односно да обезбедат прецизно и избалансирано прикажување на попреченоста како дел од секојдневниот живот и да ги промовираат правата и достоинството на лицата со попреченост во сите области. Сите пристапни програми треба

[6] Прегледот Содржини поврзани со изборниот процес што ќе се емитуваат во формат достапен за лицата со попреченост, како и други информации за пристапноста за време на изборниот процес се достапни на веб страницата на АВМУ.

[7] Правилникот, и сите други материјали произлезени од активностите на Агенцијата се достапни на посебниот дел од веб страницата на Агенцијата, посветен на пристапноста.

соодветно да бидат означени и во самопромотивните најави на телевизиите и во каталозите на услугите по барање.

Со цел да биде дополнително објаснето како да ги исполнат обврските за континуирано и прогресивно да обезбедат пристапност на програмите за лицата со сетилна попреченост, Агенцијата во декември одржа работни состаноци со претставници на националните телевизии и со давателите на услугите видео по барање.

Сите даватели на аудиовизуелни медиумски услуги на крајот на 2024 година и почетокот од 2025 година доставија акциски планови за пристапност за 2025 година, а од 2026 година ќе доставуваат и годишни извештаи за исполнување на обврските за пристапност. Агенцијата ги сублимира доставените акциски планови и ќе подготви преглед за тоа кои медиумски содржини ќе бидат прилагодени за лицата со сетилна попреченост, кој ќе биде постојано достапен на нејзината веб страница. Во текот на годината пак, ќе врши надзор за почитувањето на преземените обврски од страна на медиумските услуги.

Дополнително, адресата за електронска пошта dostapnost@avmu.mk, воспоставена од Агенцијата, е онлајн контакт точка за прашања поврзани со пристапноста на медиумските услуги. Оваа контактна точка може да се користи за: обезбедување информации во врска со пристапноста на услугите за лицата со попреченост; поднесување претставки од заинтересирани лица, организации и др.; поднесување на годишните акциски планови и извештаи/информации од медиумските услуги; размена на други релевантни информации и сл.

Сакајќи и самите да бидат што подобро обучени за начините на кои се обезбедува пристапност, претставници на Агенцијата, во ноември, учествуваа на предавање на тема „Аудиодескрипција: Една слика – илјада зборови или илјада слики – еден збор?“ со предавачот д-р Џоел Снајдер од САД, на покана на Асоцијацијата за пристапност и инклузија (АПИ).

## ПОТТИКНУВАЊЕ НА СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И НА СЛОБОДАТА НА МЕДИУМИТЕ

### Постапување врз основа на претставки од граѓани за програмите на радиодифузерите

Во текот на 2024 година, Агенцијата прими 18 претставки врз различни основи поврзани со програмите на медиумите, кои беа навремено одговорени и објавени на веб страницата www.avmu.mk, а за нив беа известени и радиодифузерите кои беа предмет на поплаките.

Од вкупниот број на претставки, осум се однесуваа на заштитата на малолетните лица и предупредувачката сигнализација која ја користат радиодифузерите.

Во текот на август, по претставки од физички лица, беа реализирани два вонредни програмски надзори на оваа тема. Првата претставка се однесуваше на ТВ Сител во однос на правилата за заштита на малолетните лица во серијалот „Приказната за Севда“. Со надзорот не беше констатирано прекршување на ЗААВМУ и на одредбите од Правилникот за заштита на малолетните лица. Втората претставка беше во форма на забелешка дека одредени телевизии не ја почитуваат целината на предупредувачката сигнализација - знакот за програми од Втора категорија (8+). Со увид во програмата на телевизиите беше потврдено дека, некои од нив нецелосно и невоедначено го применуваат графичкиот изглед на предупредувачката сигнализација. Затоа Агенцијата испрати допис до сите медиуми со потсетување за

правилната примена на предупредувачка сигнализација така како што е пропишано во Правилникот за заштита на малолетните лица.

Слична претставка за програмата на ТВ Сител пристигна и во октомври, и се однесуваше на недоследна уредувачка примена на предупредувачката сигнализација за третата категорија програма (12+) во епизоди од серијалите „9-1-1/Итна служба“ и „Полициска крв (Blue blood)“; за неправилното означување на играниот серијалот „Приказната за Севда“ како програма од втора категорија (8+), како и за неправилната употреба на предупредувачката сигнализација за програмите од втора категорија (8+). Подносителот беше информиран дека Агенцијата направи увид во програмата и констатираше дека недоследностите на примена на предупредувачката сигнализација за третата категорија програма (12+) очигледно биле направени од техничка небрежност, а не од уредувачка неодговорност, додека играниот серијал „Приказната за Севда“ беше соодветно обележан со сигнализација (8+) за програма од втора категорија. Со увидот беше констатирано и дека предупредувачката сигнализација за програмите од втора категорија (8+) неправилно се применува во промотивните најави за програмите, и пред почетокот и за време на емитувањето на програмите, за што на ТВ Сител му беше укажано дека е неопходно правилно и доследно да ја применува предупредувачката сигнализација за заштита на малолетните лица.

Во текот на ноември, до АВМУ пристигнаа пет претставки на иста тематика. Две од нив се однесуваа на медиумот ТВ 24 Вести. Првата претставка беше во врска со избраните инсерти за најава на играниот филм „Морничавата долина (Uncanny)“, за кои поднесувачот сметаше дека содржеле „одреден степен на голотија“ и биле потенцијално штетни за малолетната публика. Увидот во програмата покажа дека ниту во емитуваната најава за играниот филм, ниту во целината на аудиовизуелниот материјал, соодветно обележан со сигнализација (12+) за програма од трета категорија, немаше каква било експлицитна глетка или сцена со голотија/еротика, која би можела штетно да влијае врз потенцијалната малолетна публика. Во втората претставка за овој медиум беа посочени инсерти за најавата на играниот филм „Рецепт за убиство“ кои, според поднесувачот, биле потенцијално штетни за малолетната публика. Увидот во програмата покажа дека и во овој случај немаше прекршување на одредбите од ЗААВМУ и Правилникот за заштита на малолетните лица.

Третата претставка беше за програмата на Наша ТВ, во која беше посочено дека има погрешна програмска категоризација на играно-анимираниот филм „Самит на шаманите“, играниот филм (комедија) „Незаборавна пролет во заборавено село“, играниот филм (драма) „Одмазда“ и ТВ-снимката од театарската претстава „Безљубни“. При увидот во програмата беше утврдено дека споменатите аудиовизуелни целини беа емитувани во соодветни програмски периоди, но со погрешно применета предупредувачка сигнализација за категоријата на програмата. На Наша ТВ ѝ беше укажано дека треба да ја усогласи класификацијата на играната програма согласно одредбите од ЗААВМУ и од Правилникот за заштита на малолетните лица.

Четвртата претставка беше за програмата на Македонската радиотелевизија во врска со недоследности при примената на предупредувачката сигнализација за заштита на малолетните лица, забележани на МРТ1, МРТ3, МРТ5 и на Собранискиот канал. Со увидот не беше констатиран прекршок на одредбите од ЗААВМУ и од Правилникот. Сепак, регистрирана беше примена на различна предупредувачка сигнализација за исти содржини што се емитуваат на МРТ1 и на МРТ5, за што до Македонската радиотелевизија беше испратена информација за Претставката со укажување дека треба да се усогласи класификацијата на програмите согласно одредбите од ЗААВМУ и од Правилникот.

Петтата претставка, во ноември, се однесуваше на заштита на идентитетот на малолетници во издание на емисијата „Јади Бурек“ на ТВ Сонце. Во однос на наводите во претставката беше констатирано дека

програмата беше реализирана во рамките на професионалните принципи и стандарди и не ги прекршуваше одредбите од членовите 48 и 50 од ЗААВМУ и од Правилникот за заштита на малолетните лица.

Во однос на останатите основи за поднесување претставки, во текот на јануари беше одговорено на Претставка за емитување програма на хрватски јазик на Радио Метрополис, врз основа на која беше извршен вонреден програмски надзор со кој Агенцијата констатираше дека, спротивно на член 64 став 1 од ЗААВМУ, на 9, 10, 11, 12 и 13 јануари 2024 година, во емисијата „Радио аукција“, најавите на водителот се емитуваа изворно на хрватски јазик, без да се обезбеди превод на македонски јазик. На РА Метрополис му беше изречена мерка - јавна опомена.

Во февруари, Агенцијата одговори на анонимна претставка во која се тврдеше дека во информативните програми на ТВ Телма, ТВ Канал 5, ТВ Алфа и ТВ Алсат-М не се известувало соодветно за изборот на техничката Влада, дека не се споменувало името на Талат Џафери како технички премиер, ниту неговото експозе за програмата на техничката Влада, односно дека се избегнувале неговите директни обраќања со лице и глас. Извршениот увид во информативната програма на четирите телевизии покажа дека наводите не соодветствуваат со емитуваната програма и дека Претставката е неоснована.

Во текот на март, пристигнаа две претставки од двајца граѓани во врска со турскиот серијал „Балканска приказна“ што се емитуваше на ТВ Сител. Претставките се однесуваа на стереотипното и несоодветно претставување на односите помеѓу Македонците и Турците во современото македонско општество. Со увидот во содржината на серијата беше утврдено дека во неа има стереотипи и предрасуди, но оти земајќи ги предвид и уставните начела кои како темелна вредност го гарантираат и правото на слободата на уметничкото и другите видови творештво, како и независната уредувачка политика на медиумот, беше утврдено дека серијалот е во рамките на слободата на изразување.

Во јуни, беше одговорено на Претставка во врска со емитувањето на реалното шоу „Гола привлечност“ на ТВ Канал 5. Подносителот сметаше дека емисијата треба да се забрани бидејќи „содржи еротска порнографија и хомосексуална содржина, која е многу вознемирувачка и одвратна за гледање“, но Агенцијата утврди дека нема прекршување зашто емисијата беше емитувана по полноќ, со ознака „Х 18+“, односно „Програми од петта категорија што не се соодветни за публика под 18 години“. Претставка во врска со програмата на ТВ Канал 5 пристигна и во јули, а се однесуваше на неемитувањето на реализирано и најавено интервју, планирано за емитување во рамките на утринската програма „Здраво Македонијо“ на ТВ Канал 5. Подносителот беше известен дека ова прашање задира во уредничката независност на медиумите, во која регулаторното тело нема право да се меша.

Во текот на ноември, до регулаторното тело пристигнаа две претставки врз различни основи. Првата се однесуваше на кавадаречката телевизија КТВ и во неа подносителот посочи дека не му било остварено правото за медиумско изнесување личен став во врска со незаконска наплата услуги од шумското стопанство „Бор“ од Кавадарци, подружница на ЈП Национални шуми – Скопје. Агенцијата направи увид во документацијата доставена од гледачот и утврди дека нема правна основа да констатира прекршок. Подносителот беше информиран оти медиумите се самостојни и независни во својата уредничка политика и Агенцијата нема законска можност да им наложи некому да му отстапат простор во програмскиот сервис за да искаже личен став, освен ако личноста не е директно (идентитетски) засегната од новинарска информација/прилог/емисија направена од конкретен давател на медиумска услуга. Втората претставка беше за програмата на медиумот ТВ Плус од Куманово, поточно за емитување емисија на српски јазик без превод на македонски јазик. Подносителот беше известен дека ТВ Плус, согласно дозволата, го емитува програмскиот сервис и на македонски и на српски јазик, односно оти емитувањето на програма на српски јазик е во рамките на условите утврдени со дозволата.

Во декември, до Агенцијата пристигна Претставка во врска со емитувањето на реклама на Телеком на програмите на радиодифузерите, за која поднесувачот бараше да биде означена со предупредување, сметајќи дека рекламите не треба да бидат уметнички, туку да се однесуваат само на понудата на компанијата. Увидот во содржината на новогодишната кампања на Телеком со пораката „Поврзувањето почнува кога бариерите ќе се скршат", покажа дека нема потреба таа да биде означена со каква било сигнализација.

Во рамки пак на Претседателските и на Парламентарните избори 2024 година, во текот на мај, Агенцијата одговори на претставка од Левица за ТВ Сител поврзана со емитувањето интервјуа со учесници во изборната кампања.

**Активности против говорот на омраза и дезинформациите**

Активностите на Агенцијата за справување со говорот на омраза продолжија и во 2024 година.

Најпрвин, како дел од активностите кои се спроведуваа во рамки на Твининг проектот „Зајакнување на капацитетите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Јавниот Радиодифузен Сервис", со помош на експерти од Сојузна Република Германија беше надополнет Водичот за мониторинг на говорот на омраза, односно беше изработено негово второ, дополнето и изменето издание.

Потребата за изменување и дополнување на Водичот[8] произлезе од легислативни промени во европската регулатива и во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Имено, Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во јули 2023 година беше усогласен со изменетата Директива за аудиовизуелни медиумски услуги од 2018 година. Една од измените се однесува конкретно на проширување на опфатот на забраните за поттикнување насилство или омраза, кои сега важат и за платформите за споделување видеа, и за аудиовизуелните содржини што се споделуваат преку нив. Платформите за споделување видеа имаат обврски да преземат мерки за заштита на јавноста од програми, видео содржини генерирани од корисници и аудиовизуелни комерцијални комуникации кои поттикнуваат насилство или омраза кон групи или индивидуални лица, а регулаторните тела за медиуми имаат обврски да ја проценат адекватноста на преземените мерки. Исто така, воведена е и забрана за јавно поттикнување тероризам. Во меѓувреме, Советот на Европа усвои нова Препорака за справување со говорот на омраза - CM/Rec (2022), која се базира на праксата од одлуките на Европскиот суд за човекови права и нуди насоки не само за законодавците, туку и за широк спектар на чинители, вклучувајќи ги медиумските регулатори, платформите за споделување видеа, медиумските куќи и граѓанските организации. За Водичот се водеше јавна расправа и беше усвоен во октомври, а достапен е на македонски, албански и на англиски јазик.

Во втората половина од годината, претставникот на Агенцијата во Мрежата за борба против говор на омраза во медиумите и во онлајн просторот учествуваше на повеќе активности поврзани со нејзиното функционирање: во септември на работен состанок организиран од СЕММ; во октомври на настан на кој беше презентиран план за кампања против говор на омраза на Хелсиншкиот комитет за човекови права и се дискутираше за сите отворени прашања и предизвици во справувањето со различните форми на говорот на омраза; а во ноември на презентацијата на д-р Елена Михајлова Стратилати, на тема „Можности, предизвици и научени лекции за справување со говорот на омразата во Северна Македонија", по која следеше дискусија за отворените прашања и проблеми и можните начини на нивно решавање преку координирано дејствување на членките. На 4 декември, претставник од Агенцијата присуствуваше на

[8] Водич за мониторинг на говорот на омраза - второ дополнето и изменето издание, достапен на веб страницата на Агенцијата.

состанок на Мрежата за дијалог и меѓусекторска соработка за борба против говор на омраза што се одржа во Скопје.

Во декември, претставничка на Агенцијата говореше на подкастот „Помеѓу критика и омраза“ што Хелсиншкиот комитет за човекови права го снимаше во Јавна соба (Public Room) во Скопје, а друга учествуваше на панел – дискусија „Дискриминацијата и говорот на омраза во медиумите и јавната комуникација“, организирана од Институтот за медиуми и аналитика ИМА во Скопје.

Агенцијата нема надлежности да разоткрива дезинформации но, како дел од своите активности за подигнување на нивото на медиумска писменост кај населението, во 2024 година, со поддршка од германски експерт обезбедена преку Твининг проектот, изработи и објави Прирачник за препознавање дезинформации[9]. Целта на прирачникот беше да даде конкретни информации за тоа како може да се провери дали/колку некоја вест/информација, фотографија, видео се вистинити; како основните новинарски прашања - Кој?; Кога?; Каде?; Што?; Како?; Зошто? можат да се искористат за да се открие штетна информација; и кои се техниките за креирање дезинформации. Тој беше претставен на почетокот на 2025 година, на завршниот настан од Твининг проектот.

Во настојувањето да се олесни комуникацијата со социјалните мрежи за да се пријавуваат штетни информации, кон крајот на годината, најпрвин претставници на Агенцијата одржаа онлајн состанок со Лукас Габлер од ТикТок (одговорен за јавна политика и однос со влади, за 17 држави во Европа), на кој беа разменети информации за работата и надлежностите на двете организации и беа идентификувани областите на потенцијална соработка помеѓу АВМУ и ТикТок. За да се формализира соработката, АВМУ подоцна испрати мејл со информации за можностите за соработка, во кои беа наведени и соодветни делови од македонската регулатива за мониторирање содржина.

## Родот и радиодифузијата

Активностите на Агенцијата во поглед на родовите прашања во медиумските содржини продолжија и во 2024 година, најпрво со изработка и промоција на две анализи поврзани со родот во медиумите, потоа со започнување на изработката на трета анализа на оваа тема, а дополнително и со придонеси и учество во изработката и оценувањето на повеќе стратешки документи, учество на настани на кои се обработуваа родовите прашања и други активности.

Првата изработена анализа, „Родот во 2023: Истражување за начинот на известување за родово заснованото насилство на националните телевизии“, беше презентирана на првиот јавен состанок на Агенцијата за 2024 година, кој се одржа на 28 март. Оваа анализа, за потребите на Агенцијата ја изработи Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (ИСППИ) во Скопје. Во неа беа опфатени првите десет дена од месеците јануари, февруари и март 2023 година. Резултатите покажаа дека од сите анализирани прилози, идентификувани беа 22 кои обработуваа конкретни настани што се однесуваа на родово засновано насилство (РЗН). Тие најчесто беа во форма на вест или извештај, актер(к)ите и изворите на информации беа прецизно наведени и најчесто се емитуваа на крајот на информативните емисии. Во однос на прилозите кои го обработуваа родово заснованото насилство како појава, во вестите на националните ТВ идентификувани беа 11 прилози во кои најчестите типови насилство беа видови економско насилство, фемицид, семејно и психолошко насилство, додека во информативните емисии, четири прилози ја обработуваа темата за РЗН. Како автор(к)и на овие прилози најчесто се јавуваа жени, а гласот на активистките кои се борат против различните видови РЗН беше

[9] Прирачникот за препознавање дезинформации е достапен на веб страницата на Агенцијата.

присутен во речиси сите анализирани прилози. Само во еден прилог се споменуваше прецизно терминот „родово засновано насилство“. Како дел од вообичаената практика на АВМУ, анализата беше објавена на веб страницата www.rodotimediumite.mk, а потоа и отпечатена и доставена до Собранието и до собраниската Комисија за еднакви можности на жените и на мажите, Министерството за социјална политика, демографија и млади и до ИСППИ.

Во текот на 2024 година финализирана беше и анализата „Родова структура во ТВ и РА: Споредбена анализа на сопственоста (2020 – 2023) и на вработените (2019 – 2022)“, која потоа беше презентирана на третиот јавен состанок на Агенцијата за 2024 година што се одржа на 27 септември. Наодите покажаа дека мажите биле побројни од жените во сите анализирани години, посебно на управителските/директорските позиции, кај техничкиот и реализаторскиот кадар, наспроти новинарките кои биле традиционално побројни од новинарите. Податоците покажуваат одредено присуство на таканаречениот „стаклен плафон“, кој е показател за постоењето неформални граници кои го прават тешко издигнувањето на жените на повисоките работни места, а со тоа и нивното учество во процесите на носење одлуки. Кон крајот на годината, и оваа анализа беше објавена на веб страницата www.rodotimediumite.mk, додека нејзиното печатење беше финализирано на почетокот на 2025 година. Предвидено е оваа анализа да биде доставена до Собранието и до собраниската Комисија за еднакви можности на жените и на мажите, како и до Државниот завод за статистика и до сите останати релевантни чинители.

Со изработката на овие две анализи беше заокружена сликата за состојбата со родот во медиумите, како на екраните, така и зад нив – во поглед на тоа колку родот на медиумските професионалци/ки влијае при креирањето на медиумските содржини.

Во септември започнаа активностите за реализација на родовата анализа на медиумските содржини за 2024 година. Оваа анализа ги опфаќа медиумските содржини што се емитуваат веднаш по централните дневници – со цел да се анализира она што медиумите го емитуваат во периодите од денот кога е најголема гледаноста. Согласно договореното, за потребите на анализата изработени беа прашалници, како и пилот анализа, а се очекува анализата да биде финализирана во првата половина на 2025 година.

Во декември, во соработка меѓу АВМУ и Советот на Европа, беше организирана работилницата „Унапредување на известувањето за родово заснованото насилство во медиумите во Северна Македонија“. Таа беше пред сè посветена на медиумските професионалци/ки од локалните медиуми, но на неа учествуваа и претставници/чки од Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници и од АВМУ. Говореа четири експертки: Ана Нушкова – Аврамоска од Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство, независната експертка за медиуми Марина Тунева, Драгана Дрндаревска, членка на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и д-р Катарине Сарикакис, професорка по комуникациски науки од Универзитетот во Виена. Вакви работилници беа организирани и во 2022 година (со медиумските професионалци/ки од националните медиуми), како и во 2023 (со медиумските професионалци/ки од регионалните медиуми). Настанот беше дел од активностите реализирани во рамки на проектот „Заштита на слободата на изразување и на слободата на медиумите во Северна Македонија (ПРО-ФРЕКС)“.

И во 2024 година, АВМУ традиционално ја продолжи меѓуинституционалната соработка со Министерството за социјална политика, демографија и млади (МСПДМ), па така, на почетокот на јануари, по барање од Министерството за учество на АВМУ во процесот на изработка на Национална стратегија за превенција и заштита од родово базирано насилство врз жените и семејното насилство (2024 - 2032), доставена беше евалуација на Националниот акциски план за спроведување на Истанбулската конвенција (2018 - 2023) во делот на активностите на Агенцијата. Само неколку дена подоцна, до МСПДМ беа доставени и

оперативните планови на Агенцијата за 2024 година за спроведување на Националниот план за акција за родова еднаквост и за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство. Тие се објавени на веб страната на АВМУ во делот на оперативни планови и на специјализираната страна https://rodotimediumite.mk/. На крајот од март, беше изработен и испратен Извештајот на координаторката и заменик-координаторот за еднакви можности во Агенцијата за 2023 година, кој потоа беше објавен на веб страницата www.rodotimediumite.mk. Во април, до Министерството беше доставена уште една „Евалуација на Националниот акциски план за спроведување на Истанбулската конвенција (2018 - 2023)“ што ја реализираа лицата од АВМУ номинирани за учество во процесот на изработка на Национална стратегија за превенција и заштита од родово базирано насилство врз жените и семејното насилство (2024 - 2032). Во текот на мај, до Министерството беше испратен одговор од Агенцијата на прашалникот за изготвување на националниот извештај за напредокот во имплементацијата на Пекиншката декларација и платформа за акција (BPfA) по повод 30-годишнината од Четвртата светска конференција за статусот на жената. Во јули беше одговорено на барање за информации во врска со Рамката на известување за спроведување на Националниот акциски план за родова еднаквост, а во ноември беше одговорен и онлајн прашалникот за родово одговорно буџетирање, изготвен од МСПДМ. Конечно, на крајот на декември, беше доставен и Оперативниот план за 2025 година на Агенцијата, согласно обврската на регулаторното тело за спроведување на Националната стратегија за родова еднаквост 2022 – 2027 за конкретните активности во надлежност на Агенцијата, во кој дополнително беа посочени и посакуваните резултати, како и индикаторите за нивно мерење, а потоа и соработниците при исполнувањето на обврските, временските рамки за нивното реализирање и изворите на финансирање.

Претставници и претставнички на АВМУ учествуваа и на настан кој беше во организација на МСПДМ – станува збор за менторска работилница за родово одговорно буџетирање која се одржа на 6 ноември.

Во рамки на соработката на АВМУ со останатите државни институции, на крајот на ноември, претставник на Агенцијата учествуваше на јавната расправа на Собраниската комисија за еднакви можности, насловена „Спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство“, каде присутните ги информираше за истражувањето на Агенцијата во врска со известувањето на националните телевизии за родовозаснованото насилство. Потоа, на крајот на декември, од страна на регулаторното тело беше доставен коментар на Предлог-заклучоците од оваа јавна расправа.

Освен ова, Агенцијата ја продолжи соработката и со меѓународните институции и организации, па во тој контекст, на онлајн состанокот на работната група за медиумска писменост на Медитеранската мрежа на регулаторни тела (МНРА), кој се одржа во септември, претставници на АВМУ ги презентираа резултатите од истражувањето за известувањето на националните телевизии за родовозаснованото насилство, овој пат пред поширока меѓународна публика. Малку подоцна, во октомври, претставник на Агенцијата учествуваше на 23-то пленарно собрание на МНРА, чиј работен дел се одржа во Ерменија. На настанот, меѓу другото, беше повторно презентирано истражувањето за претставувањето на родово заснованото насилство на програмите на националните радиодифузери.

Агенцијата, во текот на годината, на родови теми соработуваше и со Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС). Така, во јуни, претставничка на Агенцијата учествуваше на панел - дискусијата „Кодекс на однесување - Борба против насилството врз жените во политиката и изборните процеси“, во организација на ИФЕС, во соработка со Македонското женско лоби, во рамки на Програмата за поддршка на изборите на Владата на Швајцарија. На панел - дискусијата беше презентиран Кодексот за однесување, осврнувајќи се на загриженоста поврзана со насилството врз жените во политиката и изборните процеси. Во вториот дел од настанот следеше и дискусија помеѓу претставниците/чките на политичките партии и релевантните институции на темата.

Потоа, во септември, беше реализиран онлајн состанок со меѓународниот експертски тим за родови на ИФЕС, предводен од Татјана Хилшер-Богусевич, на кој се зборуваше за подготовката на длабинска анализа фокусирана на инклузивното покривање на жените во онлајн медиумите за време на Парламентарните избори во 2024 година во земјата. Како резултат на оваа анализа, ИФЕС на крајот на октомври организираше конференција насловена „Пари, медиуми и избори во Северна Македонија - користење јавни средства за онлајн политичко рекламирање“, на којашто учествуваа претставници од Агенцијата.

Во текот на ноември, претставнички на Агенцијата учествуваа и на дискусијата „Промовирање на инклузивно покривање на жените за време на избори на онлајн медиумите“, во организација на ИФЕС, на која се дискутираше за предизвиците и можните решенија во врска со медиумското покривање на жените за време на избори, со посебен фокус на онлајн медиумите.

Во контекст на изборите, претставници на АВМУ, во март, поточно на почетокот од кампањата за Претседателските и Парламентарните избори во 2024 година, оствариja средба со претставнички на Националниот демократски институт (НДИ) во врска со законските можности за повторно емитување рекламна кампања против насилството врз политичарките.

Исто така, претставничка на Агенцијата учествуваше на обука на тема „Спречување и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација што доведува до тероризам (P/CVERLT): Адресирање на предизвиците во „нарушувањето на дигиталните информации“, која се одржа во ноември. Обуката беше во организација на Единицата за акција против тероризмот на ОБСЕ, а на неа се зборуваше за поврзаноста на разбирањата за полот и родот со насилната мизогинија и насилниот екстремизам.

Во однос, пак, на останатите активности во ова поле, во март, претставничка на Агенцијата даде изјава за емисија на МРТ1 за родовите аспекти во медиумите, поточно за тоа колку се моќни медиумите во пренесување на пораките, дали внимаваат и како е оценет Јавниот сервис во поглед на родовата еднаквост.

## ДОЗВОЛИ ЗА РАДИО И ТЕЛЕВИЗИСКО ЕМИТУВАЊЕ

### Постапки за доделување дозволи по пат на јавен конкурс[10]

Во 2024 година Агенцијата не додели ниту една дозвола за телевизиско и радио емитување.

Објавени беа три јавни конкурси за доделување дозволи, од кои два беа неуспешни поради тоа што не беше поднесена ниту една пријава, а третиот конкурс (за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво на подрачјето на Куманово) беше успешен и дозволата беше доделена во февруари 2025 година. Сите три конкурси беа објавени по претходно доставено барање од заинтересирана страна, поконкретно:

- Во февруари до Агенцијата беше доставено писмено барање од правното лице Друштво за производство, трговија и услуги увоз-извоз КАМАЈ МЕДИА ДООЕЛ Битола, за доделување дозвола за локално радио на подрачјето на Битола. Имајќи го предвид доставеното барање, а со оглед на тоа што постоеше слободна фреквенција за радиоемитување на ова подрачје, Агенцијата изработи Студија со која беше утврдено дека постои оправданост за објавување конкурс за локално радио

[10] Детални податоци за постапките за доделување дозволи со објавување јавен конкурс се наведени во Прилог бр. 1.1. од Извештајот - „Доделување дозволи по пат на јавен конкурс“

во Битола, на македонски јазик, по што беше објавен јавен конкурс. Во законски предвидениот рок за поднесување пријави за учество на јавниот конкурс не беше примена ниту една пријава, поради што беше донесена одлука дека конкурсот не е успешен.

- Во јуни, физичкото лице Горан Делов достави барање за доделување дозвола за непрофитно радио на локално ниво, на подрачјето на град Неготино. За да утврди дали постои оправданост за отворање радио на ова подрачје, Агенцијата изработи Студија која покажа дека постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа на локално ниво во Неготино, на македонски јазик, по што беше објавен јавен конкурс. Во законски предвидениот рок за поднесување пријави за учество на конкурсот не беше примена ниту една пријава, поради што беше донесена одлука дека истиот не е успешен.

- Во јули до Агенцијата беше доставено Писмо со намера од физичкото лице Саша Митиќ, за доделување дозвола за радио на локално ниво, на подрачјето на Општина Куманово. Постапувајќи согласно своите законски надлежности, Агенцијата изработи Студија со која беше утврдено дека постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на подрачјето на Куманово, по што беше објавен јавен конкурс. Во законски предвидениот рок за поднесување на пријави, до Агенцијата беше доставена една пријава (од физичкото лице Саша Митиќ) која ги исполнуваше условите утврдени во јавниот конкурс, поради што во февруари 2025 година беше донесена одлука за доделување дозвола за радио емитување на ова подрачје.

Агенцијата донесе и три одлуки за одбивање на претходно доставени барања за објавување јавен конкурс:

- Во февруари беше доставено писмено барање од физичкото лице Блерим Јакупи, со кое беше побарано од Агенцијата да објави јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво на подрачјето на Општина Тетово. Откако беше констатирано дека постои слободна фреквенција за радиоемитување на ова подрачје, Агенцијата изработи Студија со која беше утврдено дека не постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за музичко радио на локално ниво, на подрачјето на Тетово, поради што донесе одлука со која го одби поднесеното барање.

- Во март до Агенцијата беше доставено писмено барање од Здружението на Граѓани за Афирмација и Промоција на Мото Културата БАЈКЕРС ГАРАЖ Скопје, за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитно радио на регионално ниво, на подрачјето на град Скопје. Согласно Планот за доделување и користење на радиофреквенциите се утврди дека нема слободна радиофреквенција за радио емитување на територијата на Скопје, поради што Агенцијата го одби поднесеното барање.

- Во септември Агенцијата по вторпат одлучуваше по писменото барање за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс, што во јануари 2022 година го поднесе ТРД 24 Вести, а кое истата година беше одбиено од причина што Студијата за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс, изработена во 2022 година, покажа дека не постои оправданост за објавување јавен конкурс. Повторното разгледување и одлучување по ова барање следеше откако во јули 2024 година до Агенцијата беше доставена Пресуда на Виш управен суд на РСМ, со која Одлуката на Агенцијата од 2022 година за одбивање на предметното барањето од ТРД 24 Вести се поништи и предметот се врати на повторно одлучување на Агенцијата. Во повторната постапка Агенцијата донесе Одлука со која и овојпат го одби писменото барање на радиодифузерот од 2022 година, од причина што и Студијата изработена во септември 2024 година покажа дека не постои оправданост за објавување

јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиски програмски сервиси за какви што се однесуваше поднесеното барање.

**Давање согласност за промена и дополнување на програмскиот концепт**

Во февруари 2024 година, Радио 99 побара од Агенцијата согласност за промена, односно дополнување на програмскиот концепт во однос на јазикот на емитување на програмскиот сервис (покрај програма на албански јазик, да емитува програма и на турски јазик) и во однос на обемот на сопствената програма (да се зголеми обемот на сопствена програма од четири часа, на 23 часа и 50 минути неделно). Одлучувајќи по предметното барање, Советот на Агенцијата донесе Одлука за давање согласност за промена и дополнување на повеќе од 20% од програмскиот концепт од дозволата за радио емитување на овој радиодифузер и му издаде усогласена дозвола за радио емитување.

Во декември, а по претходно барање од ТВ Коха, Советот на Агенцијата донесе Одлука со која даде согласност за промена и дополнување на повеќе од 20% од програмскиот концепт на овој радиодифузер, во делот што се однесува на јазикот на емитување, односно покрај емитување програма на албански јазик, радиодифузерот да емитува програма и на турски јазик. По донесување на предметната одлука, Агенцијата му издаде усогласена дозвола за телевизиско емитување.

**Престанок на важност на дозволи за радио и телевизиско емитување по сила на закон**

Во 2024 година, по сила на закон престана важноста на дозволите за радио и телевизиско емитување на вкупно 11 радиодифузери - осум радија и три телевизии.

На пет од нив Агенцијата им ја одзеде дозволата за телевизиско или радио емитување, а останатите шест со писмена изјава ја известија Агенцијата дека престануваат со емитување програма.

<u>Агенцијата ги одзеде дозволите на следните пет радиодифузери:</u>

- ТДР ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица - поради тоа што радиодифузерот не ги исполнил минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (член 62 став 6 од ЗААВМУ и член 21 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување);
- ТРД РАДИО ПРО-ФМ ДОО Гостивар, на кое му престана важноста на дозволата за радио емитување по сила на закон - со одземање на дозволата, поради тоа што радиодифузерот и во дополнителниот рок не ги исполнил законските обврски и до Агенцијата не достави податоци за сопственичка структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање во 2023 година, остварените вкупни приходи и расходи од обезбедувањето на дејноста во 2023 година и за просечната слушаност во 2023 година (член 15 став 1 од ЗМ);
- ТРД БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар - поради тоа што радиодифузерот, во законскиот рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата, не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување (член 80 став 5 и член 85 став 1 алинеја 4 од ЗААВМУ);
- ТДР РАДИО УСКАНА – ПЛУС увоз-извоз ДООЕЛ Кичево - поради тоа што радиодифузерот, во законскиот рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата, не го

платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување (член 80 став 5 и член 85 став 1 алинеја 4 од ЗААВМУ);

- ТРД РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје , на кое му престана важноста на дозволата за радио емитување по сила на закон - со одземање на дозволата, поради тоа што радиодифузерот, во законскиот рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата, не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување (член 80 став 5 и член 85 став 1 алинеја 4 од ЗААВМУ);

Радиодифузери чија дозвола престана да важи поради тоа што ја известија Агенцијата дека престануваат да емитуваат програма:

- ТРД РАДИО 5 ЧОКИ ДООЕЛ Прилеп;
- ТРД за радиоактивности РАДИО ЗОРА ДООЕЛ Делчево;
- ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА 3 ДООЕЛ Скопје;
- ТРДД ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8 ДООЕЛ Кочани;
- ТРДД Б-97 ДООЕЛ Битола;
- Друштвото за вршење на радиодифузна дејност радио на локално ниво РАДИО РРАПИ СТРУГА ДООЕЛ.

## ОПЕРАТОРИ НА ЈАВНИ ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ

### Евидентирање во регистарот

Во 2024 година, во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети беше евидентиран 31 субјект. Во септември, операторот Друштвото за телекомуникации и услуги КОМБО 2003 ДОО извоз-увоз Куманово ја извести Агенцијата дека престанува со вршење на дејноста, поради што беше избришан од регистарот.

### Регистрација на програмски пакети

Во извештајната година, постапувајќи согласно својата законска надлежност утврдена во членот 141 од ЗААВМУ, Агенцијата издаде вкупно 258 потврди за регистрација на пакет програмски сервиси. Агенцијата донесе и едно решение за запирање на постапката за издавање потврда за регистрација на пакет програмски сервиси, а издаде и пет потврди за измена на потврдата за регистрирање на збирен програмски пакет по доставено известување/барање да бидат избришани програмски сервиси, и тоа: ВИВА НЕТ од Берово за програмскиот сервис Euronews, СКУПИ КАБЛЕ од Скопје за програмскиот сервис Peace TV, ГЛОБАЛСАТ од Скопје за програмскиот сервис Euronews, КАБЕЛ-Л-НЕТ од с.Лабуништа Струга за програмскиот сервис TV 1 и КАБЛЕКАЛЛ од Кичево за програмските сервиси ТВ Коха, RTK Sat, TV Alsat-shqip и TV 1. Беа доставени и две известувања за престанок на реемитување на програмски сервиси од А1 Македонија и Македонски Телеком, за кои потврдите беа издадени на 2 јануари 2025 година.

## Програмски надзор

Агенцијата спроведе вкупно 105 надзори на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, од кои 91 редовен, три вонредни и 11 контролни.

Беа спроведени сите планирани надзори во Годишниот план за програмски надзор. Редовните надзори беа спроведени за да се констатира дали операторите ги исполнуваат обврските од ЗААВМУ утврдени во член 64 став 2 (доколку програмските сервиси што ги реемитуваат се титлуваат на јазик различен од оној на кој оригинално се произведени, задолжително да бидат титлувани или на македонски јазик, или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните), член 141 (програмските сервиси што ги емитуваат да бидат претходно регистрирани во Агенцијата) и член 143 став 3 (операторот задолжително и бесплатно да ги содржи програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис). Со редовните надзори беа констатирани вкупно 12 прекршувања, но беа спроведени 11 контролни надзори поради тоа што операторот Друштво за телекомуникации и услуги КОМБО 2003 ДОО извоз-увоз Куманово во периодот кога требаше да се спроведе контролниот надзор веќе престана да ја врши дејноста и беше избришан во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети.

Подолу во текстот се наведени сите надзори според месецот кога беа спроведени:

**Јануари**

- 11 редовни надзори на осум оператори, и тоа на: Глобалсат од Скопје, Инел Интернационал од Кавадарци, Кабел од Валандово, Мултимедија - Нет од Скопје, Траншпед од Крива Паланка, Сигнал Нет од Куманово, Кабел Л Нет од Лабуништа и Кабел Нет од Прилеп. Со надзорите не беа констатирани прекршувања.

**Февруари**

- 13 редовни надзори на 10 оператори, и тоа на: Скрембл од Ново Село, Комбо од Куманово, ИП Системс од Куманово, Мултимедија Нетворк Л од Гостивар, Теленет Ком од Тетово, Алтра Сат од Охрид, Пет Нет од Гевгелија, Инфел од Охрид, Телекабел од Штип и Вива Нет од Берово. Со надзорите беа констатирани прекршувања на член 141 од ЗААВМУ кај три оператори - Мултимедија Нетворк Л од Гостивар, Теленет Ком од Тетово и Инфел од Охрид. На овие оператори Агенцијата им изрече мерки за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси кои не беа регистрирани во Агенцијата.

**Март**

- 11 редовни надзори на седум оператори, и тоа на: Винсат Кабел од Виница, Кабел Нет од Струмица, Нафи и Беко од Гостивар, Дрим Сат од Гостивар, Каблекалл од Кичево, Скупи Кабле од Скопје и Бив Пирамида од Делчево. Со надзорите не беа констатирани прекршувања.

- Три контролни надзори врз Мултимедија Нетворк Л од Гостивар, Теленет Ком од Тетово и Инфел од Охрид, со кои беше констатирано дека операторите постапиле по претходно изречените мерки.

**Април**

- 11 редовни надзори на седум оператори, и тоа на: Македонски Телеком од Скопје, Неотел од Скопје, Датаком од Скопје, Спајдер од Гевгелија, М ТЕЛ од Скопје, А1 Македонија од Скопје и Тотал ТВ од Скопје.

Кај операторот Спајдер од Гевгелија беше констатирано прекршување по член 141 од ЗААВМУ, а кај операторот Тотал ТВ беше констатирано прекршување на член 143 став 3 од ЗААВМУ. Агенцијата на двата оператори им изрече мерки опомени.

- Контролен надзор на операторот Спајдер од Гевгелија, со кој беше констатирано дека операторот постапил по претходно изречената мерка.

**Јуни**

- Два вонредни надзори на операторите Инфел од Охрид и Каблекалл од Кичево. Надзорите се спроведоа со цел да се утврди дали операторите ги реемитуваат програмските сервиси од Пинк пакетот, за кои не се регулирани авторските права согласно Законот за авторското право и сродните права. Со надзорите не беа констатирани прекршувања.

- Еден контролен надзор на операторот Тотал ТВ од Скопје, со кој беше констатирано дека продолжил со вршење на повредата на член 143 став 3 од ЗААВМУ, за што беше иницирана постапка за порамнување која беше успешно спроведена.

**Јули**

- Осум редовни надзори на седум оператори, и тоа на: Бив Пирамида од Делчево, Глобалсат од Скопје, Кабел од Валандово, Скрембл од Ново Село, Кабел Нет од Прилеп, Каблекалл од Кичево и Мултимедија од Куманово. Со надзорите не беа констатирани прекршувања.

**Август**

- 14 редовни надзори на 11 оператори, и тоа на: Кабел Л Нет од Лабуништа, ИП Систем од Куманово, Инел Интернационал од Кавадарци, Алтра Сат од Охрид, Пет Нет од Гевгелија, Теленет Ком од Тетово, Мултимедија Нетворк Л од Гостивар, Кабел Нет од Струмица, Инфел од Охрид, Телекабел од Штип и Сигнал Нет од Куманово. Со надзорите не беа констатирани прекршувања.

**Септември**

- 10 редовни надзори на седум оператори, и тоа на: Вива Нет од Берово, Скупи Кабле од Скопје, Траншпед од Крива Паланка, Комбо од Куманово, Винсат Кабел од Виница, А1 Македонија од Скопје и Тотал ТВ од Скопје . Кај два оператори, А1 Македонија и Комбо Куманово, беа констатирани прекршувања на член 141 од ЗААВМУ, поради што Агенцијата им изрече мерки за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси кои не беа регистрирани во Агенцијата.

**Октомври**

- Седум редовни надзори на пет оператори, и тоа на: Тотал ТВ и М ТЕЛ од Скопје, Нафи и Беко и Дрим Сат од Гостивар и Спајдер од Гевгелија. Кај операторите Тотал ТВ, М ТЕЛ, Нафи и Беко и Дрим Сат беа констатирани прекршувања на член 141 од ЗААВМУ, поради што Агенцијата им изрече мерки за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси кои не беа регистрирани во Агенцијата.

- Два контролни надзори на операторите А1 Македонија и Тотал ТВ врз кои претходно беше констатирано прекршување на член 141 од ЗААВМУ. Со надзорите беше констатирано дека операторите продолжиле со

вршење на истата повреда, рпоради што беше иницирана постапка за порамнување која беше успешно спроведена.

**Ноември**

- Шест редовни надзори на три оператори, и тоа на: Неотел, Македонски Телеком и Датаком од Скопје. Само кај операторот Неотел беше констатирано прекршување на член 141 од ЗААВМУ, поради што Агенцијата му изрече мерка за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси кои не беа регистрирани во Агенцијата.

- Еден вонреден надзор врз операторот Глобалсат од Скопје. Надзорот беше спроведен со цел да се утврди дали операторот ги реемитува програмските сервиси од Tring пакетот, за кои не се регулирани авторските права согласно Законот за авторското право и сродните права. Со надзорот не беа констатирани прекршувања.

- Четири контролни надзори врз операторите Нафи и Беко од Гостивар, Дрим Сат од Гостивар, М ТЕЛ од Скопје и Неотел од Скопје. Со надзорите беше констатирано дека операторите постапиле по претходно изречената мерка.

**Кодекс за за заштита на малолетната публика при реемитување на програмски сервиси**

Во 2024 година, Агенцијата изработи предлог верзија на Кодексот за за заштита на малолетната публика при реемитување на програмски сервиси, и ја достави до сите оператори на јавни електронски комуникациски мрежи. Со овој Кодекс се воспоставуваат насоки и правила што операторите се согласни да ги применуваат при реемитувањето програмски сервиси, за да се обезбеди поголема заштита на малолетната публика. Кодексот, пред се се однесува на реалити-програмите, особено на оние кои, првенствено заради забава, го прикажуваат секојдневието на група учесници (најчесто јавни личности) во изолиран простор креиран за целите на програмата од страна на продукцијата, којшто е постојано во дофат на камерите или микрофоните, и во кои програми најчесто се регистрираат ситуации во кои поведението, активноста и емоциите на учесниците се помалку-повеќе непредвидливи. Ваквите програми, кои според досегашното искуство, најчесто се емитуваат на телевизиските програмски сервиси од соседните земји и од регионот, а се реемитуваат во Македонија, можат сериозно да му наштетат на физичкиот, психичкиот или на моралниот развој на малолетните лица, поради тоа што тие неретко содржат насилство, опасно однесување, навредлив јазик, голотија и сексуален материјал, злоупотреба на алкохол и пушење и други штетни содржини. Во тек се активностите за изработка на конечната верзија на Кодексот, пред потпишувањето од страна на операторите.

**Активности на Агенцијата во насока на заштита на имателите на авторски и сродни права**

Согласно законската обврска утврдена во член 141 став 13 од ЗААВМУ до имателите на права беше доставено 31 известување врз основа на извршен програмски надзор, каде Агенцијата утврди дека операторите на јавна електронска комуникациска мрежа бесправно реемитуваат програмски сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата.

Во февруари, United Media S.a.r.l. ја информираше Агенцијата дека програмските сервиси на „United Media S.a.r.l“ имаат ексклузивни права за емитување на територијата на Република Северна Македонија на сите

квалификациски натпревари за Европското првенство во кошарка 2025 година (FIBA EuroBasket 2025 Qualifiers), кое во рамките на првото коло на квалификации се играше во периодот од 22 до 27 февруари 2024 година. Поради тоа, побараа да се затемнат или на кој било друг начин да се направат недостапни сите останати телевизиски програмски сервиси кои немаат право за емитување на овие натпревари на територијата на РС Македонија. Агенцијата со допис ги извести сите оператори на јавни електронски комуникациски мрежи за доставеното барање од страна на United Media S.a.r.l.

Во февруари, ТРД Телма до Агенцијата достави допис со кој информираше дека операторите Македонски Телеком, А1 Македонија и Тотал ТВ незаконски и неовластено ја реемитуваат ексклузивната аудиовизуелна содржина на ТВ серијата „Sisi“ преку ТВ програмот „Epic Drama“, за што ТВ Телма има склучено договор за ексклузивно емитување на трите сезони од оваа серија. Врз основа на доставениот допис и барањето од ТВ Телма итно да се реагира и по службена должност да се препрати нивното барање, Агенцијата ги извести овие оператори.

Во два наврати во месец март, United Media S.a.r.l. ја информираше Агенцијата дека програмските сервиси на „Sport Klub“ немаат регулирани авторски права за територијата на Република Северна Македонија, односно немаат права за пренос на натпревари за квалификации за Европското првенство во фудбал (UEFA EURO 2024), како и на пријателските натпревари во рамки на овие квалификации, и поради тоа побараа да се затемнат или на кој било друг начин да се направат недостапни „Sport Klub“ каналите во точно утврдени термини. Агенцијата постапи по оваа информација и испрати две известувања до сите оператори за да ги запознае со дописот од United Media S.a.r.l., како и со списокот на термини кога ќе се играат натпреварите.

Во април, од Министерството за внатрешни работи - Сектор за внатрешни работи Тетово, ПС Гостивар, Одделение за економски криминал, беше доставено барање до Агенцијата за заедничко постапување, односно барање за вршење вонреден надзор врз операторот Нафи и Беко од Гостивар со цел да се констатира дали ги реемитува програмските сервиси на Дигит-Алб од Албанија. Агенцијата со допис го извести Секторот за внатрешни работи Тетово, ПС Гостивар, Одделението за економски криминал, дека е на располагање за заедничко постапување и вршење надзор над овој оператор. Во ноември повторно беше доставено барање за вршење инспекциски надзор од страна на Министерството за внатрешни работи, Сектор за внатрешни работи Тетово, ПС Гостивар, Одделение за економски криминал. Агенцијата писмено го информираше Министерството дека е направен увид во програмскиот пакет што операторот Нафи и Беко од Гостивар во рамки на својата законска обврска го доставил до Агенцијата, при што е констатирано дека не ги реемитува програмските сервиси на Дигит-Алб од Албанија. Исто така, Агенцијата посочи дека над овој оператор се спроведени и програмски надзори во октомври и ноември со кои беше констатирано дека операторот не ги реемитува програмските сервиси на Дигит-Алб.

Во септември до Агенцијата беа доставени две барања за доставување податоци – од Основното јавно обвинителство Гостивар и од Стопанскиот суд во Белград. Основното јавно обвинителство побара од Агенцијата податоци дали правните субјекти Бигсат и Дрим Сат од Гостивар ги реемитуваат програмските платформи на Arena, Digitalb и Sport. Стопанскиот суд Белград побара информации во врска со реемитувањето на програмскиот сервис Kitchen TV од страна операторите Македонски Телеком од Скопје и Телекабел од Штип. Агенцијата писмено одговори на двете барања.

Во мај и јуни, United Media S.a.r.l. информираше дека програмските сервиси на „Sport Klub“ немаат регулирани авторски права за територијата на Република Северна Македонија, односно немаат права за пренос на натпревари за квалификации за Европското првенство во фудбал (UEFA EURO 2024 QUALIFIERS/FRIENDLY MATCHES), како и на пријателските натпревари во рамки на овие квалификации. Поради тоа, побараа да се затемнат или на кој било друг начин да се направат недостапни програмските

сервиси на „Sport Klub“ во точно утврдени термини. Агенцијата за овој допис електронски ги извести операторите.

United Media S.a.r.l во неколку наврати (во август, септември, октомври и ноември) ја информираше Агенцијата дека програмските сервиси „Sport Klub“ и „Nova TV“ немаат регулирани авторски права за територијата на Република Северна Македонија, односно немаат права за пренос на натпревари за лигата на нации во фудбал (2024/2025 UEFA Nations League), како и на пријателските натпревари во рамки на овие натпревари. Имајќи ја предвид важноста на заштитата на авторските и сродните права, Агенцијата електронски ги извести за ова сите оператори на јавни електронски комуникациски мрежи и во прилог им го достави распоредот на термините на одигрување на релевантните натпревари.

## ДАВАТЕЛИ НА АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ПО БАРАЊЕ

### Зајакнување на дијалогот и соработката помеѓу Агенцијата и давателите на услуги

Во октомври 2024 година на иницијатива на Агенцијата беше формирана работна група во која учествуваат претставници на Агенцијата и на сите даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање. Целта е да се овозможи континуирана соработка и дијалог помеѓу чинителите на пазарот и медиумскиот регулатор, размена на искуства, можност за разгледување на сите прашања важни за развој на овие услуги, како и предлагање решенија за подобрување на регулативата и други аспекти на работењето. Агенцијата со своите ресурси (просторни, технички и човечки) ја помага и координира работата на оваа група, посредувајќи во организирање на состаноците, обезбедување потребни материјали и анализи за различни теми од интерес и друго.

### Евидентирање во регистарот

Во 2024 година, во регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање беа евидентирани четири субјекти, и тоа: Акционерско друштво за електронски комуникации Македонски Телеком Скопје (Max TV Видеотека), Друштво за комуникациски услуги А1 МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје (Vip Now), Друштво за услуги СВОД МАСТЕР ДОО Скопје (GLEY/ГЛЕЈ) и Друштво за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје (MOVE TV).

### Програмски надзор

Редовниот програмски надзор врз давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање беше предвиден во Годишниот план за вршење програмски надзор во 2024 година да се спроведе двапати во текот на годината, по еднаш во секое полугодие. Имајќи го предвид ова, беа направени осум редовни надзори (по четири во април и ноември) и беше констатирано дека сите четири даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање во целост ги исполнуваат обврските од ЗААВМУ коишто се однесуваат на забраната за пренесување кинематографски дела надвор од периодот утврден во договорите со имателите на права (член 49) и на заштитата на малолетни лица (член 50 став 1).

## ИЗДАВАЧИ НА ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ

Во 2024 година Агенцијата вршеше административен надзор над издавачите на печатени медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со обврските утврдени во Законот за медиуми кои се однесуваат на обезбедувањето јавност во работата (член 15 став 2) и објавувањето импресум (член 14 став 1).

Согласно првата обврска, издавачите на печатени медиуми се должни податоците за сопственичката структура да ги објават во најмалку еден дневен весник, еднаш годишно, најдоцна до 31 март во тековната година и исечок од објавата да и достават на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на објавувањето. Во однос на оваа обврска беше извршен еден надзор (редовен), кој согласно Годишниот план за вршење административен надзор во 2024 година беше спроведен во април над сите издавачи на печатени медиуми (вкупно 21) евидентирани во регистарот што го води Агенцијата. Беше констатирано дека наведената обврска во целост ја исполниле сите издавачи на печатени медиуми.

Во врска со исполнувањето на обврската за објавување импресум, Агенцијата изврши 10 административни надзори – седум редовни, еден вонреден и два контролни. Според оваа обврска, издавачите на печатени медиуми се должни на видно место, во секој примерок од печатен медиум да ги објават следните податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум, име на одговорното лице на издавачот на медиум, име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото, назив и адреса на печатницата, датум на печатење или препечатување и број на печатени примероци.

Првиот редовен надзор во однос на оваа обврска беше направен во февруари над вкупно 17 издавачи и со него беа опфатени следните 17 печатени медиуми: „Нова Македонија“, „Слободен печат“, „Вечер“, „Коха“, „Капитал“, „Фокус“, „Економија и бизнис“, „Битолски весник“, „Лајм“, „Бахче“, „Портрет“, „Штипски глас“, „Убавина и здравје“, „InStore“, „Народен лекар“, „Порта 3“ и „Зенит“.

Вториот надзор исто така беше направен во февруари, над два издавачи, а беа опфатени три печатени медиуми - „Шења“, „Скопско ехо“ и „Македонско ехо“.

Следните два редовни административни надзори беа извршени во јуни, при што со едниот беа опфатени 12, а со другиот осум печатени медиуми. Поточно, предмет на едниот надзор беа „Нова Македонија“, „Слободен печат“, „Вечер“, „Коха“, „Фокус“, „Битолски весник“, „Лајм“, „Штипски глас“, „Скопско ехо“, „Македонско ехо“, „Зенит“ и „Народен лекар“, а на вториот „Капитал“, „Бахче“, „Економија и бизнис“, „Убавина и здравје“, „Шења“, „Порта 3“, „Лице в лице“ и „InStore“.

Последните три редовни административни надзори во однос на оваа обврска беа реализирани во октомври, и тоа првиот беше спроведен на „Нова Македонија“, „Слободен печат“, „Вечер“, „Коха“, „Лајм“, „Фокус“, „Економија и бизнис“, „Порта 3“ и „Лице в лице“, вториот на „Капитал“, „Бахче“, „Портрет“, „Штипски глас“, „Убавина и здравје“, „Шења“, „InStore“ и „Народен лекар“, а третиот на „Битолски весник“.

Во јули беше направен вонреден надзор беше направен над магазинот „Портрет“.

Ниту со редовните, ниту со вонредниот надзор не беа констатирани прекршувања, односно обврската за објавување импресум беше во целост исполнета кај сите печатени медиуми.

Контролни надзори беа спроведени над Друштвото за издавачка дејност, маркетинг и компјутерски услуги НАРОДЕН ЛЕКАР ДООЕЛ Скопје, издавач на „Народен лекар“, и над Друштвото за производство, трговија

и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, издавач на „The Economist". Двата надзора беа извршени за да се констатира дали овие издавачи на печатени медиуми постапиле по јавните опомени што Агенцијата им ги изрече во 2023 година. НАРОДЕН ЛЕКАР ДООЕЛ Скопје постапи во целост по опомената и го отстрани претходно направеното прекршување на одредбите за објавување импресум, додека КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје само делумно постапи по опомената. Имајќи го предвид ова, а постапувајќи согласно Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (според кое за констатираните прекршувања во тековната година, за кои веќе биле изречени мерки во претходната година, Советот на Агенцијата повторно ќе изрече мерка јавна опомена според роковите утврдени во ова Упатство), на овој издавач повторно му беше изречена мерка јавна опомена.

## ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ

Во 2024 година, за констатирани непочитувања на ЗААВМУ, ЗМ и подзаконските акти донесени врз основа на нив, Агенцијата против радиодифузерите, издавачите на печатени медиуми и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа изрече вкупно 64 мерки, од кои:

- 42 (четириесет и две) решенија за преземање мерка – јавна опомена (од кои: 29 решенија за преземање мерка – јавна опомена кон радиодифузерите[11], едно решение за преземање мерка – јавна опомена кон издавач на печатен медиум[12] и 12 решенија за преземање мерка – јавна опомена/јавно опоменување и исклучување на реемитувањето на програмските сервиси кон операторите на јавни електронски комуникациски мрежи[13]);
- 5 (пет) прекршочни постапки/постапки за порамнување – постапки за издавање на прекршочен платен налог (од кои две поведени прекршочни постапки пред надлежен суд против еден радиодифузер и три успешно завршени постапки за порамнување - постапки за издавање на прекршочен платен налог против два оператора на јавна електронска комуникациска мрежа)[14];
- 5 (пет) одлуки за одземање дозволи[15] и
- 12 (дванаесет) решенија за бришење од регистарот на радиодифузери[16].

### Преземени мерки против радиодифузерите

#### Изречени мерки – јавни опомени

Агенцијата во текот на 2024 година донесе вкупно 29 решенија за преземање мерка – јавна опомена, и тоа:

---

[11] Деталните податоци за изречените мерки – јавни опомени кон радиодифузерите се наведени во Прилог бр. 1.2. од Извештајот - „Решенија за преземање мерка – јавна опомена кон радиодифузери во 2024 година"

[12] Деталните податоци за изречените мерки – јавни опомени кон издавачите на печатени медиуми се наведени во Прилог бр. 1.3. од Извештајот - „Решенија за преземање мерка – јавна опомена кон издавачи на печатени медиуми во 2024 година"

[13] Деталните податоци за изречените мерки - опомени кон операторите на јавна електронска комуникациска мрежа се наведени во Прилог бр. 1.4. од Извештајот - „Решенија за преземање мерка – јавна опомена и јавно опоменување и исклучување на реемитувањето на програмските сервиси кон операторите на јавна електронска комуникациска мрежа во 2024 година"

[14] Деталните податоци за поведените прекршочни постапки/спроведени постапки за порамнување се наведени во Прилог бр. 1.5. од Извештајот - „Покренати прекршочни постапки/спроведени постапки за порамнување против радиодифузери и оператори на јавна електронска комуникациска мрежа за констатирани прекршувања на ЗААВМУ, ЗМ и подзаконските акти во 2024 година"

[15] Деталните податоци за доставените предлози до Советот на Агенцијата за одземање дозвол за телевизиско/радио емитување се наведени во Прилог бр. 1.6. од Извештајот - „Постапки во врска со одземање дозволи за телевизиско/радио емитување во 2024 година"

[16] Деталните податоци за донесените решенија за бришење од регистарот на радиодифузери се наведени во Прилог бр. 1.7. од Извештајот - „Решенија за бришење од регистарот на радиодифузери во 2024 година"

- четири решенија за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 64 став 1 од ЗААВМУ, односно заради обезбедување употреба на јазик спротивно на пропишаниот начин во законот (емитување програма изворно на хрватски/српски/англиски јазик, без превод на македонски/албански јазик);
- две решенија за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 92 став 1 од ЗААВМУ, односно поради неисполнување на обврската за дневно емитување најмалку 30% (комерцијалните телевизии), односно 40% (јавниот радиодифузен сервис) програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела;
- две решенија за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 15 став 1 од ЗМ, односно поради неисполнување на обврската за доставување податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање во 2023 година, остварените вкупни приходи и расходи од обезбедувањето на дејноста во 2023 година и за просечната слушаност во 2023 година;
- едно решение за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 67 став 6 од ЗААВМУ, односно поради неисполнување на обврската за спроведување во текот на една недела најмалку 80% од програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата;
- две решенија за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 51 став 1 од ЗААВМУ, односно поради тоа што радиодифузерите во рамките на своите телевизиски сервиси не ги обезбедија информациите што треба да им се направат достапни на корисниците;
- четири решенија за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ, односно поради неисполнување на обврската за дневно емитување најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, од која најмалку половина во периодот од 07:00 до 19:00 часот;
- едно решение за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 15 став 5 од ЗМ, односно поради неисполнување на обврската за доставување писмен извештај за спроведување на обврските утврдени во дозволата за радио емитување, на начин и во законски предвидениот рок (31-ви март 2024 година);
- едно решение за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 80 ставови 7, 8 и 9 од ЗААВМУ, а во врска со точка 4 од Насоките за доброволно пријавување на радија за емитување домашна музика, односно поради неемитување најмалку 30% музика на македонски јазик во периодот од 06:00 до 00:00 часот, од вкупно емитуваната музика во анализираното деноноќие;
- едно решение за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица (ПЗМЛ), односно поради непочитување на правилата за заштита на малолетните лица – необележување на промотивни најави за играна програма со сигнализација за заштита на малолетните лица;
- шест решенија за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на член 20 и 21 од ПЗМЛ, односно поради непочитување на правилата за заштита на малолетните лица – емитување играна програма со неправилна примена на предупредувачка сигнализација за програма од втора категорија (8+);
- едно решение за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 16, 20 и 21 од ПЗМЛ, односно поради непочитување на правилата за заштита на малолетните лица – емитување играна програма во несоодветен временски период од деноноќието и со неправилна примена на предупредувачка сигнализација;
- едно решение за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 16, 17 и 19 од ПЗМЛ, односно поради непочитување на правилата за заштита на малолетните лица – погрешно категоризирање и означување програма, емитување програма во несоодветен временски период од деноноќието и емитување програма која пред почетокот на емитувањето не е означена со предупредувачка сигнализација која ја означува категоријата програма;

- едно решение за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 16 и 17 од ПЗМЛ, односно поради непочитување на правилата за заштита на малолетните лица – погрешно категоризирање и означување програма и емитување програма во несоодветен временски период од денонoќието;
- едно решение за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 17 и 19 од ПЗМЛ, односно поради непочитување на правилата за заштита на малолетните лица – погрешно означување на категоријата програма и емитување програма која пред почетокот на емитувањето не е означена со предупредувачка сигнализација која ја означува категоријата програма и
- едно решение за преземање мерка – јавна опомена поради констатирана повреда на член 14 од ЗМ - неисполнување на обврската за објавување податоци што радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја посебна содржина од програмскиот сервис, односно необјавување податоци за импресум.

**Покренати прекршочни постапки/спроведени постапки за порамнување**

Во согласност со Законот за прекршоците, Агенцијата спроведе две постапки за порамнување против еден радиодифузер (ТВ Гурра), откако со контролен надзор беше утврдено дека и покрај изречената јавна опомена за прекршување на одредбите од ЗААВМУ, радиодифузерот продолжил со вршење на истата повреда за која претходно беше опоменат. Покренатите постапки за порамнување завршија неуспешно, поради што Агенцијата поднесе две барања за поведување прекршочна постапка до надлежниот суд.

**Преземени мерки заради непочитување на правилата за медиумско претставување за време на изборите во 2024 година**

За констатирани прекршувања на Изборниот законик (ИЗ) при известувањето за претседателските избори во 2024 година, Агенцијата покрена три прекршочни постапки[17] пред надлежен суд против два радиодифузери, и тоа:

- против ТВ Клан Мацедониа и одговорното лице на радиодифузерот за прекршување на член 75 став 1 од ИЗ, а во врска со став 4 алинеја 1 од истиот член, односно поради тоа што во текот на првиот круг од изборната кампања за избор на претседател на РСМ, во рамките на својот програмски сервис емитуван во периодот од 04.04.2024 година до 22.04.2024 година, не обезбеди информирање за изборниот процес во формат достапен за лицата со попреченост (со користење знаковен јазик, титлови, тонски опис или други алатки за обезбедување пристапност), ниту во најмалку едно издание на вестите на дневно ниво, ниту во друга програмска содржина на неделно ниво емитувана во периодот од 16:00 до 24:00 часот, иако објавуваше платено политичко рекламирање во континуитет во текот на изборната кампања. Оваа постапка заврши така што од страна на Судот беше донесена пресуда со која беа изречени прекршочни санкции – глоби, и тоа: на правното лице во износ од 800 евра и на одговорното лице во износ од 300 евра во денарска противвредност. Пресудата е правосилна и извршна;

- против ТВ Клан Мацедониа и одговорното лице на радиодифузерот за прекршување на член 76-б став 3, а во врска со член 69-а став 2 од ИЗ, односно поради тоа што наведениот радиодифузер го

[17] Детални податоци за прекршочните постапки се наведени во Прилог бр. 1.8. од Извештајот - „Поведени прекршочни постапки против радиодифузери за констатирани прекршувања за време на изборите за претседател на Република Северна Македонија“

прекрши изборниот молк за првиот круг од изборната кампања, на начин што во рамките на својот програмски сервис емитуван на 23 и 24 април 2024 година, во повеќе свои програми/содржини емитуваше информации и аудиовизуелни материјали поврзани со, или во кои учествуваат учесници во изборите. Оваа постапка заврши така што од страна на Судот беше донесена пресуда со која правното лице се огласи за одговорно и му се изрече прекршочна санкција - глоба во износ од 1.500 евра, а одговорното лице во правното лице се огласи за виновно и му се изрече прекршочна санкција - глоба во износ од 450 евра. Пресудата е правосилна и извршна;

- против ТВ Алфа и одговорното лице на радиодифузерот за прекршување на член 75-ѓ став 1 од ИЗ, односно поради тоа што за време на вториот круг од изборите за претседател, во рамките на својот програмски сервис емитуван на 25-ти април 2024 година, во реалните часови емитувана програма од 8 до 9 часот, од 9 до 10 часот, од 10 до 11 часот, од 11 до 12 часот и од 12 до 13 часот, емитуваше повеќе од 4 минути платено политичко рекламирање за кандидатката за претседател – Гордана Силјановска Давкова, поддржана од политичката партија во опозиција - ВМРО-ДПМНЕ. Оваа постапка заврши така што од страна на Судот беше донесена пресуда со која беа изречени прекршочни санкции – глоби, и тоа: за правното лице во износ од 1.500 евра и за одговорното лице во износ од 400 евра во денарска противвредност. Пресудата е правосилна и извршна.

За време на изборите за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија не беа покренати прекршочни постапки пред надлежен суд.

**Постапки за одземање на дозволи на радиодифузери**

Во извештајната година, Советот на Агенцијата покрена вкупно 23 постапки за одземање на дозволите за телевизиско или радио емитување, од кои:

- 18 постапки беа покренати поради неплаќање на годишниот надоместок за дозволата. Од нив, 12 беа запрени, со оглед на тоа што радиодифузерите го платија во целост годишниот надоместок за дозволата за телевизиско/радио емитување, а за шест покренати постапки беа донесени одлуки за одземање на дозволата бидејќи радиодифузерите не ја исполнија оваа обврска (одземена беше дозволата на ТРД РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје, ТДР РАДИО УСКАНА - ПЛУС увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, ТРД БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар, ТДРД ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, ТРД РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Кичево и ТРД Радио ПРО-ФМ Гостивар). Од овие шест, за три радиодифузери беше донесена одлука за поништување на одлуката за одземање на дозволата за телевизиско/радио емитување (ТДРД ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, ТРД РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Кичево и ТРД Радио ПРО-ФМ Гостивар), откако во целост го платија годишниот надоместок за дозволата;

- три постапки беа покренати поради неисполнување на минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување. Од овие, две беа запрени (за ТРД РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје и ТРД БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар) затоа што радиодифузерите ги исполнија кадровските услови, а една заврши со одземање на дозволата (одземена беше дозволата на ТДР ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица);

- една постапка беше покрената истовремено по два основи - поради неисполнување на минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување и поради неплаќање на

годишниот надоместок за дозволата, по што беше донесена одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување (на ТДР ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица), но истата беше поништена откако радиодифузерот ги исполни условите во цитираниот правилник и во целост го плати годишниот надоместок за дозволата; и

- една постапка беше покрената поради констатирани законски пречки за вршење на дејноста – односно поради тоа што радиодифузерот и во дополнителниот рок не ги исполни законските обврски и до Агенцијата не достави податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање во 2023 година, остварените вкупни приходи и расходи од обезбедувањето на дејноста во 2023 година и за просечната слушаност во 2023 година. Оваа постапка заврши со одземање на дозволата, бидејќи радиодифузерот не го отстрани направениот прекршок (одземена беше дозволата на ТРД Радио ПРО-ФМ ДОО Гостивар).

Од вкупно 23 покренати постапки за одземање на дозвола за телевизиско или радио емитување - 14 постапки беа запрени, а за 9 Агенцијата донесе одлуки за одземање на дозволите (ТДРД ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, ТРД РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ, ТРД Радио ПРО-ФМ ДОО Гостивар -во два наврати, ТРД РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје, ТДР РАДИО УСКАНА - ПЛУС увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, ТДР ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица - во два наврати и ТРД БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар), од кои 4 одлуки се поништија поради тоа што радиодифузерите ги отстранија причините поради кои Агенцијата ги донесе истите одлуки (Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, ТРД РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ, ТДР ТВ-КАНАЛ ВИС Струмица и ТРД Радио ПРО-ФМ Гостивар).

Во извештајната година беа одземени дозволите на пет радиодифузери (ТРД Радио ПРО-ФМ ДОО Гостивар, ТРД РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје, ТДР РАДИО УСКАНА - ПЛУС увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, ТДР ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица и ТРД БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар)

**Бришење од регистарот на радиодифузери**

Агенцијата донесе 12 решенија за бришење од регистарот на радиодифузери, врз основа на кои од регистарот беа избришани радиодифузерите на кои им беа одземени дозволите за емитување телевизиска или радио програма (непрофитното радио Универзум од Скопје (дозволата беше одземена во декември 2023 година), РА Ускана Плус од Кичево, РА Хит ФМ од Скопје, ТВ Канал Вис од Струмица, РА Балкан ФМ од Гостивар и РА Про-ФМ од Гостивар) и радиодифузерите кои ја известија Агенцијата дека престануваат да емитуваат програма (РА Чоки од Прилеп, РА Зора од Делчево, Телевизија 3 од Скопје, ТВ Канал 8 од Кочани, РА Б-97 од Битола и РА Ррапи од Струга).

**Преземени мерки против издавачите на печатени медиуми**

- **Изречени мерки – јавни опомени**

Во извештајната година Агенцијата донесе едно решение за преземање мерка – јавна опомена кон издавач на печатен медиум кој не ја исполнил во целост обврската од член 14 став 1 од ЗМ, односно не ги објавил сите податоци коишто е должен да ги објави во импресумот на секој примерок од печатен медиум.

**Преземени мерки против операторите на јавни електронски комуникациски мрежи**

- **Изречени мерки – јавни опомени**

Поради прекршувања на ЗААВМУ, констатирани со извршен програмски надзор на операторите на јавна електронска комуникациска мрежа, во 2024 година Агенцијата донесе 12 решенија за изрекување мерка јавна опомена, од кои 11 поради реемитување програмски сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата (член 141 од ЗААВМУ) и едно поради тоа што операторот во својот програмски пакет не ги обезбедил програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис (член 143 став 3 од ЗААВМУ).

- **Покренати прекршочни постапки/спроведени постапки за порамнување**

Во текот на 2024 година, во согласност со одредбите од Законот за прекршоците, беа спроведени три постапки за порамнување – постапки за издавање на прекршочен платен налог со два оператори на јавна електронска комуникациска мрежа (Тотал ТВ и А1 Македонија) и одговорните лица на операторите. Спроведените постапки завршија успешно, односно сторителите на прекршокот во законски утврдениот рок ги платија глобите утврдени во прекршочниот платен налог.

## УПРАВНИ СПОРОВИ И ПОСТАПКИ ПРЕД УСТАВНИОТ СУД

- **Управни спорови**

Во 2024 година, од страна на четири радиодифузери - РА Александар Македонски, РА Про ФМ, ТВ Канал Вис и ТВ 24 Вести, беа поведени четири управни спора[18] против акти донесени од страна на Агенцијата.

РА Александар Македонски и РА Про-ФМ поднесоа тужби до Управниот суд на РСМ против одлуките на Агенцијата за одземање на дозволите за радио емитување (РА Александар Македонски и против Решението за бришење од регистарот), кои беа донесени бидејќи двете радиостаници не го платиле надоместокот за дозволите во законски утврдениот рок. По донесувањето на одлуките за одземање, а согласно законската можност од Законот за општа управна постапка и Законот за управните спорови, двата радиодифузери го платија во целост надоместокот за дозволите, како и останатите трошоци за објавување на одлуките во Службен весник на РСМ и во два дневни весници, и ги повлекоа поднесените тужби до судот. Имајќи го предвид ова, односно фактот дека беа отстранети причините поради кои беа донесени одлуките за одземање на дозволите на РА Александар Македонски и РА-Про ФМ, Агенцијата донесе одлуки со кои ги поништи истите, а Управниот суд ги запре постапките по поднесените тужби.

ТВ Канал Вис поведе управен спор против одлуката на Агенцијата за одземање на дозволата за телевизиско емитување, донесена поради неплаќање на надоместокот за дозволата во законски утврдениот рок и поради неисполнување на минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување. По донесувањето на оваа одлука, ТВ Канал Вис ги исполни минималните кадровски услови утврдени во наведениот правилник, изврши уплата на надоместокот за дозволата и на другите финансиски обврски со кои беше задолжен и ја повлече поднесената тужба до Управниот суд. Со оглед на тоа што и

[18] Деталните податоци за поведените управни спорови се наведени во Прилог бр. 1.9. од Извештајот - „Управни спорови во 2024 година“

овојпат престанаа да постојат причините поради кои беше донесена одлуката за одземање на дозволата на овој радиодифузер, Агенцијата донесе нова одлука со која ја поништи претходната, а судот донесе решение со кое ја запре постапката по тужбата на тужителот.

Четвртиот спор беше поведен од страна на ТВ 24 Вести против одлуката на Агенцијата со која го одби барањето на телевизијата за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс. Агенцијата ја донесе оспорената Одлука при повторно одлучување по писменото барање што ТВ 24 Вести го достави во 2022 година, а постапувајќи по Пресудата (УЖ-2.бр.128/2023 од 17.06.2024 година) на Вишиот управен суд на РСМ, со која жалбата на ТВ 24 Вести се уважува, Пресудата на Управниот суд У-3.бр.301/2022 од 07.02.2023 гдина се преиначува, тужбата на тужителот ТВ 24 Вести се уважува, а Одлуката на Агенцијата (Уп1 бр.08-13 од 27.05.2022 година) за одбивање на барањето за објавување јавен конкурс се поништува и предметот се враќа на повторно одлучување на Агенцијата. Оваа постапка е сè уште во тек пред Управниот суд на РСМ.

- **Иницијативи до Уставен суд на РСМ за поведување постапки за оценување уставност и законитост**[19]

Во април 2024 година, Уставниот суд на РСМ побара од Агенцијата да се произнесе и да достави мислење во врска со поднесени иницијативи за оценување на уставноста и законитоста на:

- Точка 3 од Упатството за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори 2024 година, поднесена од Билјана Ванковска – Цветковска (во својство на потврден независен претседателски кандидат) и Политичката партија ЛЕВИЦА (во својство на опозициска парламентарна партија); и

- Точка 1 од Упатството за измена и дополнување на Упатството за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори 2024 година, поднесена од Политичката партија ЛЕВИЦА (во својство на опозициска парламентарна партија).

За двете поднесени иницијативи, во законски определениот рок, Агенцијата достави мислење, по што Уставниот суд донесе Решенија со кои се отфрлија двете иницијативи.

Во јули 2024 година, Уставниот суд побара од Агенцијата да достави мислење во врска со поднесени иницијативи за оценување на уставноста и законитоста на:

- членот 10 и членот 16 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РСМ“ бр. 55/24), и

- членот 101-в став 4 и членот 101-з став 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РСМ“ бр. 55/24).

Во законски определениот рок Агенцијата достави мислење до Уставниот суд за двете иницијативи. Двете постапки се сè уште во тек пред Уставниот суд на РСМ.

[19] Деталните податоци за поднесените иницијативи за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста до Уставен суд на РСМ се наведени во Прилог бр. 1.10. од Извештајот - „Поднесени иницијативи до Уставен суд на РСМ во 2024 година“.

# АНАЛИЗИ И ИСТРАЖУВАЊА

### Анализа на пазарот на аудио и аудиоизуелни медиумски услуги за 2023 година[20]

Во второто тримесечје од годината Агенцијата ја изработи Анализата на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година, која содржи податоци за вкупните приходи што субјектите на пазарот ги оствариле и структурата на приходите, за вкупните трошоци и структурата на трошоците, за финансискиот резултат од работењето и за просечниот број на вработени. За да се добијат сеопфатни сознанија за трендовите на пазарот, во Анализата се прикажани економските перформанси на радиодифузерите во периодот од 2018 до 2023 година. Наодите од анализата беа презентирани на третиот јавен состанок на Агенцијата, кој се одржа во септември 2024 година.

### Структура на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2023 година[21]

Оваа анализа Агенцијата ја изработи во третиот квартал од годината за подетално да ја прикаже структурата на вработените во јавниот радиодифузен сервис и во комерцијалните радиодифузери. За таа цел во неа се анализирани податоците за вработените од аспект на работните места на кои се ангажирани, од аспект на нивниот статус (редовен работен однос или хонорарно ангажирани), степенот на образование, полот и нивната етничка припадност.

### Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс[22]

За да утврди дали постои оправданост да се објави јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку терестријален предавател, Агенцијата во втората половина од годината изработи студија во која, во три засебни делови, направи економска анализа, анализа на постојната медиумска понуда и анализа на ставовите на публиката. Првиот дел од Студијата уште еднаш го потврди многупати повторуваниот став дека македонскиот медиумски пазар е многу мал и со слаб економски потенцијал, со мошне ограничени ресурси за рекламирање, како и дека бројот на субјекти е преголем, што ја доведува во прашање одржливоста на пазарот. Анализата на постојната медиумска понуда покажа недостиг од разновидност и на програмските формати на телевизиските програмски сервиси и на програмските содржини што тие ги емитуваат. Анализата на потребите и ставовите на публиката покажа дека значаен дел од публиката смета дека на програмите на македонските телевизии недоволно се застапени документарни емисии, образовна програма, програма од областа на уметноста и културата, спортска програма, програма за деца и цртани филмови, а истовремено публиката не е задоволна ни од квалитетот на овие програми. Додека значаен дел смета дека премногу или доволно застапени и со задоволителен квалитет се играните серии во турска, индиска или латиноамериканска продукција; вестите и информативните содржини; политичките дебатни емисии; филмовите, забавните и музичките емисии. Наодите од овие три анализи покажаа дека не постои оправданост да се објави конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво за програмски сервиси од општ формат со претежно забавна функција, програмски сервиси од општ формат со претежно информативна функција и програмски

---

[20] Достапна на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2024/06/Анализа-на-пазарот-на-аудио-и-аудиовизуелни-медиумски-услуги-за-2023-година.pdf
[21] Достапна на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2024/09/Структура-на-вработените-во-аудио-и-аудиовизуелната-медиумска-индустрија-во-2023-година.pdf
[22] Достапна на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2024/09/СТУДИЈА-ЗА-УТВРДУВАЊЕ-НА-ОПРАВДАНОСТА-ЗА-ОБЈАВУВАЊЕ-ЈАВЕН-КОНКУРС-ЗА-ТЕРЕСТРИЈАЛНА-ТЕЛЕВИЗИЈА-НА-ДРЖАВНО-НИВО.pdf

сервиси од општ формат во кој застапените видови програми ги остваруваат сите три медиумски функции, како и дека она што е потребно се телевизии од специјализиран формат.

**Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитно радио на локално ниво, на подрачјето на Општина Неготино[23]**

Врз основа на барање од заинтересирана страна за отворање непрофитно радио кое ќе емитува програма во подрачјето на Неготино, Агенцијата изработи Студија за утврдување оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радиоемитување на ова подрачје. Наодите од студијата покажаа дека постои оправданост за објавување јавен конкурс, и тоа за радио програмски сервис чија целна група ќе биде локалното население на подрачјето на Неготино, јазикот на емитување на говорниот дел да биде македонски, најмалку 10% од вкупно емитуваната програма во текот на неделата да бидат говорни содржини, а најмалку 70% од говорните содржини да бидат од релевантно значење или интерес за населението на локалното подрачје – важни сервисни информации, информации за случувањата во подрачјето, содржини што ќе обработуваат локални теми од областа на културата, спортот, економијата и екологијата и ќе овозможат вклученост и дебата на граѓаните.

**Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио на локално ниво, на подрачјето на Општина Битола[24]**

Оваа студија Агенцијата ја изработи за да утврди дали постои оправданост да се објави јавен конкурс за локално радио на подрачјето на Битола. Нејзината изработка следеше по доставено барање од правно лице, кое изрази заинтересираност за радио само со говорни емисии, без музика. За потребите на Студијата беше анализирана постојната радиска понуда во Битола, пазарниот потенцијал и економското работење на постоечките радија во последните три години. Студијата покажа дека постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за локално радио во Битола, и тоа за програмски сервис говорно радио од општ формат, во кое застапените видови програми остваруваат најмалку две од трите медиумски функции.

**Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио на локално ниво, на подрачјето на Општина Куманово[25]**

И оваа студија беше изработена врз основа на претходно доставено писмо со намери од зинтересирана страна. За да може да одговори на целта заради која беше изработена, во студијата е направена анализа на постојната медиумска понуда во Куманово (од аспект на програмските формати и од аспект на програмските содржини кои ги нудат локалните радија во Куманово), анализа на нивното економско работење во последните три години и анализа на пазарниот потенцијал. Наодите од студиијата покажаа дека постои оправданост за објавување јавен конкурс за локално радио во Куманово, и тоа за програмски сервис говорно-музичко радио од општ формат во кое застапените видови програми остваруваат најмалку две од трите медиумски функции, на македонски јазик.

---

[23] Достапна на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2024/09/Студија-за-утврдување-на-оправданоста-за-објавување-јавен-конкурс-за-непрофитно-радио-во-Неготино.pdf
[24] Достапна на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2024/09/Студија-за-утврдување-на-оправданоста-за-објавување-јавен-конкурс-за-радио-во-Битола.pdf
[25] Достапна на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2024/10/Студија-за-утврдување-на-оправданоста-за-објавување-јавен-конкурс-за-доделување-дозвола-за-локално-радио-во-Куманово.pdf

**Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио на локално ниво, на подрачјето на Општина Тетово[26]**

Оваа студија е изработена за да се утврди дали постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за музичко радио на територијата на Општина Тетово. Имајќи ги предвид наодите од анализата на постојната понуда и анализата на економските перформанси на тетовските радиостаници, заклучокот што произлезе од студијата е дека не постои оправданост за доделување дозвола за музичко радио, за какво што беше заинтересиран подносителот на барањето.

**Родовите прашања и начинот на претставување на жените и мажите во програмите на националните терестријални телевизии[27]**

Агенцијата спроведе истражување за начинот на известување за родово заснованото насилство во информативните програми на националните телевизии во 2023 година. Наодите од истражувањето беа во фокус на првиот јавен состанок на Агенцијата кој се одржа на 28 март 2024 година. За потребите на Агенцијата, истражувањето го изработи Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Анализите на третманот на родовите прашања и прикажувањето на жените и мажите се реализираат од 2012 година, согласно обврската од Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/12, 166/14 и 150/15)[28].

**Родова структура на сопственоста и вработените во ТВ и РА**

Како надополнување на годишните анализи за родот во медиумите, Агенцијата повремено изготвува анализи на родовата структура на вработените и сопствениците на радиодифузерите. Во 2024 година беше завршена и промовирана публикацијата „Родова структура во ТВ и РА: Споредбена анализа на сопственоста (2020 – 2023) и на вработените (2019 – 2022)“[29], која ја изработија вработени во Агенцијата правејќи мета анализа, од родов аспект, на податоците за вработените и за сопственоста кај радијата и телевизиите. Ваквите анализи се важни зашто даваат прецизни податоци за контекстот во кој се врши медиумското известување за родовите прашања.

**Компетенции за медиумската писменост кај учениците во прва и втора година средно образование**

Во текот на март 2024 година беше завршено Истражувањето на медиумската писменост кај учениците во прва и втора година средно образование, кое беше организирано и финансирано од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во соработка со Проектот на УСАИД за медиумска писменост „Младите размислуваат“, спроведуван од ИРЕКС, Македонскиот институт за медиуми, Институтот за комуникациски

[26] Достапна на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2024/10/Студија-за-утврдување-на-оправданоста-за-објавување-јавен-конкурс-за-локално-радио-во-Тетово.pdf

[27] Повеќе податоци за наодите од оваа, и од анализата за родовата структура на вработените и спосвтениците на радиодифузерите, се дадени во делот од Извештајов кој се однесува на активностите на Агенцијата на полето на родовите прашања.

[28] Повеќе податоци за наодите од оваа, и од анализата за родовата структура на вработените и спосвтениците на радиодифузерите, се дадени во делот од Извештајов кој се однесува на активностите на аАгенцијата на полето на родовите прашања.

[29] Достапна на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2024/12/AVMU-publikacija-Rodova-struktura-vo-TV-i-RA.pdf

студии и Младинскиот образовен форум, а со поддршка на Министерството за образование[30]. Истражувањето го спроведе Агенцијата Рејтинг, која беше избрана на јавна набавка.

Ингеренциите на Агенцијата на полето на медиумската писменост произлегуваат од членот 26 од ЗААВМУ. Важноста што регулаторното тело и ја придава на медиумската писменост се огледува и во тоа што нејзиниот развој и унапредување се дел од мисијата што Агенцијата ја има утврдено во својот Стратешки план 2024-2028 година.

## ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА АГЕНЦИЈАТА

### Донесени и изменети интерни и општи акти на Агенцијата

Агенцијата во извештајната година ги донесе/измени следните акти:

- Годишен план за спречување на корупција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година

Согласно Националната стратегија за спречување на корупција и судирот на интереси 2021-2025 донесена од страна на Државната комисија за спречување на корупција, во декември Агенцијата донесе Годишен план за спречување на корупција на Агенцијата за 2025 година, кој содржи збир на мерки, активности, надлежни организациони единици/назначено лице, рок за реализација, индикатори за исполнување и финансиски импликации за реализација на активностите со цел имплементација на мерките. Агенцијата го достави Годишниот план до Државната комисија за спречување на корупција.

- Годишен план за проценка на ризици од корупција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година

Со цел да дејствува превентивно во смисла на намалување на ризиците од корупција, во декември Агенцијата донесе донесе Годишен план за проценка на ризици од корупција за 2025 година, со кој се утврди дека Агенцијата ќе продолжи да применува механизми со кои ќе се намалат ризиците од корупција во веќе дефинираните ризични области за корупција во рамки на нејзината надлежност и делокругот на работење, како и да идентификува нови ризици и соодветни мерки и активности за контрола и превенција на појавата на корупција. Годишниот план за проценка на ризици од корупција, Агенцијата го достави до кабинетот на заменик претседателот на Владата задолжен за добро владеење.

- Правилник за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

- Правилник за определување на траењето на годишниот одмор на вработените во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

  - Процедура за управување со судирот на интереси и пријавување на дополнителен ангажман;

[30] Повеќе детали за истражувањето има во делот на овој Извештај посветен на активностите на Агенцијата за поттикнување на медиумската писменост.

Во извештајната година беше склучен Колективен договор помеѓу Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, од една страна и Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженија на граѓани на Република Македонија и Синдикалната организација на Агенцијата од друга страна, со кој се уредуваат првата, обврските  и одговорностите и други прашања во врска со работниот однос на вработените во Агенцијата.

## Стандарди за управување со квалитет

Во септември беше спроведена ресертификациска проверка од сертификациско тело во однос на стандардот за управување со квалитет ISO 9001:2015, која покажа дека Агенцијата работи согласно барањата на стандарот, што резултираше со обновување на сертификатот на Агенцијата за овој стандард за уште три години.

## Воспоставување структури за меѓусекторка соработка и друга меѓуинституционална соработка

Поради се поизразената потреба од заеднички пристап и заедничко постапување, Агенцијата започна со активности за воспоставување структури за меѓусекторска соработка, односно за формирање мрежа помеѓу релевантни институции и организации кои имаат различни надлежности во онлајн просторот. По повод измените на Законот за додадена вредност, со кои се предвиде обврска за  странските компании кои не се регистрирани во земјата, да назначат свој даночен застапник за целите на ДДВ за да ги исполнат своите даночни обврски во делот на данокот на додадена вредност, започна взаемната соработка најпрво помеѓу Агенцијата и Управата за јавни приходи, а во подоцнежната фаза се приклучи и Министерството за финансии. Во оваа фаза беше констатирано дека е потребно да се вклучи и Агенцијата за електронски комуникации, како и некои од поголемите интернет провајдери. Агенцијата до УЈП достави листа на податоци за странски сервиси (даватели на аудиовизуелни медиумски услуги на барање) кои вршат услуги или се насочени кон територијата на нашата држава, со податоци за називот на сервисот, правното лице кое го обезбедува сервисот, контакт адреса и електронска адреса. Агенцијата ги обезбеди податоците од официјалната база (MAVISE) на Европската аудиовизуелна опсерваторија како и од регистрите што ги водат медиумските регулатори во државата каде се тие сервиси регистрирани.

АВМУ и Агенцијата за вработување на РСМ во февруари потпишаа Меморандум за соработка со кој се уредија односите помеѓу двете институции при размена на податоци за бројот на лицата кои се вработени кај правни лица во РСМ (субјекти над чие работење АВМУ е надлежна да врши надзор), а со цел прибирање докази потребни за водење прекршочна постапка од страна на Агенцијата, согласно одредбите од Законот за прекршоците, ЗААВМУ, ЗМ, подзаконските акти на Агенцијата и ИЗ.

Во текот на 2024 година Агенцијата соработуваше со Министерството за надворешни работи и надворешна трговија (МНРНТ) во врска со исполнувањето на обврските на државата од Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства на Советот на Европа. Во контекст на подготовка на Извештајот по шестиот круг на набљудување, по барање од МНРНТ, АВМУ достави придонес во јануари и во август, во кои беа нотирани позначајните мерки реализирани во периодот од 18 мај 2022 година до крајот на 2023 година.

## Останати активности на Агенцијата

Агенцијата активно учествуваше и на повеќе настани организирани од граѓански здруженија. Така, во март, претставници на АВМУ учествуваа на презентација на наодите од истражувањата што се однесуваат на дискреционите овластувања на јавната администрација: „Дискреционите овластувања како потенцијален ризик од корупција“ и „Дискреционите овластувања при финансирање на платеното политичко рекламирање“, што ги направи Центарот за управување со промени (ЦУП) во рамки на проектот „Поттикнување на добро управување и реформа на јавната администрација“, поддржан од National Endowment for Democracy (NED).

Во јуни, претставничка на Агенцијата учествуваше на онлајн вебинарот „Ера на информативен неред“, со др. Клер Вордл, водечка експертка за прашања поврзани со социјалните медиуми, корисничките содржини и верификацијата, организиран од Центарот за развој на медиуми, а во ноември учествуваа и на дискусијата на тема „Политиките за доделување на дозволи за емитување и иднината на дистрибуцијата на телевизиски содржини“, организирана од истата организација.

Регулативата беше тема и на панел дискусијата „Зошто ни е потребен нов Закон за медиуми“, организирана од Самостојниот синдикат на новинарите и медиумските работници во соработка со Институтот РЕСИС, која се одржа во декември.

Агенцијата ги поддржуваше и истражувачките институции во нивните активности и, во тој контекст, претставник на Агенцијата, во јули, беше интервјуиран од истражувачка на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања за потребите на меѓународно истражување на тема: „Програмирање, застапување и политики за деца и младинци“.

Во 2024 година, со одлука на Агенцијата престана да важи Упатството за начинот на мерење на гледаноста и слушаноста на програмите, односно програмските сервиси на радиодифузерите во Република Македонија („Службен весник на РСМ“ бр.148/24). Одлукака беше донесена поради тоа што во јуни 2023 година беше изменет Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со што се избриша надлежноста на Агенцијата да врши мерење на гледаност или слушност на програмските сервиси на радиодифузерите.

Во 2024 година до Државниот управен инспекторат Агенцијата достави два извештаи за податоците што се однесуваат на постапувањето по претставките и предлозите, за периодот од 01 јануари 2024 година до 30 јуни 2024 година и за периодот од 01 јули 2024 година до 31 декември 2024 година.

Со цел зајакнување на капацитетите на Агенцијата во областа на информациско-комуникациските технологии, беше спроведен безбедносен тест на ИКТ мрежата. Овој тест имаше за цел да идентификува можни слабости и ранливости на мрежата. Резултатите покажаа минимални забелешки во однос на мрежната инфраструктура и оперативните системи, кои главно се должат на брзиот технолошки развој. Истите веќе се надминати или се во процес на надминување.

Покрај тоа, беше извршена сеопфатна анализа на ИКТ системот на Агенцијата, во која се разгледува тековната состојба на ИКТ опремата и ресурсите. Анализата содржи конкретни препораки за унапредување и зајакнување на ИКТ инфраструктурата, со цел подобрување на ефикасноста и безбедноста на системот.

**Постапување по барањата што произлегуваат од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер и ажурирање на листата со информации од јавен карактер**

До Агенцијата, како имател на информации од јавен карактер, во текот на 2024 година беа поднесени девет барања за информации од јавен карактер. Агенцијата за осум од нив овозможи целосен пристап до бараните информации, а едно барање беше отфрлено, со оглед на тоа што утврди дека не располага со бараните информации од јавен карактер. Станува збор за следните барања:

- Во мај, од страна на Тања Иванова, претседателка на Здружението на граѓани Реактор – Истражување во акција, до Агенцијата беше поднесено барање за слободен пристап до информација од јавен карактер, со кое побара пополнување на прашалник во однос на имплементацијата на Стратегијата за родова еднаквост 2022 – 2027 и Националниот акциски план 2022 – 2024, за кое барање Агенцијата овозможи целосен пристап до бараната информација од јавен карактер;

- Во јуни, од страна на Марин Гавриловски, адвокат од Скопје, до Агенцијата беа доставени три барања за слободен пристап до информации од јавен карактер. Информациите кои беа побарани се однесуваа на регистрирани програмски пакети (потврди) за правните субјекти БИГ САТ, МК НАФИ и НАФИ и БЕКО, од почеток на давање на услугата. И за овие барања Агенцијата овозможи целосен пристап до бараните информации;

- Во август, Александра Јовевска Ѓорѓевиќ, раководител на центар за парламентарна поддршка и демократизација во Институтот за демократија „Социетас Цивилис” Скопје, побара од Агенцијата податоци во однос на гледаноста на МРТ Собранискиот канал за периодот јули – декември 2023 година и јануари – јуни 2024 година. Ова барање беше отфрлено поради тоа што Агенцијата утврди дека не располага со бараната информација од јавен карактер;

- Во октомври, од страна на физичкото лице Тони Илиовски, преку застапник/полномошник Кирил Мирчески, адвокат од Прилеп, беше поднесено барање за слободен пристап до информација од јавен карактер, со кое побара потврди за регистрирање програмски сервиси за операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, за периодот од 01.01.2014 година до 29.10.2024 година. Агенцијата овозможи целосен пристап до бараната информација од јавен карактер;

- Во ноември, од страна на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, преку застапникот/полномошникот Небојша Милосавлевиќ од Скопје, од Агенцијата беше побаран Записникот од 42-та седница на Советот на Агенцијата, одржана на 18.11.2022 година. Агенцијата позитивно одговори на барањето и овозможи целосен пристап до бараната информација;

- Истиот месец, ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, преку застапникот/полномошникот Небојша Милосавлевиќ од Скопје, побара податоци за операторот на јавна електронска комуникациска мрежа - Услужното трговско производно друштво НАФИ и БЕКО ДООЕЛ увоз-извоз Гостивар, и тоа: тековна состојба, во кој период е утврдено незаконското реемитување, односно од кој до кој датум е вршено дејствието и дали сè уште трае и по доставеното решение на Агенцијата до операторот, и снимка од извршениот програмски надзор. Агенцијата овозможи целосен пристап до бараните информации од јавен карактер; и

- Во ноември, од страна на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, преку застапникот/полномошникот Небојша Милосавлевиќ, беше побаран примерок од Информацијата на Агенцијата до МВР на РСМ – Центар за

сузбивање на организиран и сериозен криминал, од ноември 2022 година. И за ова барање Агенцијата овозможи целосен пристап до бараната информација.

Подетални податоци во врска со поднесените барања и одговорите на барањата се достапни на веб страницата на Агенцијата, на следниот линк: https://avmu.mk/2024-4/.

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

**Учество во работата на асоцијациите на регулаторните тела од аудиовизуелната област: Европска платформа на регулаторни тела (EPRA), Медитеранска мрежа на регулаторни тела (MNRA), Група на европски регулатори за аудиовизуелни медиумски услуги (ERGA), на настани од меѓународен карактер релевантни за аудиовизуелната област, остварување соработка и билатерални односи со регулаторни тела во Европа, особено со регулаторните тела од регионот**

И во 2024 година меѓународната соработка на Агенцијата на билатерално и на меѓународно ниво, како и во изминатите неколку години се одвиваше комбинирано, односно со физичко и со онлајн присуство. Претставниците на Агенцијата активно учествуваа во работата на меѓународните регулаторни платформи, групи и организации, имаа билатерални средби со регулаторни тела од други земји, како и со претставници на амбасадите во земјава.

### ЕРГА

На 29 февруари, претставничка на Агенцијата онлајн учествуваше на првиот состанок на Подгрупата 4 на ЕРГА посветена на регулативата на ЕУ за дигиталните услуги (ERGA Subgroup 4 on EU regulation of digital services - implementation, enforcement and the role of audiovisual regulators), што во хибриден формат се одржа во Брисел, Белгија. На состанокот се зборуваше за прекуграничната примена на европските закони и беа разгледани механизмите и процедурите за реакција од страна на регулаторите што се на располагање во неколку европски документи – Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги, Актот за дигитални услуги, Директивата за електронска трговија и Европскиот акт за слобода на медиумите. Стана збор и за обврските кои произлегуваат од Актот за дигитални услуги за известување на Европската Комисија и за потребата од меѓународна соработка во поглед на платформите за споделување видеа од трети земји.

На 4 март, претставничка на Агенцијата онлајн учествуваше на првиот состанок на Подгрупата 3 на ЕРГА за справување со дезинформациите и за јакнење на демократијата во дигиталната околина (ERGA Subgroup 3 Countering disinformation and strengthening democracy in the digital environment). На состанокот се разговараше за конкретните активности и рокови за нивно завршување на четирите работни групи во рамки на Подгрупата. Првата група ќе ја следи примената на Регулативата за транспарентноста и таргетирањето на политичкото рекламирање што се очекува да биде објавена во службеното гласило на ЕУ до средината на март. Втората група ќе биде посветена на европските избори и дезинформациите и ќе го следи донесувањето на Насоките за големите платформи и за големите пребарувачи за ублажување на систематските ризици за изборните процеси, за што Европската Комисија води јавна расправа која ќе трае до 8 март. Третата група ќе ги анализира надлежностите и капацитетите на регулаторите во справувањето со дезинформациите, а четвртата ќе ја следи примената на Кодексот на практики за справување со дезинформации, сега корегулаторен акт на Европската Комисија со повеќе субјекти врз основа на Актот за дигитални услуги.

На 9 април, претставник на Агенцијата учествуваше на онлајн состанокот на Подгрупата 1 на ЕРГА за конзистентна примена и спроведување на европската рамка за аудиовизуелни медиумски услуги, што се одржа во хибриден формат во Брисел, Кралство Холандија. На состанокот беа разгледувани предлог верзиите на прашалниците што ЕРГА ќе ги користи при спроведувањето на истражувањата во врска со транспонирањето и имплементацијата на член 13 (1) (Промоција на европските дела) и член 13 (2) (Финансиски придонес во производството на европски дела) од Директивата за АВМУ; мерките усвоени од давателите на аудиовизуелни медиумски услуги и платформите за споделување видео, вклучувајќи алатки за проверка на возраста, критериуми за означување на содржината и родителска контрола; примената и спроведувањето на членот 7 од Директивата (пристапност); и оценка на ефикасноста на Меморандумот за разбирање на ЕРГА.

На 29 април, претставник на Агенцијата онлајн учествуваше на вториот состанок на Подгрупата 2 на ЕРГА за комплетирање на регулаторната рамка за медиуми на ЕУ, што се одржа во хибриден формат во Брисел, Кралство Холандија. На почетокот на состанокот претседателот на подгрупата го сумираше сработеното во годината, потоа следеше кратко информирање за последните случувања во врска со усвојувањето на Европскиот акт за слобода на медиумите (EMFA) како и за очекуваните следни чекори, беше презентирано нацрт-мапирањето на задачите на Европскиот Одбор за медиумски услуги (EBMS) и новите задачи на националните тела за аудиовизуелни медиуми, нацрт-деловникот за работа на одборот, внатрешната структура и функционирање на одборот, и на крајот членовите на подгрупата накратко информираа за моменталната состојба на работите во земјите-членки, односно подготовките за имплементација на EMFA.

На 30 април, претставник на Агенцијата учествуваше на вториот онлајн состанок на Подгрупата 4 на ЕРГА за европската регулација на дигиталните услуги – имплементација, спроведување и улогата на аудиовизулните регулатори, што се одржа во хибриден формат во Брисел, Кралство Холандија. На состанокот се разговараше за приоритетите на ЕРГА за идното законодавство, прекуграничното спроведување на европската медиумска регулатива, поврзаноста помеѓу Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги, Актот за дигитални услуги и Директивата за е-трговија, беа споделени најновите информации во врска со спроведувањето на Актот за дигитални услуги, тимот на DG CNECT DSA информираше за регулаторните активности и известувачки записи од ЕРГА и се разговараше за следните чекори на подгрупата.

На 2 мај, претставник на Агенцијата учествуваше на состанокот на Акциската група на ЕРГА за медиумска писменост, што се одржа онлајн. На состанокот беа презентирани најновите информации во врска со кампањата на ЕРГА против дезинформации и беа споделени најнови информации за активностите на аудиовизуелните регулатори во врска со медиумската писменост.

На 12 јуни, претставничка на Агенцијата онлајн учествуваше на работилница на Подгрупата 3 на ЕРГА посветена на справувањето со дезинформациите.

На 13 јуни, претставничка на Агенцијата онлајн учествуваше на состанокот на Контакт мрежата на ЕРГА посветен на подготовка за пленарниот состанок на ЕРГА што ќе се одржи на почетокот од јули во Брисел.

На 4 јули, претставник на Агенцијата учествуваше на 21-вата Пленарна средба на ЕРГА (Групата на европски регулатори за аудиовизуелни медиумски услуги) во Брисел, Кралство Белгија. Средбата ја отвори Ѓузепе Абамонте, директор за медиумска политика во Генералниот директорат на Европската комисија за комуникациски мрежи, содржини и технологија, а потоа претседавачот на ЕРГА, Џакомо Ласорела, генералната директорка на DG COMM Дана Спинант и претставникот на Претседавачот на ЕРГА Франческо Скиачитано ги претставија активностите и резултатите од кампањата за подигање на свеста за медиумска писменост што ја спроведоа ЕРГА и Европската комисија. Во понатамошниот тек на средбата, свои презентации и извештаи за испорачаните цели дадоа Подгрупите 1, 2, 3 и 4. Во рамките на презентацијата

од страна на Подгрупата 4 се дискутираше за гледиштата на ЕРГА во однос на идните приоритети за медиумската политика: како да се обезбедат слободни и плуралистички пазари за медиуми; како да се заштитат Европјаните од манипулациите со информации и од дезинформациите; како да се осигури безбедно медиумско опкружување за корисниците и децата и да се обезбеди комплементарен режим на спроведување на регулативата кај онлајн медиумите (ДСА).

На 18 септември, претставничка на АВМУ онлајн учествуваше на состанок на Подгрупата 1 на ЕРГА и на работилница организирана од Подгрупата посветена на обезбедувањето пристапност на аудиовизуелните медиумски услуги за лицата со сетилна попреченост.

На 10 октомври, претставник на Агенцијата учествуваше на третиот онлајн состанок на Подгрупата 2 на ЕРГА за Европскиот акт за слобода на медиумите, на кој се разгледуваше нацрт верзијата на Правилникот за работа на Европскиот борд за медиумски услуги.

На 14 октомври, претставник на Агенцијата учествуваше на вториот онлајн состанок на Подгрупата 3 - справување со дезинформациите и зајакнување на демократијата во дигиталната средина, посветен на Регулативата за транспарентност на политичкото рекламирање, ажурираниот Кодекс за пракса за дезинформации од страна на Комисијата, а беше презентиран и Извештајот за надлежностите и аналитичките капацитети на регулаторните тела за справување со дезинформациите.

На 16 октомври, претставник на Агенцијата учествуваше на третиот онлајн состанок на Подгрупата 4 - за регулирање на дигиталните услуги на ЕУ - имплементација, спроведување и улогата на аудиовизуелните регулатори, на кој беше презентиран Извештајот за имплементација и спроведување на европската правна рамка за дигитални услуги, а се разговараше и за досегашното спроведување на Актот за дигитални услуги, со фокус на усвојување на насоки според член 28 од овој акт.

На 18 октомври, претставник на Агенцијата учествуваше на четвртиот онлајн состанок на Подгрупата 1 - за доследна имплементација и спроведување на Европската рамка за аудиовизуелни медиумски услуги, на кој се дискутираше  за работата на групата во 2024 година, како и за постигнатите резултати од работата на оваа подгрупа, и тоа во врска со имплементацијата на Меморандумот за соработка во неговото четиригодишно постоење, во врска со европските дела, заштитата на малолетниците и обезбедувањето пристапност до медиумските услуги.

На 4 ноември, претставничка на Агенцијата онлајн учествуваше на работилницата организирана од Подгрупата 3 на ЕРГА за справување со дезинформациите и за јакнење на демократијата во дигиталната околина, посветена на политичкото рекламирање и имплементацијата на Регулативата на ЕУ за транспарентноста и таргетирањето на политичкото рекламирање.

На 5 ноември, претставничка на Агенцијата онлајн учествуваше на состанокот на Контакт мрежата на ЕРГА, посветен на дискусија за извештаите и другите документи изработени од подгрупите, а планирани за усвојување на пленарниот состанок на ЕРГА.

На 21 и 22 ноември, претставници на Агенцијата во Рим, Република Италија, учествуваа на работилница на Академијата на ЕРГА и на пленарен состанок на ЕРГА. Работилницата беше поделена на два панели, од кои првиот посветен на предизвици и научени лекции од актуелното регулирање на медиумите (особено со Директивата за АВМУ) и улогата на националните регулатори, додека вториот панел се осврна на спроведувањето на Законот за дигитални услуги и неговата примена заедно со одредбите за платформите

за споделување видеа кои произлегуваат од Директивата за АВМУ, потоа новините и предизвиците на Европскиот акт за слобода на медиуми, Актот за вештачка интелигенција и неговото влијание врз аудиовизуелниот сектор, како и ревизијата на Директивата за АВМУ. На пленарниот состанок на ЕРГА беа разгледани активностите во 2024 година, како и извештаите на Подгрупите за нивните активности и постигнати резултати. Беа претставени и финалните резултати од кампањата за медиумска писменост што ја спроведоа ЕРГА и Европската Комисија, како и наредните планирани чекори. На состанокот беше претставена и нацрт-Работната програма на ЕРГА за 2025 година. Учесниците продискутираа и за транзицијата на ЕРГА во Европски одбор за медиумски услуги.

Претставник на Агенцијата на 11 декември учествуваше на четвртиот онлајн состанок на Подгрупата 2 – ЕМФА – Подготовка на транзицијата од ЕРГА во Европскиот одбор за медиумски услуги, на кој се дискутираше во врска со правилата за работа на бордот, особено оние кои се однесуваат на процесот и роковите за подготовка на различни мислења.

На 16 декември, претставничка на Агенцијата онлајн учествуваше на дополнителниот пленарен состанок на ЕРГА за 2024 година, посветен на транзицијата на ЕРГА во ЕБМС.

**ЕПРА**

На 26 февруари, вработени во Агенцијата учествуваа на петтата онлајн работилница за платформите за споделување видеа и регулацијата, организирана од ЕПРА под наслов „Јурисдикцијата/перспективата на земја на потекло и улогата на перспективата во соработката со другите регулатори во Европа“.

Од 5 до 7 јуни 2024 година, претставници на Агенцијата во Ротердам, Холандија, учествуваа на 59-от состанок на ЕПРА. Првата пленарна сесија беше посветена на размена на мислења и практики за тековниот и иден развој меѓу членките на ЕПРА, а покрај практиката да се направи презентација на аудиовизуелниот пејзаж на земјата домаќин (Холандија), членките гласаа и за избор на заменик-претседател на Одборот на ЕПРА. Првиот ден се одржа тематски состанок посветен на медиумската писменост и изборите. Вториот ден од состанокот беше посветен на вештачката интелигенција и регулаторите за медиуми, односно како би можеле да ја интегрираат во секојдневното работење и да се автоматизираат работните процеси.

На 12 септември, во организација на ЕПРА се организираше 6-та работилница за платформите за споделување видеа и регулативата, која се одржа онлајн и на која учествуваа повеќемина вработени во стручната служба на Агенцијата. Работилницата се фокусираше на три случаи - Собирање докази: собирање податоци за и од ВСП, алатки за мониторирање и на прекуграничната соработка и спроведување на регулаторните одлуки.

Од 23 до 26 октомври, претставници на Агенцијата учествуваа на 60-от состанок на ЕПРА, кој се одржа во Лимасол, Кипар. Првиот дел од состанокот беше посветен на досегашните активности на ЕПРА, на новите законски измени и на проширените овластувања на регулаторите, на борбата со дезинформациите и истражувањата кои се прават на ова поле, на работата на Европскиот суд за човекови права, транспарентноста на медиумите, безбедноста на интернет, соработката на ЕПРА со партнерите/проектите. Во рамки на состанокот се одржаа и два панели. Првиот панел, „Влијанието на вештачката интелигенција врз медиумите и импликациите врз регулаторите за медиуми“, имаше за цел да ја подигне свеста на членовите на ЕПРА за местото на вештачката интелигенција и за предизвиците што таа ги поставува за медиумските компании и регулативата, додека вториот панел, „Борбата со содржините со омраза и улогата на регулаторите“, се фокусираше на истражување на последиците од разликата помеѓу говорот на омраза и навредливото/штетното изразување, како тоа влијае на работата на националните регулатори во пракса,

на споделување искуства и практики од имплементацијата на Актот за дигитални услуги, назначувањето и соработката со доверливите означувачи на платформите за споделување видеа (trusted flaggers), соработката со академската заедница и граѓанските организации. Претставник на Агенцијата беше модераторка на групната дискусија посветена на улогата на регулаторните тела во борбата со содржините со омраза.

Во текот на годината беше одговорено на шест прашалници испратени преку ЕПРА. Во февруари беа испратени одговори на прашалникот на регулаторното тело на Украина во врска со актуелните мерки за справување со ширењето на дезинформациите и на црногорскиот регулатор за регулативата за рекламирање коцкарски услуги. Во април се одговори на прашалникот на шведскиот регулатор за висината на надоместокот за дозвола за комерцијални радија, а во јули беше подготвен одговор на прашалник доставен од ЕПРА на тема „Борба против содржината со омраза - улогата на регулаторите“, во функција на подготовка на пленарната сесија на состанокот на ЕПРА во Лимасол, на 25 октомври. Во септември Агенцијата одговори на прашалникот на украинскиот регулатор за примена на санкции кон државата агресор во медиумите, а во ноември се одговори на ЕПРА-прашалник „Алокација на позиции на DAB+ за дигитални радија и помош на локалните радија“, поставен од луксембуршкиот регулатор за медиуми - Национален совет за електронски масовни медиуми, во контекст на нивните тековни напори за поддршка на развојот на дигиталното радио преку DAB+ во Луксембург.

Во текот на ноември беше доставен и придонесот на Агенцијата за Програмата на ЕПРА за 2025 година.

**МНРА**

На 5 јуни беше одговорен прашалникот испратен од МНРА во врска со подготовките за Меѓународната конференција за управување со дигиталните платформи.

**<u>Други меѓународни активности</u>**

На 20 февруари, претставници на Агенцијата одржаа работна средба со претставници од косовскиот регулатор за медиуми. На средбата се разговараше за имплементацијата на Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги во националните законодавства на двете земји.

На 13 март, претставници на Агенцијата се сретнаа со претставници од Амбасадата на САД во врска со состојбите во медиумската сфера и предизвиците пред почетокот на изборните кампањи.

На 22 мај, претставници на Агенцијата на покана на Независната Комисија за медиуми во Приштина, Република Косово, одржаа билатерална средба. На состанокот се дискутираше за повеќе прашања поврзани со хармонизацијата на домашната регулатива со европската и спроведувањето на обврските кои произлегуваат од ревидираната Директива за аудиовизуелни медиумски услуги, а посебно внимание се посвети на искуствата во поглед на начинот на реализација на мониторингот на медиумските содржини за време на изборни процеси.

На 18 и 19 јуни, претставници на Агенцијата учествуваа на Меѓународната конференција за управување со дигиталните платформи: Градење Глобален форум на Мрежи што, во организација на УНЕСКО, се одржа во Дубровник, Република Хрватска. Ден претходно, на 17 јуни, како преднастан на Конференцијата се одржа и Тркалезна маса со регулаторните органи на земјите-членки на УНЕСКО во Југоисточна Европа: „Управување со дигиталните платформи преку пристап со повеќе засегнати страни и заснован на човекови права“, коорганизирана од УНЕСКО и хрватското регулаторно тело за медиуми.

На 29 август беше доставен до Министерството за надворешни работи придонес на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги кон Извештајот по шестиот круг на набљудување на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства на Советот на Европа.

На 11 октомври, претставници на Агенцијата учествуваа на регионалната работилница: „Агенда за дигиталната безбедност на децата во Западен Балкан" во Тирана, Република Албанија, на покана од албанското Регулаторно тело за аудиовизуелни медиуми, во соработка со Тик Ток Европа и Центарот за правата на децата во Албанија. На настанот беа презентирани активностите на АВМУ во поглед на заштитата на малолетниците и медиумската писменост. Овој настан претставуваше одлична можност да бидат договорени и понатамошните чекори за продлабочување на соработката помеѓу АВМУ и претставниците на Тик Ток. По завршување на работилницата следеше и состанок меѓу регулаторните тела на кој се разговараше за практичните примери на соработката помеѓу регулаторното тело на Република Албанија и Тик Ток.

**Соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Претставникот за слобода на медиумите на ОБСЕ, со ОБСЕ/ОДИХР и со други меѓународни тела чијашто активност е поврзана со слободата на медиумите и со следењето на медиумското претставување за време на изборна кампања**

На 31 јануари, во Агенцијата се одржа состанок со претставници на ОБСЕ/ОДИХР, реализиран на нивно барање во контекст на проценка на состојбите од нивна страна пред Претседателските и Парламентарните избори 2024 година.

На 1 април, претставнички на Агенцијата имаа работна средба со Лоренс Тојле, задолжен во Набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР за мониторингот на медиумското известување за изборите во 2024 година. Во текот на кампањата се одржуваше редовна соработка меѓу АВМУ и ОДИХР.

На 4 април, претставници на Агенцијата имаа работна средба со Џилиан Стирк, шефицата на мисијата на ОБСЕ/ОДИХР и Лоренс Тојле, задолжен за мониторингот на медиумското известување за изборите во Набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР, за активностите на Агенцијата за време на Изборите 2024 година и предизвиците со кои се соочува.

На 27 и 28 мај, претставник на Агенцијата учествуваше на вториот состанок Supplementary Human Dimension Meeting – SDHM на ОБСЕ во Виена, Австрија, на тема „Медиумската писменост и демократијата". Состанокот беше поделен на три сесии - „Медиумска писменост и општествената отпорност: предизвици и можности во дигиталната ера", „Медиумска писменост и демократско учество базирано на информираност, вклучително и за време на избори" и „Писменост од областа на медиумската слобода". Претставникот на Агенцијата беше панелист во втората сесија, а во своето излагање се осврна на активностите на Агенцијата за време на неодамнешните претседателски и парламентарни избори во Македонија, на активностите поврзани со Кодексот за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми и Мрежата за медиумска писменост, и двете изготвени/формирани на иницијатива на Агенцијата.

На 11 јуни, претставничка на Агенцијата учествуваше на панел - дискусијата „Кодекс на однесување - Борба против насилството врз жените во политиката и изборните процеси", во организација на Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС) во соработка со Македонското женско лоби во рамките на Програмата за поддршка на изборите на Владата на Швајцарија.

Во текот на август, претставници на Агенцијата одржаа работна средба со претставници на ИФЕС во врска со потенцијална соработка за изработка на софтверско решение за мониторинг на платено политичко рекламирање.

На 3 октомври и 21 ноември, претставници на Агенцијата учествуваа на работна средба со претставници на ИФЕС во врска со изработка на софтвер за мониторинг на платеното политичко рекламирање за време на изборни процеси.

На 17 октомври, претставници на Агенцијата учествуваа на работна средба со претставници на ОДИХР, посветена на нивниот финален извештај од мониторингот на изборните процеси во 2024 година.

На 28 и 29 октомври, претставници на Агенцијата учествуваа на Конференцијата на ИФЕС насловена „Пари, медиуми и избори во Северна Македонија - користење јавни средства за онлајн политичко рекламирање“.

На 5 ноември, претставник на Агенцијата учествуваше на првата работилница на Меѓународниот Институт за демократија и помош при избори, организирана со цел разработка на глобална Методологија за анализирање на изборните манипулации со информации и опструкции од странство (ФИМИ). Настанот беше можност да се разгледа и продискутира глобалната Методологија и да се оформи правецот во кој таа понатаму ќе се доразвива, со помош на различните експертизи и искуства на учесниците од справувањето со ФИМИ. Посебен фокус беше ставен врз тоа како предложениот приод најдобро да се примени од страна на граѓанските организации за Методологијата да биде делотворна. Работилницата беше интерактивна и вклучуваше групни дискусии во кои учесниците се ангажираа на еден колаборативен начин.

Претставници на Агенцијата на 17 и 18 декември во Варшава, Полска, учествуваа на конференција „Информирање и ангажирање на гласачите – регионална перспектива за предизвиците и можностите за зголемување на излезноста на гласачите во Западен Балкан“, организирана во рамки на проектот на Канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права (ОДИХР) „Поддршка на изборните реформи во Западен Балкан“. Конференцијата беше поделена на пет панели, кои од различен агол го обработуваа проблемот - Значењето на излезноста на гласачите; Онлајн изборна кампања; Политичко рекламирање; Предизвици и успеси во зголемувањето на излезноста на гласачите за недоволно застапените групи и Решавање на бариерите за регистрација на гласачите.

**Соработка со Советот на Европа во активности насочени кон поттикнување на слобода на изразување и слобода на медиуми и создавање поволно опкружување за медиумите**

На 12 април, претставник на Агенцијата учествуваше на првиот состанок на Управниот одбор на заедничкиот проект на ЕУ и Советот на Европа - „Заштита на слободата за изразување и медиумите во Западен Балкан – ПРОФРЕКС“, на кој се разговараше за досегашните активности, како и за оние кои ќе следат во текот на годината.

На 17 април, претставници на Агенцијата учествуваа на тематската дискусија „Поддршка за новинарскиот интегритет: Заштита на новинар(к)ите и медиумските актери во Северна Македонија“, организирана од Советот на Европа и ЗНМ во рамки на ПРОФРЕКС.

На 14 мај, претставник на Агенцијата учествуваше на онлајн состанокот на Управниот одбор на заедничкиот проект на ЕУ и Советот на Европа „Заштита на слободата за изразување и медиумите во Западен Балкан – ПРОФРЕКС“, на кој беа презентирани планираните активности во регионот.

На 21 ноември, претставник на Агенцијата учествуваше на вториот состанок на Управниот одбор на корисниците на заедничката програма на Европската унија и Советот на Европа: „Хоризонтален Инструмент за Западен Балкан и Туркије“ (Хоризонтален Инструмент III), на кој се разговараше за реализираните и активностите кои треба да се реализираат во следниот период, до одржувањето на следниот Управен одбор.

На 4 декември, во организација на Програмската канцеларија на Советот на Европа во Скопје и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, се одржа работилница на тема „Унапредување на известувањето за родово-засновано насилство во медиумите. На работилницата, која беше наменета за медиумски работници од локалните радија и телевизии, беше направен осврт на националната легислатива и системот за заштита на жртви од родово засновано насилство и на Прирачникот за родово сензитивно известување во медиумите, чија цел е да им помогне на медиумите во нивните заложби за професионално известување на родово сензитивен начин. На работилницата присуствуваа и претставници на стручната служба на Агенцијата. Посебен акцент беше ставен на меѓусекторскиот пристап во третирањето родово засновано насилство, потоа на важноста на новинарското известување и начинот на врамување на темите поврзани со семејното и родово базираното насилство, родовата еднаквост, ЛГБТИ заедницата, како и на потребата да се води сметка за интерсекционалноста на дискриминацијата, односно ситуациите во кои една личност е дискриминирана по повеќе основи. На работилницата исто така се говореше и за Водичот на Агенцијата за мониторинг на примената на стандардите за известување во случаи на родово засновано насилство во медиумите, кој е наменет да даде јасни стандарди и критериуми насочени кон оценување на дадена содржина при известување околу родово засновано насилство, кои истовремено можат да им послужат на медиумите како патоказ за разрешување на дилемите при информирањето.

**Учество во процесот на Универзалниот периодичен преглед на Советот за човекови права на Обединетите нации**

Во мај 2024 година, претставничка на Агенцијата учествуваше на Интерактивниот дијалог по Универзалниот периодичен преглед (УПП), при Советот за човекови права на Обединетите нации, кој се одржа во Женева, Швајцарија, и од кој произлегоа 205 препораки од 67-те земји кои беа вклучени во интерактивниот дијалог. На 46-тата сесија на работната група за УПП, претставничката на Агенцијата учествуваше и на онлајн тренинг сесија и на четири координативни состаноци. Агенцијата достави и одговори на претходно поставени прашања од нејзина надлежност, доставени од Република Словенија, Кралството Белгија, Соединетите Американски Држави и Обединетото Кралство Велика Британија и Северна Ирска.

## ПРОЦЕС НА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА

**Изготвување извештаи и информации релевантни за процесот на европска интеграција и учество во работните тела кои обезбедуваат дијалог со Европската комисија во аудиовизуелната област**

Во јануари, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги до Министерството за правда го достави придонесот за 18-от Поткомитет за правда, слобода и безбедност. Во придонесот се реферираше за покренатата тужба против Министерството за информатичко општество и администрација поради исплаќање на регулаторот помалку од законски пропишаните средства; за промоцијата на Кодексот за

однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми; објавената „Анализа на родовите прашања и начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во забавните програми на радиодифузерите во 2022 година“ и за работилницата „Унапредување на известувањето за родово засновано насилство во медиумите во Северна Македонија“, наменета за медиумските работници од регионалните медиуми и за вработените во стручната служба на Агенцијата.

На 22 февруари, претставници на Агенцијата во Министерството за правда учествуваа на подготвителен состанок за Поткомитетот за правда, слобода и безбедност. На 5 март, претставници на Агенцијата учествуваа на 18-тиот Поткомитет за правда, слобода и безбедност, во делот на слободата на изразување.

Во март, Агенцијата достави одговори на дополнителни прашања кои преку Министерството за правда беа доставени од Европската комисија, а се однесуваа на независноста на регулаторот, финансирањето, човечките и техничките капацитети, начинот на именување и разрешување на директорот и на членовите на Советот на АВМУ, транспарентноста на државните кампањи, мерки за заштита од мешањето во уредувачката политика на медиумите, законските прописи за доделување, одземање и обновување на дозволите на радиодифузерите, сопственичката структура, недозволената медиумска концентрација.

Агенцијата во април, до Министерството за информатичко општество и администрација и до Министерството за правда ги достави одговорите на прашалниците кои беа испратени како дел од подготовката на придонесите за Поглавјето 10 (Информатичко општество и медиуми) и Поглавјето 23 (Фундаментални права) кон Извештајот на Европската комисија согласно доставениот прашалник од ЕК.

Во јули, до Министерството за дигитална трансформација беа испратени коментари и дополнувања на доставениот скрининг Извештај на Европската комисија за Кластерот 3 за Поглавјето 10, како и ажуриран придонес за Годишниот извештај на Европската комисија за земјава, во кој реферираше за промовирањето на Истражувањето на медиумската писменост кај учениците во прва и втора година средно образование, за подготовките за претстојните Денови на медиумска писменост 2024, како и за активностите за изработка/измена и дополнување на подзаконски акти на Агенцијата и за јакнење на капацитетите на стручната служба. Истиот месец до Министерството за правда беа доставени забелешки и коментари на Нацрт-Извештајот за владеење на правото за 2024 година во однос на Северна Македонија и на предлог-заклучоците на Европската комисија за 18-от Поткомитетот за правда, слобода и безбедност.

Во ноември беше одговорено на барање од Министерството за дигитална трансформација за достава на забелешки на Извештајот на Европската Комисија од скрининг процесот за Кластер 3, односно поглавје 10. Истиот месец Агенцијата достави придонес кон Извештај во сенка за Поглавје 23, кој го изработува Институтот за европска политика (ЕПИ) Скопје. Во извештајот регулаторот реферираше за донесениот Водич за мониторинг на говорот на омраза – второ надополнето издание, за Правилникот за пристапност до медиумските услуги, наодите од изработената „Родова структура во ТВ и РА: Споредбена анализа на сопственоста (2020-2023) и на вработените (2019-2022)“, како и за одржаните Денови на медиумска писменост 2024 година.

Во декември, Агенцијата до Министерството за дигитална трансформација испрати придонес за 20-от Поткомитет за иновации, информатичко општество и социјална политика. Во материјалот реферираше за своите активности поврзани со изборите (мониторингот на медиумското претставување за време на изборната кампања за Претседателските и Парламентарните избори 2024 и мониторингот на емитуваното платено политичко рекламирање), Кодексот за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми и имплементацијата на Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги, односно донесените подзаконски акти (Упатството за измена и дополнување на Упатството за примена на одредбите за пласирање производи, Правилникот за пристапност до медиумските услуги, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за емитување европски аудиовизуелни дела и дела од независни

продуценти, Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за спонзорство, Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за заштита на малолетните лица, Водичот за мониторинг на говорот на омраза – второ дополнето и изменето издание и изработениот Нацрт-правилник за физичките лица даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање). Исто така, се осврна и на независноста и подигањето на капацитетите на Агенцијата, работилниците кои ги организираше во рамки на ИПА Твининг проектот во насока на зајакнување на капацитетите на стручната служба, изготвените анализи (Сопственоста на медиумите во 2023 година, Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година, Истражување за начинот на известување за родово заснованото насилство во информативните програми на националните телевизии во 2023 година, Родова структура во ТВ и РА: Споредбена анализа на сопственоста (2020-2023) и на вработените (2019-2022), Истражување на медиумската писменост кај учениците во прва и втора година средно образование), како и одржаните Денови на медиумска писменост 2024.

**Твининг проект „Засилување на капацитетите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Јавниот радиодифузен сервис“**

Во текот на годината беа реализирани повеќе состаноци и настани во рамки на Твининг проектот „Зајакнување на капацитетите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Јавниот радиодифузен сервис“, кој го спроведува Германската фондација за меѓународна правна соработка (IRZ) во партнерство со Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Јавниот сервис. Во текот на годината се реализираа и две студиски посети.

Во периодот од 21 до 25 јануари беше реализирана првата студиска посета на неколку европски институции (Европскиот суд за човекови права, Советот на Европа и Европскиот Парламент) и организации (Европска аудиовизуелна опсерваторија и ЕПРА) во Стразбур, Франција и на регулаторот за медиуми на германската покраина Рајнланд – Пфалц. На студиската посета учествуваа шест вработени во стручната служба на Агенцијата.

Втората студиска посета во рамки на проектот се одржа во периодот од 22 до 26 септември во СР Германија. Претставници на Агенцијата имаа серија работни состаноци во Дизелдорф, Келн и Бон. За време на посетата се одржаа: состанок со претставници на Германскиот регулатор за струја, гас, телекомуникации, пошти и железници (кој е Национален дигитален координатор), на кој меѓу другото беше направен осврт на европскиот Акт за дигитални услуги, неговата имплементација во Германија и сл; состаноци со регулаторот за медиуми на Северна Рајна Вестфалија, на кои се разговараше за употребата на вештачката интелигенција во работата на регулаторот, употребата на нивниот софтвер KIVI, кој претставува клучна поддршка на процесот на мониторирање на онлајн сферата, активностите на германскиот регулатор поврзани со медиумската писменост и училиштата и др.; состаноци со Централното одделение за кибер криминал при Јавното обвинителство на Северна Рајна Вестфалија, со претставници на Канцеларијата на премиерот на Северна Рајна Вестфалија во Диселдорф, како и со тимот за проверка на факти на Дојче Веле.

Во текот на 2024 година, претставници на Агенцијата, во својство на проектен лидер, резидентен твининг советник и лидер на компонента 1, учествуваа на четирите управни состаноци за Твининг проектот „Зајакнување на капацитетите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Јавниот радиодифузен сервис". На состаноците, кои се одржуваа квартално (март, јуни, септември и декември), се реферираше за реализираните активности, за тековните обврски, за продолжување на проектот за

дополнителни два месеци со цел да се остварат зацртаните цели, како и за завршниот настан планиран за јануари 2025 година.

На 30 јануари, повеќемина вработени во Агенцијата учествуваа на промотивниот настан на Твининг проектот „Важноста на функционалниот систем на јавен радиодифузен сервис за демократијата во Европа".

На 20 март, во рамките на Твининг проектот, Агенцијата заедно со Мрежата против говор на омраза во медиумите, организираше работилница насловена „Справување со говорот на омраза кај медиумските услуги и онлајн платформите", на која тројца германски експерти ги споделија искуствата и практиката од СР Германија и од други европски држави во врска со справувањето со говорот на омраза.

На 17 мај, вработените во Агенцијата учествуваа на работилница каде беше презентирана нацрт-верзијата на подзаконскиот акт со кој ќе се регулираат физичките лица - даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање („инфлуенсерите") и упатството за идентификување на овие субјекти, како дел од Твининг проектот финансиран од ЕУ „Зајакнување на капацитетите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и јавниот сервис". Работилницата ја одржа Бенџамин Данкерт од регулаторното тело од Северна Рајна - Вестфалија.

На 30 мај, вработените во Агенцијата учествуваа на работилницата под наслов: „Германски искуства во справување со дезинформациите", која, во рамките на Твининг проектот, ја одржа Томас Ратгеб од регулаторното тело од Баден - Вуртемберг.

На 5 јуни, претставник на Агенцијата, во својство на резидентен твининг советник присуствуваше на годишниот РТА состанок на Твининг проектите во земјата, на кој се споделуваа искуства од проектите. Состанокот се одржа во просториите на ЕУ делегацијата во Скопје.

На 6 јуни, вработените во Агенцијата учествуваа на работилницата на која беше презентиран Нацрт-водичот за мониторинг на говорот на омраза – второ надополнето издание, одржана во рамките на Твининг проектот. Работилницата ја реализираа Клер Моселаге од германското Федерално министерство за правда и Нилс Шулте од федерална канцеларија за правда.

На 12 и 13 јуни вработените во Агенцијата учествуваа на работилницата насловена „Во насока на современо регулирање на онлајн услугите", која беше реализирана во рамки на Твининг проектот. Претставниците на регулаторното тело од Северна Рајна – Вестфалија, Мајке Исенберг и Хенрике Гудат, ги споделија своите искуства и знаења во врска со ефикасна и ефективна работа за регулирање на онлајн медиумските услуги и за изнаоѓање прагматични решенија надвор од законската рамка.

На 20 јуни, вработените во Агенцијата учествуваа на работилницата под наслов: „Забрани за рекламирање нездрава храна". Работилницата беше организирана во рамките на ИПА проектот, а ја водеше Холгер Албрих, предводник на Твининг проектот, градоначалник на Заксенхајм, правник во Министерството за социјални работи во Баден-Виртемберг и специјалист за медиумска регулатива.

Вработените во стручната служба на 3 јули учествуваа на работилница под наслов: „Внатрешни правила за користење на вештачката интелигенција во работата". За време на работилницата, од страна на Верена Шнајдер и Грегор Шмалцрид беа споделени германските искуства поврзани со користењето на вештачката интелигенција во работата на регулаторот, како и можните ризици кои произлегуваат од примената и како истите да се надминат.

На барање од Вибке Бергфелд, вработена во Секторот за европски прашања на медиумскиот регулатор во Северна Рајна Вествалија (Landesanstalt für Medien NRW), а по препорака од Улрих Хермански, РТА од германска страна во ИПА Твининг проектот, повеќемина вработени од Секторот за програмски работи во

Агенцијата во август беа интервјуирани за потребите на нејзиниот академски труд на Универзитетот во Дуизбург-Есен, Германија, во врска со нашето искуство и задоволство од одржаните работилници во рамки на проектот.

На 17 септември се одржа онлајн работилница за стручната служба на Агенцијата, на тема „Спроведување на законските одредби и мерки за обезбедување безбедна медиумска средина за децата“, која ја водеше Бенџамин Тул.

На 26 и 27 ноември се одржаа две работилници за разоткривање дезинформации со експертката Кетрин Весоловски од Дојче Веле. На 26 ноември, на работилницата присуствуваа дел од вработените од Агенцијата, како и новинари од МРТ, а на 27 ноември, освен вработени од Агенцијата присуствуваа и четворица колеги од регулаторот од Косово. На работилницата, преку интерактивен пристап, беа презентирани начини како да се разоткријат фотографии и видеа генерирани од вештачка интелигенција.

На 28 ноември, повеќе вработени од Агенцијата учествуваа на онлајн работилница за регулативата и праксата за заштита на малолетниците во комерцијалните комуникации.

На 12 декември, повеќе претставници на Агенцијата онлајн учествуваа на последната работилница организирана во рамки на Твининг проектот, посветена на регулацијата на инфлуенсери и платформи за споделување видеа.

## ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО И КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА

### Организирање јавни состаноци на Агенцијата

Агенцијата во 2024 година одржа четири јавни состаноци на кои беа презентирани активностите на регулаторот во изминатиот квартал, спроведени согласно Годишната програма за работа на Агенцијата.

На 28 март Агенцијата го одржа првиот јавен состанок, на кој беа презентирани и наодите од Истражувањето за начинот на известување за родово заснованото насилство во информативните програми на националните телевизии во 2023 година.

На вториот јавен состанок кој се одржа на 27 јуни, присутните беа запознаени со наодите од Истражувањето на медиумската писменост кај учениците во прва и втора година средно образование и беше отворена дискусија на која присутните имаа можност да поставаат прашања и да дадат свои коментари.

На третиот јавен состанок беа презентирани и наодите од Анализата на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година, а се дискутираше и за Анализата на родовата структура на сопственоста на телевизиите и радијата во периодот од 2020 до 2023 година, како и за родовата структура кај вработените во радиодифузерите во периодот од 2019 до 2022 година. За темите на состанокот беше отворена дискусија на која присутните имаа можност да поставаат прашања и да дадат свои коментари. Овој состанок беше одржан на 26 септември.

Четвртиот јавен состанок се одржа на 25 декември. Присутните имаа можност да слушнат за активностите поврзани со спроведените програмски и административни надзори врз радиодифузерите, операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и издавачите на печатени медиуми, изречените мерки јавна

опомена за оние субјекти кои ги прекршиле Законот за медиуми и ЗААВМУ, активностите поврзани со меѓународната и европска соработка, покренатите постапки за одземање дозволи на радиодифузерите, одлуките за објавување јавен конкурс за доделување дозволи за радио емитување и др.

**Комуникација со јавноста**

На 25 јануари, Агенцијата преку соопштение најостро го осуди инцидентот во Општина Чашка во кој телевизиската екипа на Алсат-М беше спречена да го сними протестот против воведување паралелка на албански јазик во основното училиште, како и да влезе во објектот на општината. Во соопштението беше посочено дека на новинарите и на медиумите мора да им се овозможи слободен и непречен пристап до сите настани, имајќи ја предвид нивната круцијална улога во информирањето за прашања од јавен интерес и во обезбедување транспарентност и одговорност. Агенцијата потсети дека секое попречување на работата на медиумите претставува директно загрозување на слободата и правото на информирање.

На 26 јануари, Агенцијата преку соопштение за јавност информираше дека обезбеди донација од 5 милиони денари за активности и содржини на Истражувачката репортерска лабораторија, непрофитна медиумска организација чиешто известување е фокусирано на корупција, криминал и добро владеење. Овие активности се вклопуваат со целите и вредностите на Агенцијата да ги штити интересите на граѓаните, да обезбеди квалитетни информации и плурализам во известувањето и да поддржи постоење на разновидни, независни и самостојни аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

На 21 февруари, преку соопштение за јавност најостро беше осудена изјавата на претседателот на политичката партија СДСМ, Димитар Ковачевски, со која обвини медиуми „дека самите се продале и уште сега се продаваат“ и се ставаат во функција на една политичка партија. Во соопштението беше посочено дека политичарите треба да бидат свесни за одговорноста што ја имаат, и наместо да се служат со непримерна комуникација, да покажат највисоко ниво на почитување на новинарската професија и на еден од клучните столбови на демократијата – медиумите. Етикетирање медиуми, особено во чувствителни периоди како предизборните, негативно се одразува на слободата на изразување и го нарушува достоинството на медиумските работници. Агенцијата потсети дека е неопходно да се почитуваат стандардите и ги повика политичарите да се воздржат од употреба на јазик со којшто се дискредитираат медиумите.

На 22 март, преку соопштение за јавност беше осуден физичкиот напад од страна на извршителката Весна Јакимовска од Кичево, врз новинарот Фуркан Салиу од ПорталИкс. Во соопштението беше посочено дека напад на новинар во Кривичниот законик се третира како напад врз службено лице, па оттаму апсолутно е неприфатливо ваквото однесување од лица кои спроведуваат делови од правниот систем. Како и во повеќе наврати досега, Агенцијата посочи дека е неопходно да се овозможат услови за безбедно и професионално извршување на работните задачи на претставниците на медиумите.

Преку соопштение за јавност на 4 март, Агенцијата го осуди вулгарниот и недоличен говор во објавата на претседателот на политичката партија Левица, Димитар Апасиев на социјалната мрежа Фејсбук, кој се однесува на телевизија Канал 5. Покрај јавното етикетирање и дискредитирање на медиумот и неговото одговорно лице, упатен е и повик за бојкот на огласувачите и нивните производи на ТВ Канал 5, при што се споменува системска организирана антикампања. Во соопштението беше посочено дека ваквото однесување е апсолутно неприфатливо, особено кога станува збор за политичари и јавни личности кои треба да покажат највисоко ниво на почитување на новинарската професија и на медиумите.

За прашањата поврзани со платеното политичко рекламирање за време на Претседателските и Парламентарните избори 2024, директорот на Агенцијата д-р Зоран Трајчевски гостуваше во емисиите „Топ тема“ на ТВ Телма; „360 степени“ на МРТ 1; на програмата на првиот канал на Македонското радио МРА 1; во вестите на ТВ Алсат М и во прилог за вестите на ТВ Телма. Директорот Трајчевски гостуваше и во емисијата „Детектор“, емитувана на ТВ Сител на тема поврзана со дезинформациите и изворите од каде најчесто се информираат граѓаните. За донесеното Упатство за радиодифузерите за Претседателските и Парламентарните избори 2024, м-р Драгица Љубевска, раководител на Секторот за поддршка на работата на Директорот и на Советот – Шеф на кабинет, даде изјава за првиот канал на Македонското радио МРА 1. Во март, Марина Трајкова од Секторот за програмски работи даде изјава за утринската емисија на МРТ 1 за родовите аспекти во медиумите, поточно за тоа колку се моќни медиумите во пренесување на пораките, дали внимаваат и како е оценет Јавниот сервис во поглед на родовата еднаквост.

На 18 април најостро беше реагирано на обидот на ТВ Алфа да изврши притисок врз регулаторното тело преку објава на злонамерна информација во емисијата „Заспиј ако можеш“, премиерно емитувана на 16 април, каде новинарот Горан Момировски, меѓу другото тврдеше дека Агенцијата се меша во уредувачката политика на ТВ Алфа, и дека неформално ѝ се закануа на ТВ Алфа дека може да биде затворена доколку нема „некаква избалансираност којашто е многу субјективна“. Во реакцијата, меѓу останатото, беше посочено дека од почетокот на изборната кампања за Претседателските избори, вработени во ТВ Алфа во повеќе наврати се обратија до Агенцијата за појаснување на одредбите од Изборниот законик, и на секое нивно барање навремено беше одговорено. Во однос на констатацијата на новинарот дека од АВМУ произлегува критериумот според кој на радиодифузер нема да му биде обновена дозволата за емитување доколку не известува избалансирано во текот на еден изборен процес, беше потенцирано дека тоа е критериум којшто е пропишан во ЗААВМУ. Агенцијата побара од ТВ Алфа, одговорот на АВМУ на тврдењата на новинарот Горан Момировски да биде објавен во првото наредно издание на емисијата „Заспиј ако можеш“.

Во врска со информацијата од ТВ Ускана Медиа дека на новинар на оваа телевизија не му било дозволено да снима прилог во врска со бројот на ученици и вработени во Основното училиште Наим Фрашри од село Пирок, Општина Боговиње, Агенцијата на 18 април потсети дека институциите треба да бидат отворени и транспарентни и да вложат максимални напори на претставниците на медиумите да им овозможат непречен пристап до бараните информации. Во соопштението беше посочено дека медиумските работници при вршењето на својата работа која е од јавен интерес, треба да се ослободени од какви било закани и заплашувања, додека истовремено треба да покажат професионална одговорност и да ги почитуваат етичките и новинарски принципи и стандарди при известувањето.

На 12 април Агенцијата го осуди етикетирањето и дискредитирањето на ТВ Канал 5 преку објава на претседателот на политичката партија Левица, Димитар Апасиев, на социјалната мрежа Фејсбук. Во соопштението беше посочено дека со објавата, лидерот на Левица покажува крајно недоличен однос, ја загрозува слободата на информирање и го нарушува достоинството на медиумските работници. Користењето вулгарни фрази, како и изрази со кои може да поттикне говор на омраза од страна на неговите следбеници на социјалните мрежи, е крајно неприфатливо и може да ја загрози сигурноста на медиумските работници. Политичарите и носителите на јавни функции мора да бидат свесни за тежината на искажаните зборови и за одговорноста што ја имаат пред граѓаните, и да покажат највисоко ниво на почитување на новинарската професија и на медиумите. Ова е дел од стандардите утврдени во Кодексот на однесување во онлајн сферата за време на изборни процеси и референдуми, на чие почитување политичката партија Левица доброволно се обврза.

Во врска со случајот поврзан со новинарот Фуркан Салиу, Агенцијата на 7 април го повика Министерството за внатрешни работи веднаш, односно во најскоро време да го расчисти случајот и да ја информира јавноста

за причините за неговото приведување. Истовремено, Агенцијата потенцираше дека очекува Министерството за внатрешни работи доследно да ги почитува законските процедури и правата на новинарот Салиу, а политичките партии да не го користат овој случај за дневно партиски цели, за да не се шират шпекулации и дезинформации се до целосно расчистување на случајот.

На 5 април, преку соопштение за јавност беше осуден вербалниот напад на новинарка и снимател од ТВ 24 Вести од страна на непознато лице, за време на партискиот митинг на ВМРО ДПМНЕ. Агенцијата неколкупати досега реагираше за ваквите случаи и повторно потсети дека напад врз новинарите од кој било вид е апсолутно неприфатлив и дека новинарските работници не смеат да бидат попречувани во вршењето на нивните професионални задачи.

**Ажурирање на веб страницата на Агенцијата www.avmu.mk на македонски, албански и англиски јазик**

Со цел редовно и навремено информирање на јавноста и сите заинтересирани страни за активностите на Агенцијата, постојано се ажурираше веб страницата на три јазика: македонски, албански и англиски јазик. Во текот на годината објавувани се информации за:

- седниците на Агенцијата: дневен ред и за објавениот дневен ред известени се сите радија и телевизии, дневни весници и портали; хроники од седници; записници од седници; одлуки, акти, информации усвоени на седниците на Агенцијата;
- изречените мерки јавна опомена на радиодифузерите, операторите на јавна електронска комуникациска мрежа, давателите на АВМУ по барање и издавачите на печатени медиуми;
- извештаите од извршените надзори врз печатените медиуми, телевизиите, радијата, операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, давателите на АВМУ по барање и издавачите на печатени медиуми;
- ажурираните регистри на телевизиите, радијата, операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и печатените медиуми;
- издадените потврди за регистрирање на програмски сервиси и листата на дозволи (лиценци) за вршење радиодифузна дејност на странски радиодифузери кои се доставени до Агенцијата од страна на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи;
- постапките за јавни набавки (кои се во тек и завршени постапки, склучените договори за јавна набавка);
- барањата и одговорите за информации од јавен карактер;
- поднесените претставки и нивен одговор;
- месечните гласила (newsletters) на Агенцијата за месеците од јануари до декември 2024 година, каде се опфатени сите поважни реализирани активности на Агенцијата на месечно ниво.

**Ажурирање на веб страницата www.rodotimediumite.mk**

На веб страницата www.rodotimediumite.mk објавени се: истражувањето Родот во медиумите 2023: Истражување за начинот на известување за родово заснованото насилство во информативната програма на националните телевизии; Анализата на родово-базирани медиумски содржини „Политичарките и медиумската пристрасност“; Анализата на родово базирани медиумски содржини „Родовите дезинформации препрека за жените во спортот“;работилницата за унапредување на известувањето за родово засновано насилство во медиумите; третиот јавен состанок на АВМУ за 2024 година; првиот јавен состанок на АВМУ, посветен на родово заснованото насилство на националните телевизии.

**Ажурирање на веб страницата www.izborenkodeksonline.mk**

Во текот на целата година веб страницата www.izborenkodeksonline.mk континуирано се ажурираше со содржина на македонски, албански и англиски јазик.

Со распишувањето на изборите започнаа да се применуваат одредбите на Кодексот на однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми, како и функционирањето на Координативното тело, формирано на 12 февруари 2024 година.

Во февруари беше објавена информација дека со распишувањето на Парламентарните и Претседателските избори започна и периодот на постапување на Координативното тело за следење на почитување на Кодексот за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми. Во објавата беше посочено дека Координативното тело ќе постапува по претставки во врска со евентуални прекршувања на Кодексот од страна на политичките партии, нивните кандидати, независните кандидати, интернет изданијата на радиодифузерите, онлајн медиумите, проверувачите на факти, инфлуенсерите и другите субјекти кои можат да извршат влијание врз јавноста во функција на кампања за време на избори или референдуми. Претставки можеа да пратат сите граѓани и правни лица на е-адресата: koordinativnotelozaizbori@avmu.mk.

Објавена е и информација за одржаниот конститутивен состанок на Координативното тело, на кој за координатор на телото беше избран Саше Димовски од Здружението на новинари на Македонија, а за заменичка – координаторка Оливера Војновска од Фондацијата Метаморфозис. На состанокот се дискутираше и за предлог-правилникот за работа на Координативното тело за пријавување и постапување по претставки за време на изборни процеси и референдуми, мандатот на телото и на координаторот/заменикот координатор, начинот на објавување на одлуките донесени од телото, прифаќањето/одбивањето и менаџирањето на средства во случаи на донации и слично. На 19 февруари беше објавено дека за потребите на Координативното тело е изработено промотивно видео за можноста на граѓаните да поднесат претставка доколку на интернет забележат ширење на дезинформации, говор на омраза, дискриминација по која било основа, злоупотреба на лични податоци и други форми на неетичко однесување на интернет. На 20 февруари пристигна првата претставка до телото, која беше поднесена од уредничката во ТВ 24 Вести Душица Мрѓа против Боби Илиевски, кој на својот приватен Фејсбук профил имаше објавено непримерен коментар за неа по повод нејзин прилог. Координативното тело одлучи, со оглед на фактот дека Илиевски е физичко лице, да ја упати новинарката Мрѓа да го пријави случајот во МВР. Истовремено, ги повика граѓаните кои имаат значителна следбеничка база на своите профили/канали на социјалните мрежи, да бидат свесни за клучната улога што новинар(к)ите ја имаат во остварувањето на правото на граѓаните да бидат информирани и оттаму, да не им упатуваат навреди, закани, напади, манипулации со информации. Претставката и одговорот се објавени на веб страницата за Кодексот во полето „Претставки и одговори“. Објавени се и две добиени претставки против порталот Апла.мк и одговорот од Координативното тело до подносителите на претставките.

На веб страницата се објавени и логоата на 25-те субјекти (3 политички партии, 10 онлајн медиуми и 12 ТВ, радија и печатени медиуми), кои досега пристапиле кон Кодексот на однесување во онлајн сферата за време на изборни процеси и референдуми.

**Ажурирање на содржините на YouTube каналот на Агенцијата**

На YouTube каналот на Агенцијата редовно беа споделувани седниците на Советот на Агенцијата и беа објавени видеа од четирите јавни состаноци на Агенцијата. На каналот се објавени и видеа со наслов „Поднеси претставка до kordinativnotelozaizbori@avmu.mk“, на македонски и албански јазик.

На каналот се објавени и повеќе видеа поврзани со Деновите на медиумска писменост 2024 (ДМП) - ТВ и аудио спотот за најава на Деновите на македонски, албански и англиски јазик; отворањето на ДМП и работилницата „Вештачката интелигенција и авторските права; панел дискусијата „Политики за развој на ‘свесноста за ризиците’ од дезинформации“; панел дискусијата „Етика во користењето на вештачката интелигенција“; јавната седница на Советот за етика во медиумите; панел дискусијата на Здружението на новинари на Македонија „Зајакнување на новинарскиот интегритет и отчетност: Постизборни медиумски дејствија и значењето на академиите за обука за новинари и медиумски работници“.

**Ажурирање на содржините на Facebook страницата на Агенцијата**

На Facebook страницата на Агенцијата редовно беа споделувани информации за седниците на Советот, четирите јавни состаноци на Агенцијата, одржаната прес конференција во врска со тужбата на АВМУ против Министерството за информатичко општество и администрација, јавната презентација на Нацрт – Правилникот за пристапност до медиумските услуги, работилницата за справување со говорот на омраза кај медиумите и онлајн платформите, промотивното видео – Поднеси претставка до Координативното тело, информација за можноста на граѓаните да реагираат за однесувањето во онлајн просторот за време на изборите, билатералната средба на АВМУ и НКМ во Приштина, работната посета на ОБСЕ/ОДИХР во АВМУ, одржаната панел дискусија посветена на политичкото рекламирање и интегритетот на изборите во организација на АВМУ и Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС).

За време на Деновите на медиумска писменост 2024, на страницата беа објавени повеќе постови – ТВ спотот за најава на Деновите; програмата и билбордот за Деновите; поканата за медиуми за отворањето на Деновите со конференцијата „Политики за медиумска писменост во ерата на вештачката интелигенција“, информација на кои линкови може да се следи настанот на македонски, албански и англиски јазик и соопштението за одржаниот настан; видеата „Денес заплови галијата во Вардар“, „Во Крушево се снима војна на ѕвездите“ и „Златниот глобус нов споменик во центарот на Скопје“, креирани со вештачка интелигенција; квизот „Дали си AI експерт“, најавите и информација за одржаните панел дискусии „Медиумската писменост и младите“, „Увезени дезинформации (фокус на Олимписките игри 2024)“, „Зајакнување на новинарскиот интегритет и отчетност: Постизборни медиумски дејствија и значењето на академиите за обука за новинари и медиумски работници“ и „Дигиталниот живот на младите“.

Текстови со најави и информации за одржаните настани беа објавени и за работилниците „Медиумска лабораторија: Препознавање дезинформации и креирање медиумски содржини“, „Паметно живеење во дигиталниот свет – можности и предизвици“, „Медиумската писменост и средношколците“, „Вештачката интелигенција – можности и ризици“, „Препознавање и одговор на говорот на омраза“, „Лице в лице дурбин – кокреираме приказни кои прават промена“, како и за настаните „Радиото ја слави медиумската писменост“, „Национална конференција за медиумска писменост во образованието“, „Отворен медиумски ден во Радио МОФ“, „Отворена седница на Комисија за жалби: Предизвици за медиумската саморегулација“, „Дезинформации на Западен Балкан: Трендови, предизвици и одговори“, „Новинарите и вештачката интелигенција“ и „Годишен состанок на Мрежата за медиумска писменост“.

## ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ВО АГЕНЦИЈАТА

Внатрешните ревизии кои беа извршени во 2024 година беа предвидени во Стратешкиот план на Службата за внатрешна ревизија за периодот од 2024 до 2026 година и во Годишниот план на Службата за внатрешна ревизија за 2024 година.Двата плана се засновани на анализи и проценки на ризик, како и врз согледување на реално поставените цели, приоритетите и мерките кои требаше да се преземат за ефективно остварување на обврските во наведениот период, имајќи ја предвид моменталната кадровска и организациска поддршка за вршење ревизии.

Согласно Годишниот план на Службата за внатрешна ревизија за 2024 година, во извештајната година беа спроведени три ревизии.

Првата ревизија беше извршена врз процесот за јавни набавки, во периодот од 9 јануари до 13 април 2024 година, односно конечниот извештај од ревизијата се изготви на 30 април 2024 година. Целта на оваа ревизија беше на внатрешниот ревизор да му овозможи да добие разумно уверување за тоа дали процесот за јавни набавки е соодветен и и дали набавките се вршат согласно релевантните закони и подзаконски акти.

Втората ревизија беше врз системите за менаџирање со квалитет - Барања (ISO 9001:2015) и истата е извршена во периодот од 13 мај до 5 август 2024 година. Целта на ревизијата беше на внатрешниот ревизор да му овозможи да добие разумно уверување за тоа дали системот за менаџирање со квалитет - Барања (ISO 9001:2015) е согласно барањата на стандардот ISO 9001:2015.

Последната ревизија за 2024 година беше ревизијата врз процесот за подготовка на Програмата за работа на Агенцијата и известување за реализација на истата. Оваа ревизија беше извршена во периодот 10 септември до 10 декември 2024 година и нејзината цел беше на внатрешниот ревизор да му овозможи да добие разумно уверување за тоа дали процесот за подготовка на Програмата за работа на Агенцијата и известувањето за нејзината реализација е соодветен и истиот обезбедува почитување на релевантните закони и подзаконските акти.

За секоја од овие ревизии беше подготвен извештај во кој е наведено мислење на внатрешниот ревизор за состојбата на системот на внатрешната контрола и усогласеноста на активностите во рамки на процесите кои беа предмет на ревизијата со законите и подзаконските акти што ги уредуваат тие прашања.

## МАТЕРИЈАЛНО - ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

Со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024 година беа планирани расходи во износ од 168.546.961,00 денар и приходи во износ од 168.546.961,00 денар.

Вкупно планираните средства на приходната страна во усвоениот финансиски план за 2024 година се однесуваа на планирани приходи од: Буџетот на РСМ за изборни процеси во 2024 година во износ од 10.000.000,00 денари; финансиски средства од Буџетот на РСМ за работењето на АВМУ (согласно член 105 од ЗААВМУ) во износ од 63.000.000,00 денари; надоместоци за дозволи за телевизиско и радио емитување во износ од 41.000.000,00 денари; надзор за реемитување програмски сервиси на оператори на јавна електронска комуникациска мрежа и даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање во износ од

11.000.000,00 денари; транзитни фактури во износ од 1.000.000,00 денари; и пренесени вишок средства од минатата година во износ од 42.546.961,00 денар.

Вкупните приходи остварени во 2024 година изнесуваат 136.610.658,00 денари.

Овие приходи се остварени од следните извори:

- Приходи од Буџетот на Република Северна Македонија за изборните активности во 2024 година (парламентарни и претседателски избори), за кои Агенцијата искористи средства во износ од 4.197.302,00 денари;
- Финансиски средства од Буџетот на РСМ и приходи од наплатена радиодифузна такса во износ од 75.309.086,00 денари;
- Приходи од надоместоци за дозволи за телевизиско и радио емитување во износ од 45.577.501,00 денар;
- Приходи од надзор на операторите на јавна електронска комуникациска мрежа кои реемитуваат програмски сервиси и од надзор на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање во износ од 10.422.602,00 денари;
- Приходи од транзитни фактури во износ од 858.310,00 денари;
- Приходи од позитивни курсни разлики во износ од 1.556,00 денари; и
- Други приходи во износ од 244.301,00 денари.

Владата на РСМ, со Одлука бр. 41-2221/3 од 05.03.2024 година, и одобри на Агенцијата средства од буџетот во вкупен износ од 10.000.000,00 денари, кои беа префрлени на посебна сметка и беа наменети исклучиво за финансирање на активностите на Агенцијата за следење на парламентарните и претседателските избори во 2024 година. Агенцијата средствата ги искористи за следните намени:

- за привремени вработувања беа потрошени вкупно 3.234.544,00 денари со вклучен ДДВ;
- за услугата – пренос на податоци од далечински локации со неограничен вклучен сообраќај во двата правци (download/upload) беа потрошени средства во вкупен износ од 337.716,00 денари;
- за адвокатски трошоци беа потрошени средства во вкупен износ од 61.000,00 денари;
- за телефонски трошоци беа потрошени средства во вкупен износ од 105.600,00 денари;
- за одржување на софтверот на системот за мониторирање на радио и ТВ сервиси и надзор на ОЈЕКМ (оператори на јавна електронска комуникациска мрежа) беа потрошени средства во вкупен износ од 393.282,00 денари;
- за поштенски трошоци беа потрошени средства во вкупен износ од 9.628,00 денари; и
- за потрошен информатички материјал беа потрошени средства во вкупен износ од 50.000,00 денари.

Исто така, од оваа сметка беа платени и банкарските провизии и месечните провизии за водење на сметката, во вкупен износ од 5.532,00 денари, со што од Буџетот на Република Северна Македонија вкупно беа искористени 4.197.302,00 денари. Неискористените средства, во вкупен износ од 5.802.698,00 денари, Агенцијата ги врати на трезорската сметка на Министерството за финансии.

Средствата од Буџетот на РСМ Агенцијата ги обезбедува во согласност со членот 105 од ЗААВМУ, според кој 1% од реализираните даночни приходи утврдени во последната завршна сметка на Буџетот на РСМ се одвојуваат годишно за финасирање на радиодифузната дејност, односно за работењето и развојот на Македонската радиотелевизија, Јавното претпријатие Македонска радиодифузија и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Овие средства се распоредени на следниот начин: 80% за МРТ за покривање на трошоците за создавање и емитување на програмите и за техничко-технолошки развој; 15%

за ЈП „Македонска радиодифузија“ за одржување, употреба и развој на јавната радиодифузна мрежа; и 5% за Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Износот кој ѝ се исплаќа на Агенцијата од буџетот се пресметува на годишно ниво, но обврската за исплата е на месечно ниво. Министерството за информатичко општество и администрација, сега трансформирано во Министерство за дигитална трансформација (МДТ), уште од 2023 година по овој основ имаше долг кон Агенцијата. Имено, за август, септември, октомври, ноември и декември 2023 година, на месечно ниво на Агенцијата и беа префрлани по 4.500.000,00 денари, наместо по 5.237.054,00 денари, согласно последната донесена завршна сметка на Буџетот на РСМ од 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 250/22), каде беше наведено дека вкупните реализирани даночни приходи во 2021 година изнесуваат 125.689.306.584,00 денари. Оттука, средствата за финансирање на работењето на Агенцијата требаше да изнесуваат 62.844.653,00 денари годишно, односно 5.237.054,00 денари месечно.

Во јануари 2024 година, износот кој требаше да ѝ биде исплатен на Агенцијата требаше да биде пресметан врз основа на податоците од даночните приходи од Завршната сметка на Буџетот на РСМ за 2022 година (објавена во Службен весник на 20.12.2023 година), според која во 2024 година, средствата наменети за финансирање на Агенцијата на месечно ниво требаше да изнесуваат 5.940.305,00 денари. Сепак, надлежното министерство и овојпат, наместо потребниот износ од 5.940.305,00 денари, на Агенцијата и исплати помал износ, односно 4.813.545,00 денари. Од таа причина, Агенцијата поднесе тужба за побарување од Министерството за информатичко општество и администрација во вкупен износ од 4.812.030,00 денари за периодот од август 2023 година до јануари 2024 година.

Според судската тужба, министерството и должеше на Агенцијата 4.812.030,00 денари, но на тоа се додадоа и трошоците за судска тужба во износ од 48.000,00 денари и трошоците за платено вештачење за потребите на тужбата во износ од 8.000,00 денари, со што вкупниот долг изнесуваше 4.868.030,00 денари.

Во јануари 2024 година министерството ѝ уплати на Агенцијата износ од 1.561.454,00 денари. Во февруари, март, април, мај и јуни 2024 година и уплаќаше по 6.375.000,00 денари, односно по 434.695,00 денари повеќе од сумата која требаше да ѝ ја уплаќа (5.940.305,00 денари), со што нивниот долг кон Агенцијата заклучно со јуни 2024 година се намали и изнесуваше 1.133.101,00 денар. Во јули 2024 година уплатата од Министерството за дигитална трансформација беше помала и изнесуваше 3.252.091,00 денар. Истиот износ беше уплатен и во август 2024 година. Во септември, октомври, ноември и декември 2024 година, уплатата изнесуваше 5.144.829,00 денари, така што вкупниот долг кон Агенцијата на 05.12.2024 година изнесуваше 9.691.433,00 денари.

На 23.12.2024 година, министерството на сметката на Агенцијата изврши уплата во вкупен износ од 9.691.433,00 денари, од кои 56.000,00 денари за судската тужба и потребите на тужбата, 3.685.270,00 денари доплата за 2023 година и 5.950.163,00 денари доплата за 2024 година. Со тоа во целост беше исплатен долгот кој го побаруваше Агенцијата.Согласно наведеното, вкупните приходи на Агенцијата во 2024 година за финансирање на радиодифузната дејност и од наплата на радиодифузна такса изнесуваа 75.309.086,00 денари.

По основ на приходи од дозволи за телевизиско и радио емитување беа остварени средства во вкупен износ од 45.577.501,00 денар.

Согласно член 142 став 2 од ЗААВМУ, Агенцијата остварува приходи и од надоместок за надзор на операторите на јавна електронска комуникациска мрежа кои реемитуваат програмски сервиси и за надзор на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање. Тие приходи во 2024 година изнесуваа 10.422.602,00 денари.

Во 2024 година се остварени и приходи од транзитни фактури во износ од 858.310,00 денари. Тие се остварени од издадени транзитни фактури од страна на Агенцијата за потрошена електрична енергија, за одржување лифтови и платформа и за одржување и сервисирање на системот за греење, ладење и вентилација.

Приходите од позитивни курсни разлики изнесуваат 1.556,00 денари.

Агенцијата исто така оствари и други приходи во износ од 244.301,00 денари.

Структурата на вкупните приходи е претставена во Прилог бр.3 од Извештајот.

Вкупните направени расходи во 2024 година изнесуваат 128.669.018,00 денари.

Тие се однесуваат на следново:

- за потрошени суровини и материјали, за набавка на горива за службените моторни возила, за набавка на канцелариски материјали, средства за лична хигиена, за потрошена вода, за плаќање на комунална хигиена, за набавка на потрошен информатички материјал, се потрошени средства во износ од 806.034,00 денари;
- за потрошена електрична енергија во која влегува и потрошувачката на ЧИЛЕРОТ и топлинска енергија се потрошени средства во износ од 3.749.190,00 денари;
- за инвестиционо одржување на средствата, односно за редовно одржување и сервисирање на службените возила, миење на службените возила, за одржување на компјутерската опрема и другата ИКТ (информатичко комуникациска технологија) опрема на Агенцијата, за одржување на системот за мониторирање на радио и ТВ сервиси и надзор на ОЈЕКМ на Агенцијата, за одржување на хардверот на системот за мониторирање на радио и ТВ сервиси и надзор на ОЈЕКМ, за одржување на постојните веб страници на Агенцијата (општата веб страница: www.avmu.mk, www.rodotimediumite.mk, www.mediumskapismenost.mk и веб страната за избори и медиуми), за одржување на модулот за архивско работење и одржување на интегрираниот софтвер за правно, финансиско и економско работење, за превентивно и адаптивно одржување на системот за автоматско управување со документи (ДМС – документ менаџмент систем), за одржување и сервис на фотокопир апарати и принтери, за одржување на противпожарна – СПЛИНКЕР инсталација (сува потстаница, прскалки и пумпи) и ПП апарати, за ангажирање на фирма за водоинсталатерски и електричарски услуги, за одржување и сервисирање на системот за ладење, греење и вентилација, како и за техничко одржување на лифтови и платформа се потрошени средства во износ од 8.767.798,00 денари;
- за печатарски услуги се потрошени средства во износ од 286.790,00 денари;
- за поштенски трошоци, за телефонски давачки во кои влегуваат мобилната и фиксната телефонија, како и за други давачки за превозни услуги, се потрошени средства во износ од 1.494.576,00 денари;
- за издатоци за репрезентација се потрошени средства во износ од 861.354,00 денари;
- за наемнина за користење градежни објекти, односно средства наменети за изнајмување на простор за колокација на ИКТ опрема на осум различни локации во РСМ се потрошени средства во износ од 1.333.924,00 денари;
- за издатоци за судски и административни такси, за издатоци за набавка на весници, списанија, стручна литература, интернет пристап на електронски изданија на Службен весник на РСМ, како и печатени изданија на Службен весник за тековната година и за учество на семинари,

работилници, конференции, советувања и сл. се потрошени средства во износ од 195.266,00 денари;

- за технички преглед и регистрација на службените моторни возила се потрошени средства во износ од 29.827,00 денари;
- за одржување денови на медиумска писменост се потрошени средства во износ од 1.521.896,00 денари;
- за провизија за платен промет и банкарска провизија се потрошени средства во износ од 96.235,00 денари;
- за осигурување на деловниот објект на Агенцијата, за осигурување на опремата која ја поседува Агенцијата, за осигурување на службените моторни возила, за осигурување за автоодговорност при регистрација, за зелени картони и патничко осигурување се потрошени средства во износ од 268.139,00 денари;
- за исплата на патни трошоци, дневници за службени патувања во земјата и странство, за надомест на трошоци за превоз за службени патувања во земјата и странство, за трошоци за ноќевање во земјата и странство се потрошени средства во износ од 1.612.353,00 денари;
- за други надоместоци за вработените се потрошени средства во износ од 2.700.006,00 денари;
- за надоместоци за членовите на Советот на Агенцијата се потрошени средства во износ од 11.759.574,00 денари;
- за пресметани негативни курсни разлики се потрошени средства во износ од 151,00 денар;
- за годишна членарина во меѓународната платформа на регулаторни тела (ЕПРА) се потрошени средства во износ од 240.786,00 денари;
- за договорни услуги, односно за ангажман преку Агенција за привремени вработувања за надворешни соработници, кои во најголем дел беа ангажирани за следење на изборните активности во 2024 година (претседателски и парламентарни избори), за ангажирање на биро за преведување и за одржување на хигиената во деловните простории на Агенцијата се потрошени средства во износ од 7.878.262,00 денари;
- за адвокатски услуги се потрошени средства во износ од 374.000,00 денари;
- за нотарски услуги се потрошени средства во износ од 7.261,00 денар;
- за други лични и интелектуални услуги наменети за обуки за вработените во Агенцијата се потрошени средства во износ од 76.876,00 денари;
- за анализа на родовите прашања и за начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите се потрошени средства во износ од 459.900,00 денари;
- за истражување на компетенциите на децата за медиумска писменост се потрошени средства во износ од 496.939,00 денари;
- за други расходи, односно за интернет дистрибутивниот систем на Централен регистар, за ревизорски услуги, за интернет конекција со хостирање на постојните интернет страници на Агенцијата, за закуп на простор за објавување огласи во дневни весници, за службени огласи, за пренос на податоци од далечински локации (осум локации во РСМ) со неограничен вклучен сообраќај по локација во двата правци (download/upload) во седиштето на Агенцијата и за други трошоци се потрошени средства во износ од 3.164.359,00 денари;
- за извршена набавка на ИКТ (Информатичка комуникациска технологија) опрема се потрошени средства во износ од 4.891.089,00 денари;
- за дигитален сертификат за електронски потпис на токен, за набавка на софтвер за електронски регистар на јавни електронски комуникациски мрежи, даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање и даватели на услуги платформи за споделување видеа, за лиценца за уред за безбедност на компјутерската мрежа (Firewall) и за ресертификација на ISO стандардот 9001:2015 се потрошени средства во износ од 1.851.360,00 денари;

- за финансиска помош - донација се потрошени средства во износ од 5.000.000,00 денари; и
- за исплата на бруто плати на вработените во стручната служба се потрошени средства во износ од 68.745.073,00 денари.

Агенцијата во ивештајната година донесе одлука за доделување финансиска помош – донација на Здружението на граѓани ИСТРАЖУВАЧКА РЕПОРТЕРСКА ЛАБОРАТОРИЈА – ИРЛ Скопје, во износ од 5.000.000,00 денари, со цел да обезбеди остварување на нејзините идни истражувачки иницијативи, зголемување на обемот и квалитетот на содржините кои ги продуцира, а во чиј фокус се борбата со корупцијата и борбата со дезинформации, поддршка на нејзината работа за подобрување на пазарот на медиуми и креирање на дополнителен кадар кој ќе произведува содржини согласно врвните меѓународни професионални стандарди. За таа цел, Агенцијата потпиша договор за донација со ИСТРАЖУВАЧКАТА РЕПОРТЕРСКА ЛАБОРАТОРИЈА – ИРЛ Скопје, а средствата и ги префрли во април 2024 година, по добиено позитивно мислење од страна на Министерството за правда на РСМ.

Остварените приходи во 2024 година се поголеми за 7.941.640,00 денари во однос на направените расходи.

Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги
Претседател на Советот,

Лазо ПЕТРУШЕВСКИ

# ПРИЛОЗИ КОН ИЗВЕШТАЈОТ

# 1. ДОДЕЛЕНИ/ОДЗЕМЕНИ ДОЗВОЛИ И ПРЕГЛЕДИ НА ИЗРЕЧЕНИ МЕРКИ

**ПРИЛОГ БР. 1.1.**

## Доделување дозволи по пат на јавен конкурс

### Радиостаници

| 1. Камај Медиа ДООЕЛ Битола | |
|---|---|
| Број и датум на поднесено Писмо со намера / Писмено барање за објавување јавен конкурс за доделување дозвола | Писмено барање, арх. бр. 0803-680/1 од 09.02.2024 година |
| Начин на емитување на програмскиот сервис (техничко средство за пренос) | Терестријален предавател |
| Ниво на гледаност (државно, регионално или локално) | локално ниво, на подрачјето на град Битола |
| Уп1 број и датум на одлука за објавување јавен конкурс за доделување дозвола | Одлука Уп1 бр. 08-271 од 09.10.2024 година за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво |
| Број и датум на поднесена Пријава за доделување дозвола | / |
| Уп 1 број и датум на одлука за доделување дозвола | / |
| Службен весник во кој е објавена Одлуката за објавување јавен конкурс за доделување дозвола | „Службен весник на РСМ“ бр. 114 од 15.10.2024 година, со исправка во „Службен весник на РСМ“ бр. 214 од 18.10.2024 година |
| Година на доделување на дозволата / година на одбивање на барањето / неуспешен јавен конкурс | 2024 година |
| Доделена дозвола / Одбивање на барањето / Одлука за неуспешен јавен конкурс | Одлука Уп1 бр. 08-271 од 26.12.2024 година, со која јавниот конкурс за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво, на подрачјето на општина Битола, не е успешен поради тоа што во утврдениот рок за поднесување пријави, заклучно до 16.12.2024 година, во Агенцијата не беше примена ниту една пријава. |

| 2. Блерим Јакупи од Тетово | |
|---|---|
| Број и датум на поднесено Писмо со намера / Писмено барање за објавување јавен конкурс за доделување дозвола | Писмено барање, арх. бр. 0803-697/1 од 12.02.2024 година |
| Начин на емитување на програмскиот сервис (техничко средство за пренос) | Терестријален предавател |
| Ниво на гледаност (државно, регионално или локално) | локално ниво, на подрачето на град Тетово |
| Уп1 број и датум на одлука за објавување јавен конкурс за доделување дозвола / Уп1 број и датум на одлука за одбивање на барањето за објавување јавен конкурс за доделување дозвола | Одлука Уп1 бр. 08-697/8 од 21.10.2024 година за одбивање на барањето за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво на подрачјето на Општина Тетово, од причина што со Студијата за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио на локално ниво (арх. бр.03-4243/1 од 14.10.2024 година) се утврди дека нема оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за музичко радио на локално ниво, на подрачјето на Општина Тетово |
| Година на доделување на дозволата / година на одбивање на барањето / неуспешен јавен конкурс | 2024 година |
| Доделена дозвола / Одбивање на барањето / Одлука за неуспешен јавен конкурс | Одбивање на барање |

| Уп1 број и датум на одлука за одземање на дозволата | 0802-69 од 05.03.2024 година |
| Месец и година на покренување на постапката | Февруари 2024 година |
| Месец и година на одземање на дозволата | Март 2024 година |

| 3. Трговско радиодифузно друштво БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар | |
|---|---|
| Уп1 број и датум на предлогот до Советот за покренување постапка за одземање на дозволата | 08-210 од 18.07.2024 година |
| Одредба од ЗААВМУ која е повредена | Член 80 став 5 |
| Уп1 број и датум на предлог до Советот за одземање на дозволата | 08-210 од 29.07.2024 година |
| Уп1 број и датум на одлука за одземање на дозволата | 08-210 од 30.07.2024 година |
| Месец и година на покренување на постапката | Јули 2024 година |
| Месец и година на одземање на дозволата | Јули 2024 година |

| **4. Трговското радиодифузно друштво Радио ПРО-ФМ ДОО Гостивар** | |
|---|---|
| Уп1 број и датум на предлогот до Советот за покренување постапка за одземање на дозволата | 08-219 од 06.08.2024 година |
| Одредба од ЗМ која е повредена | Член 15 став 1 |
| Уп1 број и датум на предлог до Советот за одземање на дозволата | 08-219 од 19.08.2024 година |
| Уп1 број и датум на одлука за одземање на дозволата | 08-219 од 26.08.2024 година |
| Месец и година на покренување на постапката | Август 2024 година |
| Месец и година на одземање на дозволата | Август 2024 година |

**ПРИЛОГ БР. 1.7.**

## Решенија за бришење од регистарот на радиодифузери во 2024 година

| Реден број | Назив на радиодифузерот за кого е донесено решението за бришење од регистарот на радиодифузери | Број и датум на решението | Одредба од ЗААВМУ врз основа на која престанува важноста на дозволата | Опис на одредбата поради која престанува важноста на дозволата |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Приватна високообразовна установа Универзитет Скопје - Скопје, Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗУМ СКОПЈЕ | Уп1 бр. 0802-382 од 05.01.2024 година | Член 85 став 1 алинеја 4 од ЗААВМУ | Престанок на важноста на дозволата за радио емитување по сила на закон, со одземање на дозволата од страна на Агенцијата |
| 2 | Трговско друштво за радиодифузија РАДИО УСКАНА - ПЛУС увоз-извоз ДООЕЛ Кичево | Уп1 бр. 0802-111 од 13.03.2024 година | | |
| 3 | Трговско радиодифузно друштво РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје | Уп1 бр. 0802-112 од 13.03.2024 година | | |
| 4 | Трговско друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица | Уп1 бр. 08-218 од 08.08.2024 година | | |
| 5 | Трговско радиодифузно друштво БАЛКАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Гостивар | Уп1 бр. 08-220 од 08.08.2024 година | | |
| 6 | Трговско радиодифузно друштво РАДИО ПРО-ФМ ДОО Гостивар | Уп1 бр. 08-252 од 13.09.2024 година | | |
| 7 | Трговско радиодифузно друштво РАДИО ЧОКИ ДООЕЛ Прилеп | Уп1 бр. 0802-11 од 12.01.2024 година | Член 85 став 1 алинеја 2 од ЗААВМУ | Престанок на дозволата по сила на закон, со писмена изјава на имателот на дозволата дека се откажува од постојната дозвола за радио/телевизиско емитување |
| 8 | Трговско Радиодифузно друштво за радиоактивности РАДИО ЗОРА ДООЕЛ Делчево | Уп1 бр. 0802-10 од 12.01.2024 година | | |
| 9 | Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА 3 ДООЕЛ Скопје | Уп1 бр. 08-175 од 13.06.2024 година | | |
| 10 | Трговско радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8 ДООЕЛ Кочани | Уп1 бр. 08-264 од 02.10.2024 година | | |
| 11 | Трговско Радио - дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола | Уп1 бр. 08-332 од 13.12.2024 година | | |
| 12 | Друштво за вршење на радиодифузна дејност радио на локално ниво РАДИО РРАПИ СТРУГА ДООЕЛ | Уп1 бр. 08-343 од 26.12.2024 година | | |

**ПРИЛОГ БР. 1.8.**

## Поведени прекршочни постапки против радиодифузери за констатирани прекршувања за време на изборите за претседател на Република Северна Македонија

| 1. Трговско радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје | |
|---|---|
| Прекршување на одредба од Изборниот законик | член 75 став 1, а во врска со став 4 алинеја 1 од истиот член |
| Опис на прекршувањето | Во текот на првиот круг од изборната кампања за избор на претседател на РСМ, врз основа на надзор над изборното медиумско претставување емитувано на програмскиот сервис на ТВ КЛАН МАЦЕДОНИА, констатирано е дека радиодифузерот, во рамките на својот програмски сервис емитуван во периодот од 04.04.2024 година до 22.04.2024 година, не обезбедил информирање за изборниот процес во формат достапен за лицата со попреченост, односно со користење знаковен јазик, титлови, тонски опис или други алатки за обезбедување пристапност, ниту во најмалку едно издание на вестите на дневно ниво, ниту во друга програмска содржина на неделно ниво емитувана во периодот од 16:00 до 24:00 часот, иако објавуваше платено политичко рекламирање во континуитет во текот на изборната кампања. |
| Пропишани глоби во закон | Глоба во износ од 4.000 евра во денарска противвредност за радиодифузерот и глоба во износ од 30% од одмерената глоба на радиодифузерот за одговорното лице на радиодифузерот. |
| Барање за поведување прекршочна постапка (архивски број и датум) | арх. бр 03-2015/1 од 23.04.2024 година |
| Тек на постапката | Завршена постапка |
| Фаза на прекршочната постапката | Барање за поведување на прекршочна постапка арх. бр. 03-2015/1 од 23.04.2024 година.<br><br>Пресуда на Основен Кривичен суд Скопје 15 ПРК-О-475/23 од 25.04.2024 година (наш арх. бр.03-2015/3 од 26.04.2024 година), со која правното лице се огласува за одговорно и му се изрекува прекршочна санкција - глоба во износ од 400 евра (24.600,00 денари), а одговорното лице во правното лице се огласува за виновно и му се изрекува прекршочна санкција - глоба во износ од 150 евра (9.225,00 денари) .<br><br>Жалба од Агенцијата (арх. бр. 03-2015/4 од 26.04.2024 година) против Пресудата на Основен Кривичен суд Скопје 15 ПРК-О-475/23 од 25.04.2024 година (наш арх. бр. 03-2015/3 од 26.04.2024 година).<br><br>Пресуда на Апелационен суд Скопје ПРКЖ-747/24 од 09.05.2024 година (наш арх. бр.03-2015/5 од 20.05.2024 година), со која жалбата на Агенцијата делумно се уважува.<br><br>Пресудата на Основниот Кривичен суд Скопје ПРК-О-475/23 од 25.04.2024 година се преиначува во делот на одлуката за прекршочната санкција, така што на обвинетите ТРД КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје, како правно лице, и Фатон Шоши од Приштина како одговорно лице, за прекршокот по член 75 став 1 а во врска со став 4 алинеја 1, казнив по член 181-а став 1 алинеја 1 и став 3 од Изборниот законик, за кој со првостепената пресуда се огласени за виновни, им се изрекуваат прекршочни санкции глоби, и тоа на правното лице во износ од 800 евра, а на одговорното лице во износ од 300 евра во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ на денот на пресудувањето. Во останатиот дел првостепената пресуда се потврдува. |

| 2. Трговско радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Сарај Скопје | |
|---|---|
| Прекршување на одредба од Изборниот законик | член 76-б став 3, а во врска со член 69-а став 2 |
| Опис на прекршувањето | При известување за време на изборниот молк за првиот круг од изборната кампања за Претседателските избори во РСМ во 2024 година, врз основа на надзор над изборното медиумско претставување емитувано на програмскиот сервис на ТВ КЛАН МАЦЕДОНИА, телевизија на државно ниво преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа, која ги покриваше изборите, констатирано е дека го прекршила изборниот молк на начин што во рамките на својот програмски сервис емитуван на 23 и 24 април 2024 година, во повеќе свои програми/содржини емитуваше информации и аудиовизуелни материјали поврзани со, или во кои учествуваат учесници во изборите. |
| Пропишани глоби во закон | Глоба во износ од 4.000 евра во денарска противвредност за радиодифузерот и глоба во износ од 30% од одмерената глоба на радиодифузерот за одговорното лице на радиодифузерот. |
| Барање за поведување на прекршочна постапка (архивски број и датум) | арх. бр. 03-2066/1 од 26.04.2024 година |
| Тек на постапката | Завршена постапка |
| Фаза на прекршочната постапката | Барање за поведување на прекршочна постапка арх. бр. 03-2066/1 од 26.04.2024 година.<br><br>Пресуда на Основен Кривичен суд Скопје 15 ПРК-О-481/24 од 29.04.2024 година (наш арх. бр.03-2066/3 од 09.05.2024 година), со која правното лице се огласува за одговорно и му се изрекува прекршочна санкција - глоба во износ од 1.500 евра (92.250,00 денари), а одговорното лице во правното лице се огласува за виновно и му се изрекува прекршочна санкција - глоба во износ од 450 евра (27.675,00 денари). |

| 3. Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје | |
|---|---|
| Прекршување на одредба од Изборниот законик | член 75-ѓ став 1 |
| Опис на прекршувањето | За време на вториот круг на гласање од изборте за претседател на РСМ, врз основа на надзор над изборното медиумско претставување емитувано на програмскиот сервис на ТВ Алфа, телевизија на државно ниво преку оператор на дигитален терестријален мултиплекс кој ги покрива изборите, констатирано е дека наведениот радиодифузер, во рамките на својот програмски сервис емитуван на 25 април 2024 година, во реалните часови емитувана програма од 8 до 9 часот, од 9 до 10 часот, од 10 до 11 часот, од 11 до 12 часот и од 12 до 13 часот, емитуваше повеќе од 4 минути платено политичко рекламирање за кандидатката за претседател Гордана Силјановска Давкова, поддржана од политичката партија во опозиција - ВМРО-ДПМНЕ. |
| Пропишани глоби во закон | Глоба во износ од 4.000 евра во денарска противвредност за радиодифузерот и глоба во износ од 30% од одмерената глоба на радиодифузерот за одговорното лице на радиодифузерот . |
| Барање за поведување на прекршочна постапка (архивски број и датум) | арх. бр. 03-2193/1 од 02.05.2024 година |
| Тек на постапката | Завршена постапка |
| Фаза на прекршочната постапката | Барање за поведување на прекршочна постапка арх. бр. 03-2193/1 од 02.05.2024 година<br><br>Пресуда на Основен кривичен суд Скопје 15 ПРК-О-494/24 од 07.05.2024 година (наш арх. бр.03-2193/3 од 10.05.2024 година), со која правното лице се огласува за одговорно и му се изрекува прекршочна санкција - опомена, а одговорното лице во правното лице се огласува за виновно и му се изрекува прекршочна санкција – опомена.<br><br>Жалба од Агенцијата (арх. бр. 03-2193/4 од 11.05.2024 година) против Пресудата на Основен кривичен суд Скопје 15 ПРК-О-494/24 од 07.05.2024 година (наш арх. бр. 03-2193/3 од 10.05.2024 година). |

| | |
|---|---|
| | Одговор на жалба од обвинетите - ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, како радиодифузер и Јани Бојаџи од Скопје, како одговорно лице во радиодифузерот (арх. бр. 03-2193/5 од 15.05.2024 година).<br><br>Одговор на Агенцијата по повод одговорот на жалба од обвинетите (арх. бр. 03-2193/6 од 15.05.2024 година).<br><br>Пресуда на Апелационен суд Скопје ПРКЖ-771/24 од 17.05.2024 година (наш арх. бр.03-2193/7 од 20.05.2024 година), со која жалбата на Агенцијата делумно се уважува.<br><br>Пресудата на Основниот кривичен суд Скопје ПРК-О-494/24 од 07.05.2024 година се преиначува во делот на одлуката за прекршочната санкција, така што на обвинетите ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, како правно лице и Јани Бојаџи од Скопје, како одговорно лице, за прекршокот по член 75-ѓ став 1, а казнив по член 181-а став 1 алинеја 5 и став 3 од Изборниот законик, за кои со првостепената пресуда се огласени за виновни, им се изрекуваат прекршочни санкции - глоби, на обвинетото правно лице во износ од 1.500 евра и на обвинетото одговорно лице во износ од 400 евра во денарска противвредност по средниот курс на НБРСМ на денот на пресудување. Во останатиот дел првостепената пресуда, се потврдува. |

**ПРИЛОГ БР. 1.9.**

## Управни спорови во 2024 година

| **1. Подносител на тужба: Трговско радиодифузно друштво РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ** | |
|---|---|
| Датум на поднесување на тужбата до Управниот суд | 26.03.2024 година |
| Акт на Агенцијата против кој е поведен управниот спор | Одлука на Агенцијата за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ, Уп1 бр. 0803-63 од 04.03.2024 година<br><br>Решение за бришење од регистарот на радиодифузери Уп1 0802-113 од 13.03.2024 година |
| Предмет на спорот | Тужителот му предлага на судот да ги поништи:<br><br>- Одлуката на Агенцијата за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ, Уп1 бр. 0803-63 од 04.03.2024 година<br>- Решението за бришење од регистарот на радиодифузери Уп1 0802-113 од 13.03.2024 година |
| Исход на управниот спор | ТУЖБА У-3.бр.133/2024 од 28.03.2024 година (наш Уп1 бр. 08-63 од 03.04.2024 година), поднесена од ТРД РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ<br><br>Повлекување на тужбата од ТРД РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ до Управен суд на РСМ<br><br>Одлука на Агенцијата Уп1 бр. 08-134 од 09.04.2024 година за поништување на Одлуката Уп1 бр.0803-63 од 04.03.2024 година за одземање на дозволата на ТРД РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ<br><br>Известување по повод доставена Покана за одговор на тужба од Агенцијата до Управен суд на РСМ, Уп1 бр. 08-63 од 11.04.2024 година<br><br>Решение од Управен суд на РСМ У-3.бр.133/2024 од 09.04.2024 година (наш Уп1 бр. 08-63 од 26.04.2024 година), со кое постапката по тужбата на тужителот - ТРД РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ, СЕ ЗАПИРА |

| **2. Подносител на тужба: Трговско радиодифузно друштво РАДИО ПРО-ФМ ДОО Гостивар** | |
|---|---|
| Датум на поднесување на тужбата до Управниот суд | 16.04.2024 година |
| Акт на Агенцијата против кој е поведен управниот спор | Одлука на Агенцијата за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ПРО-ФМ ДОО Гостивар, Уп1 бр. 0802-89 од 15.03.2024 година |
| Предмет на спорот | Тужителот му предлага на судот да се поништи Одлука на Агенцијата за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ПРО-ФМ ДОО Гостивар, Уп1 бр .0802-89 од 15.03.2024 година |
| Исход на управниот спор | Тужба У-3.бр.162/2024 од 19.04.2024 година (наш Уп1 бр. 08-89 од 26.04.2024 година) поднесена од ТРД РАДИО ПРО-ФМ ДОО Гостивар преку полномошник Бењамин Селими адвокат од Гостивар<br><br>Ивестување од ТРД РАДИО ПРО-ФМ ДОО Гостивар до Агенцијата (Уп1 бр.08-89 од 26.04.2024 г.) за платени трошоци за објава, како и доказ дека тужбата до Управен суд на РСМ е повлечена<br><br>Известување по повод доставена Покана за одговор на тужба од Агенцијата до Управен суд на РСМ (наш Уп1 бр. 08-89 од 29.04.2024 година) |

| | |
|---|---|
| | Решение У-3.бр.162/2024 од 29.04.2024 година (наш Уп1 бр.08-89 од 14.05.2024 г.) на Управен суд на РСМ, со кое постапката по тужбата на тужителот - ТРД РАДИО ПРО-ФМ ДОО Гостивар СЕ ЗАПИРА<br><br>Барање (Уп1 бр. 08-89 од 15.05.2024 година) од Агенцијата за исправка на грешки во Решение У-3.бр.162/2024 од 29.04.2024 година (наш Уп1 бр. 08-89 од 14.05.2024 година) на Управен суд на РСМ<br><br>Решение У-3. бр. 162/2024 од 30.05.2024 година (наш Уп1 бр. 08-89 од 10.06.2024 година) на Управниот суд со кое се врши поправање на Решението на Управниот суд У-3. бр. 162/2024 од 29.04.2024 година, поради направени технички грешки во истото, и тоа: во уводот, диспозитивот и во образложението |

| **3. Подносител на тужба: Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица** | |
|---|---|
| Датум на поднесување на тужбата до Управниот суд | 30.08.2024 година |
| Акт на Агенцијата против кој е поведен управниот спор | Одлука на Агенцијата за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, Уп1 бр. 08-204 од 24.07.2024 година |
| Предмет на спорот | Тужителот му предлага на судот да се поништи Одлуката на Агенцијата за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, Уп1 бр.08-204 од 24.07.2024 година |
| Исход на управниот спор | Тужба У-3.бр.432/2024 од 04.09.2024 година, примена во Судот на 30.08.2024 година (наш Уп1 бр. 08-204 од 05.09.2024 г.), поднесена од Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, преку полномошник Адвокат Душко Гошевски од Валандово<br><br>Известување по повод доставена Покана за одговор на тужба од Агенцијата до Управен суд на РСМ (наш Уп1 бр. 08-204 од 06.09.2024 година)<br><br>Решение У-3.бр.432/2024 од 20.09.2024 година (наш Уп1 бр. 08-204 од 09.10.2024 година), со кое постапката по тужбата на тужителот Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, за поништување на Одлуката за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, Уп1 бр.08-204 од 24.07.2024 година, СЕ ЗАПИРА. |

| **4. Подносител на тужба: Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип** | |
|---|---|
| Датум на поднесување на тужбата до Управниот суд | 24.10.2024 година |
| Акт на Агенцијата против кој е поведен управниот спор | Одлука за одбивање на барањето за објавување јавен конкурс за доделување на дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестијален мултиплекс, Уп1 бр.08-13 од 20.09.2024 година |
| Предмет на спорот | Тужителот му предлага на Судот:<br>- да донесе Одлука со која тужбата ќе ја усвои;<br>- Одлуката Уп1 бр. 08-13 од 20.09.2024 година, за одбивање на барањето да ја поништи и<br>- предметот да го врати на повторно разгледување и одлучување или пак конечно да го реши |
| Исход на управниот спор | ТУЖБА ОД ТУЖИТЕЛОТ – ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, У-3.бр.550/2024 од 25.10.2024 година (наш Уп1 бр. 08-13 од 29.10.2024 година), поднесена преку полномошник Љупчо Докузов, адвокат од Штип<br><br>Одговор на тужба од Агенцијата Уп1 бр.08-13 од 27.11.2024 година |

**ПРИЛОГ БР. 1.10.**

## Поднесени иницијативи до Уставен суд на РСМ во 2024 година

| **1. Подносител на иницијатива: Билјана Ванковска – Цветковска (во својство на потврден независен претседателски кандидат) и политичката партија ЛЕВИЦА (во својство на опозициска парламентарна партија)** | |
|---|---|
| Датум на поднесување на иницијативата до Уставниот суд | 12.04.2024 година |
| Акт на АВМУ/член од акт кој е предмет на иницијативата со која се бара поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста | Точка 3 од Упатството за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори 2024, бр. 01-1550/1 од 29.03.2024 година |
| Поднесена иницијатива/Одговор на иницијатива | Иницијатива – Претставка за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на подзаконски правен акт У.бр.149/2024 од 12.04.2024 година (наш арх.бр.03-1887/1 од 12.04.2024 година)<br><br>Одговор на иницијатива од Агенцијата бр. 03-1887/2 од 16.04.2024 година |
| Поведена/запрена постапка за оценување на уставноста и законитоста/отфрлена иницијатива | ОТФРЛЕНА ИНИЦИЈАТИВА<br>Донесено Решение У.бр.149/2024 од 23.04.2024 година (наш арх. бр. 03-1887/3 од 16.05.2024 година), со кое се отфрла иницијативата поради тоа  што оспорената одредба од Упатството има темпорален, времен карактер, со важност до крајот на изборната кампања за претседателските избори, во првиот круг на гласање, со што е исцрпена во примената и повеќе не е во важност. |
| Фаза на постапката по поднесената иницијатива | завршена |

| **2. Подносител на иницијатива: Политичка партија ЛЕВИЦА (во својство на опозициска парламентарна партија)** | |
|---|---|
| Датум на поднесување на иницијативата до Уставниот суд | 26.04.2024 година |
| Акт на АВМУ/член од акт кој е предмет на иницијативата со која се бара поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста | Точка 1 од Упатството за измена и дополнување на Упатството за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори 2024, бр. 01-1911/1 од 15.04.2024 година |
| Поднесена иницијатива/Одговор на иницијатива | Иницијатива – Претставка за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на подзаконски правен акт У.бр.159/2024 од 26.04.2024 година (наш арх.бр.01-1911/3 од 26.04.2024 годуина)<br><br>Одговор на иницијатива од Агенцијата, бр. 01-1911/4 од 30.04.2024 година |
| Поведена/запрена постапка за оценување на уставноста и законитоста/отфрлена иницијатива | ОТФРЛЕНА ИНИЦИЈАТИВА<br>Донесено Решение У.бр.159/2024 од 28.05.2024 година (наш арх. бр. 03-1911/5 од 10.07.2024 година), со кое се отфрла иницијативата поради тоа што оспорената одредба од Упатството има темпорален, времен карактер, со важност до крајот на изборната кампања за парламентарните избори, со што е исцрпена во примената и повеќе не е во важност. |
| Фаза на постапката по поднесената иницијатива | завршена |

| **3.** | **Подносител на иницијатива: Друштво за телекомуникациски услуги ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ Штип, преку полномошник Љупчо Докузов, адвокат од Штип** |
|---|---|
| Датум на поднесување на иницијативата до Уставниот суд | 27.05.2024 година |
| Акт на АВМУ/член од акт кој е предмет на иницијативата со која се бара поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста | член 10 и член 16 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РСМ“ бр.55/24) |
| Поднесена иницијатива/Одговор на иницијатива | Иницијатива за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 10 и член 16 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РСМ“ бр. 55/24), У.бр.176/24 од 27.05.2024 година (наш арх. бр .03-2893/1 од 01.07.2024 година<br><br>Мислење од Агенцијата бр. 03-2893/3 од 11.07.2024 година |
| Поведена/запрена постапка за оценување на уставноста и законитоста/отфрлена иницијатива | |
| Фаза на постапката по поднесената иницијатива | во тек |

| **4.** | **Подносител на иницијатива: Ристо Гоговски** |
|---|---|
| Датум на поднесување на иницијативата до Уставниот суд | 05.07.2024 година |
| Акт на АВМУ/член од акт кој е предмет на иницијативата со која се бара поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста | член 101-в став 4 и член 101-з став 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РСМ“ бр. 55/24) |
| Поднесена иницијатива/Одговор на иницијатива | Иницијатива за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 101-в став 4 и член 101-з став 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РСМ“ бр. 55/24), У.бр. 188/24 од 05.07.2024 година (наш арх. бр .03-3101/1 од 18.07.2024 година<br><br>Мислење од Агенцијата бр. 03-3101/2 од 24.07.2024 година |
| Поведена/запрена постапка за оценување на уставноста и законитоста/отфрлена иницијатива | |
| Фаза на постапката по поднесената иницијатива | во тек |

# 2. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ПРОГРАМСКИ НАДЗОР ЗА 2024 ГОДИНА

март, 2025 година

## Надзор врз работата на радиодифузерите

Во текот на 2024 година, Агенцијата ги реализираше сите планирани надзори од Годишниот план за вршење програмски надзор. Спроведе вкупно **114**[31] редовни програмски надзори врз работата на радиодифузерите кои, во табелата подолу, се прикажани според месецот на извршување на мониторингот, заедно со констатираните прекршувања. За секој од радиодифузерите беа направени по два програмски надзора за различни законски обврски, иако во табелата се наведени само по еднаш.

Редовните надзори се спроведуваат врз почитувањето на четири групи обврски од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и соодветните подзаконски акти, и тоа:

**1. За емитување аудио и аудиовизуелни комерцијални комуникации**

- член 53 – *Општи правила за емитување комерцијални комуникации*
- член 54 – *Спонзорство*
- член 55 – *Пласирање производи*
- член 98 – *Услови за рекламирање и телешопинг*
- член 99 – *Начин на рекламирање и телешопинг*
- член 100 – *Времетраење на рекламирањето и телешопинг спотовите*
- член 101 – *Забрана за учество во реклами и телешопинг на одредени лица*

**2. За заштита на малолетните лица од програми што можат да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој**

- член 50 – *Заштита на малолетни лица*
- *член 50-а – Заштита на личните податоци на малолетните лица*

**3. За поттикнување и заштита на културниот идентитет**

- член 64 – *Употреба на јазик*
- член 80 – *Доброволно преземени обврски за емитување домашна музика*
- член 91 – *Европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти*
- член 92 – *Домашна музика на ЈРС и македонски аудиовизуелни дела на ТВ*

**4. За други програмски обврски**

- член 52 – *Обезбедување квизови или други програми со наградно учествување*
- член 90 – *Времетраење на дневното емитување кај радиодифузерите*
- член 93 – *Телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање*
- член 94 – *Емитување игри на среќа*

[31] Освен овие редовни програмски надзори, беа спроведени и 17 контролни надзори (поради констатирани прекршувања при редовните), како и четири вонредни по службена должност.

| **Редовни програмски надзори во 2024 година** | | |
|---|---|---|
| р.бр. | Радиодифузер | Констатирани прекршувања на ЗААВМУ |
| **јануари** | | |
| 1 | Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонско радио – Прв програмски сервис - МРА1 | / |
| 2 | Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонско радио - Втор програмски сервис - МРА2 | / |
| 3 | Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонско радио - Трет програмски сервис - МРА3 | / |
| **февруари** | | |
| 4 | Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонска телевизија – Прв програмски сервис - МРТ1 | / |
| 5 | Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонска телевизија – Втор програмски сервис – МРТ2 | - член 92 став 1 (изворно создадена програма) |
| 6 | Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонска телевизија - Трет програмски сервис - МРТ3 | / |
| 7 | Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонска телевизија - Четврти програмски сервис - МРТ4 | / |
| 8 | Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонска телевизија - Петти програмски сервис - МРТ5 | / |
| **јули** | | |
| 9 | Трговско Радиодифузно друштво РАДИО АНТЕНА 5 Петров, Јаневски и Гушев ДОО Скопје - РАДИО АНТЕНА 5 | / |
| 10 | Трговско радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип - РАДИО КАНАЛ 77 | / |
| 11 | Радиодифузно трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје - РАДИО МЕТРОПОЛИС | / |
| 12 | Трговско радиодифузно друштво ЈОН-РАДИО ДОО Струга - ЈОН РАДИО | / |
| **Надзор врз годишни обврски (Европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти)** | | |
| 13 | Јавно радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонска телевизија – Прв програмски сервис - МРТ1 | / |
| 14 | Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје - ТВ Сител | / |
| 15 | Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје - ТВ Канал 5 | / |
| 16 | Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје - ТВ Телма | / |
| 17 | Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје - ТВ Алфа | / |
| 18 | Трговско радиодифузно друштво ТВ АЛСАТ - М ДООЕЛ Скопје - ТВ Алсат-М | / |

| | | |
|---|---|---|
| 19 | Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип - ТВ 24 Вести | / |
| 20 | Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ – Скопје - Наша ТВ | / |
| 21 | Радиодифузно трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ Прилеп - ТВ Сонце | / |
| 22 | Трговско Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје - ТВ 21- М | / |
| 23 | Трговско радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје - ТВ ШЕЊА | / |
| 24 | Трговско радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Тетово - ТВ КЛАН МАЦЕДОНИА | / |
| **август** | | |
| 25 | Трговско радиодифузно друштво УРБАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Скопје - УРБАН ФМ РАДИО | / |
| 26 | Трговско радиодифузно друштво РАДИО ЗОНА М -1 Светлана ДООЕЛ Скопје - РАДИО ЗОНА М-1 | - член 80 ставови 7, 8 и 9 од ЗААВМУ, а во врска со точка 4 од Насоките за доброволно пријавување на радијата за емитување домашна музика (во период од 6 до 00 часот) |
| 27 | Радиодифузно трговско друштво СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ - Скопје - СКАЈ РАДИО | / |
| 28 | ЕФ-ЕМ 90.3-СПОРТСКО РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Скопје - 90.3-СПОРТСКО РАДИО | / |
| 29 | Трговско радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје - РФМ | / |
| **октомври** | | |
| 30 | Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје - ТВ Сител | - член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 20 и 21 (начин на аплицирање, изглед и содржина на предупредувачката сигнализација) од Правилникот за заштита на малолетните лица (ПЗМЛ) |
| 31 | Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје - ТВ Канал 5 | / |
| 32 | Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје - ТВ Телма | / |
| 33 | Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје - ТВ Алфа | / |
| 34 | Трговско радиодифузно друштво ТВ АЛСАТ - М ДООЕЛ Скопје - ТВ Алсат-М | / |
| 35 | Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ – Скопје - Наша ТВ | / |
| 36 | Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип - ТВ 24 Вести | / |

| | | |
|---|---|---|
| 37 | Трговско Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје - ТВ 21- М | - член 64 став 1 (употреба на јазикот)<br>- член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 20 и 21 (начин на аплицирање, изглед и содржина на предупредувачката сигнализација) од ПЗМЛ |
| 38 | Трговско радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје - ТВ ШЕЊА | - член 92 ставови 1 и 3 (изворно создадена програма)<br>- член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 20 и 21 (начин на аплицирање, изглед и содржина на предупредувачката сигнализација) од ПЗМЛ |
| 39 | Трговско радиодифузно друштво КЛАН МАЦЕДОНИА ДООЕЛ експорт-импорт Тетово - ТВ КЛАН МАЦЕДОНИА | - член 50 став 3 од ЗААВМУ и на член 22 став 2 (објави за програмите) од ПЗМЛ |
| 40 | Радиодифузно трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ Прилеп - ТВ Сонце | - член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 20 и 21 (начин на аплицирање, изглед и содржина на предупредувачката сигнализација) од ПЗМЛ |
| | **ноември** | |
| 41 | Трговско радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип - ТВ Стар | - член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 20 и 21 (начин на аплицирање, изглед и содржина на предупредувачката сигнализација) од ПЗМЛ |
| 42 | Трговско радиодифузно друштво КТВ ДООЕЛ Кавадарци - ТВ КТВ | - член 64 став 1 (употреба на јазикот) |
| 43 | Трговско радиодифузно друштво ВИСТЕЛ ДООЕЛ Скопје - ТВ Вистел | / |
| 44 | Трговско радио дифузно друштво ТВ КОХА Меваип ДООЕЛ Тетово - ТВ Коха | / |
| 45 | Трговско радио дифузно друштво ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин,Сарај - ТВ Едо | - член 92 став 1 (изворно создадена програма) |
| 46 | Трговско радиодифузно друштво телевизија КОБРА ДОО Радовиш - ТВ Кобра | / |
| 47 | Трговско радиодифузно друштво ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово - ТВ Њуз | - член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 17 (категоризација на аудиовизуелните програми) и |

| | | |
|---|---|---|
| | | 19 (предупредувачка сигнализација) од ПЗМЛ<br>- член 92 ставови 1 и 3 (изворно создадена програма) |
| 48 | Трговско радиодифузно друштво ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар - ТВ Дуе | - член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 16 (временски периоди за категориите програми) 20 и 21 (начин на аплицирање, изглед и содржина на предупредувачката сигнализација) од ПЗМЛ<br>- член 92 ставови 1 и 3 (изворно создадена програма)<br>- член 64 став 1 (употреба на јазикот) |
| 49 | Трговско друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ - ТВ Спектра | - член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 16 (временски периоди за категориите програми) и 17 (категоризација на аудиовизуелните програми) од ПЗМЛ<br>- член 92 став 1 (изворно создадена програма)<br>- член 64 став 1 (употреба на јазикот) |
| 50 | Трговско радиодифузно друштво ПРОТЕЛ ДООЕЛ Пробиштип - ТВ Протел | - член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 16 (временски периоди за категориите програми), 17 (категоризација на аудиовизуелните програми) и 19 (предупредувачка сигнализација) од ПЗМЛ |
| 51 | Трговско радиодифузно друштво ТВ СВЕТ ДОО Свети Николе - ТВ Свет | - член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 20 и 21 (начин на аплицирање, изглед и содржина на предупредувачката сигнализација) од ПЗМЛ |
| **декември** | | |
| 52 | Непрофитна радиодифузна организациона единица УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО СТУДЕНТ ФМ 92.9 - Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје - СТУДЕНТ ФМ 92.9 | - со надзорот е констатирано дека радиодифузерот не емитува содржини со новинарски и со уреднички ангажман што претставува |

| | | |
|---|---|---|
| | | индиција за непочитување на програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата (член 67 став 6 од ЗААВМУ) за што е потребно да се изврши вонреден надзор на вкупната неделна програма. |
| 53 | Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УКЛО ФМ БИТОЛА - Универзитет Свети Климент Охридски Битола - УКЛО ФМ | / |
| 54 | Непрофитна радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УГД ФМ - Универзитет Гоце Делчев Штип - УГД ФМ | - со надзорот е констатирано дека радиодифузерот не емитува содржини со новинарски и со уреднички ангажман што претставува индиција за непочитување на програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата (член 67 став 6 од ЗААВМУ) за што е потребно да се изврши вонреден надзор на вкупната неделна програма. |
| 55 | Непрофитна радиодифузна установа РАДИО МАРИЈА - БЛАГОВЕСТ Струмица - РАДИО МАРИЈА - БЛАГОВЕСТ | / |

Сите извештаи од реализираните надзори се достапни за јавноста на веб страницата на Агенцијата преку линкот: https://avmu.mk/radiodifuzeri-mk/.

## Надзор врз работата на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи

Со Годишниот план за вршење програмски надзор во 2024 година беше предвидено Агенцијата да спроведе редовен програмски надзор на програмските пакети на сите евидентирани оператори на јавни електронски комуникациски мрежи, и тоа по два пати, по еднаш во секое полугодие.

Во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети беше евидентиран 31 субјект. Само еден оператор ја извести Агенцијата дека престанува со вршење на дејноста - Друштвото за телекомуникации и услуги КОМБО 2003 ДОО извоз-увоз Куманово (во септември), со што беше избришан од регистарот. Со оглед на тоа што овој оператор беше избришан во септември, врз него не беше спроведен контролен надзор за да се утврди дали го отстранил прекршокот кој беше констатиран со редовниот надзор. Редовниот надзор беше спроведен согласно Годишниот план за програмски надзор.

Агенцијата спроведе вкупно 91[32] редовни програмски надзори, со цел да констатира дали операторите ги исполнуваат обврските утврдени во следните членови од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги:

- член 64 став 2 – *„Доколку програмските сервиси што се реемитуваат преку јавни електронски комуникациски мрежи се титлуваат на јазик различен од јазикот на кој оригинално се произведени, мора да бидат титлувани на македонски јазик, или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија, освен телешопингот и рекламите*“.

- член 141 – *„Доколку Агенцијата врз основа на извршен програмски надзор согласно со овој закон утврди дека оператор реемитува програмски сервис кој не е регистриран согласно со овој член, Агенцијата во рок од седум дена од извршениот програмски надзор ќе донесе решение со кое ќе му наложи на операторот веднаш да го исклучи реемитувањето на програмскиот сервис“.*

- член 143 став 3 - *„Оператор кој реемитува програмски сервиси треба да обезбеди програмскиот пакет задолжително и бесплатно да ги содржи програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис“*

| **Редовни програмски надзори во 2024** | | |
|---|---|---|
| р.бр. | Оператор | Констатирани прекршувања на ЗААВМУ |
| **јануари** | | |
| 1 | Глобалсат Скопје | / |
| 2 | Инел Интернационал Кавадарци | / |
| 3 | Кабел ДОО Валандово | / |
| 4 | Мултимедија – Нет Скопје | / |
| 5 | збирен за член 143 став 3 (Глобалсат, Инел Интернационал Кабел ДОО и Мултимедија – Нет) | / |
| 6 | Траншпед Трејд Крива Паланка | / |
| 7 | Сигнал Нет Куманово | / |

[32] Освен овие редовни програмски надзори, беа спроведени и 11 контролни надзори (поради констатирани прекршувања при редовните), како и три вонредни по службена должност.

| | | |
|---|---|---|
| 8 | збирен за член 143 став 3 (Траншпед Трејд, Сигнал Нет Куманово) | / |
| 9 | Кабел Л Нет Лабуништа | / |
| 10 | Кабел Нет Прилеп | / |
| 11 | збирен за член 143 став 3 (Кабел Л Нет Лабуништа, Кабел Нет Прилеп) | / |
| **февруари** | | |
| 12 | Скрембл Ново Село | / |
| 13 | Комбо Куманово | / |
| 14 | ИП Системс Куманово | / |
| 15 | Мултимедија Нетворк Л Гостивар | опомена по член 141 |
| 16 | Теленет Ком Тетово | опомена по член 141 |
| 17 | збирен за член 143 став 3 (Скрембл, Комбо, ИП Системс, Мултимедија Нетворк Л, Теленет Ком) | / |
| 18 | Алтра Сат Охрид | / |
| 19 | Пет Нет Гевгелија | / |
| 20 | Инфел Охрид | опомена по член 141 |
| 21 | Телекабел Штип | / |
| 22 | збирен за член 143 став 3 (Алтра Сат, Пет Нет, Телекабел) | / |
| 23 | Вива Нет Берово | / |
| 24 | Вива Нет Берово за член 143 став 3 | / |
| **март** | | |
| 25 | Винсат Кабел Виница | / |
| 26 | Кабел Нет Струмица | / |
| 27 | збирен за член 143 став 3 (Винсат Кабел, Кабел Нет) | / |
| 28 | Нафи и Беко Гостивар | / |
| 29 | Дрим Сат Гостивар | / |
| 30 | збирен за член 143 став 3 (Нафи и Беко, Дрим Сат) | / |
| 31 | Кабелкалл Кичево | / |
| 32 | Кабелкалл за член 143 став 3 | / |
| 33 | Скупи Кабел Скопје | / |
| 34 | Бив Пирамида Делчево | / |
| 35 | збирен за член 143 став 3 (Скупи Кабел, Бив Пирамида) | / |
| **април** | | |
| 36 | Македонски Телеком | / |
| 37 | Неотел | / |
| 38 | збирен за член 143 став 3 (Македонски Телеком, Неотел) | / |
| 39 | Датаком | / |
| 40 | Спајдер Гевгелија | опомена по член 141 |
| 41 | збирен за член 143 став 3 (Датаком, Спајдер) | / |
| 42 | МТЕЛ | / |
| 43 | А1 Македонија | / |
| 44 | збирен за член 143 став 3 (МТЕЛ, А1 Македонија) | / |
| 45 | Тотал ТВ | / |
| 46 | Тотал ТВ за член 143 став 3 | опомена по член 143 став 3 |
| **јули** | | |

| | | |
|---|---|---|
| 47 | Бив Пирамида Делчево | / |
| 48 | Глобалсат Скопје | / |
| 49 | Кабел ДОО Струмица | / |
| 50 | Скрембл Ново Село | / |
| 51 | Кабел Нет Прилеп | / |
| 52 | Каблекалл Кичево | / |
| 53 | Мултимедија – Нет Скопје | / |
| 54 | збирен за член 143 став 3 (Бив Пирамида, Глобалсат, Кабел ДОО, Скрембл, Кабел Нет Прилеп, Каблекалл, Мултимедија – Нет Скопје) | / |
| **август** | | |
| 55 | Кабел Л Нет Лабуништа | / |
| 56 | ИП Системс Куманово | / |
| 57 | Инел Интернационал Кавадарци | / |
| 58 | Алтра Сат Охрид | / |
| 59 | Пет Нет Гевгелија | / |
| 60 | збирен за член 143 став 3 (Кабел Л Нет, ИП Системс, Инел Интернационал ,Алтра Сат, Пет Нет) | / |
| 61 | Теленет Ком Тетово | / |
| 62 | Мултимедија Нетворк Л Гостивар | / |
| 63 | Кабел Нет Струмица | / |
| 64 | збирен за член 143 став 3 (Теленет Ком, Мултимедија Нетворк Л Кабел Нет) | / |
| 65 | Инфел Охрид | / |
| 66 | Телекабел Штип | / |
| 67 | Сигнал Нет Куманово | / |
| 68 | збирен за член 143 став 3 (Инфел, Телекабел, Сигнал Нет) | / |
| **септември** | | |
| 69 | Вива Нет Берово | / |
| 70 | Скупи Кабле Скопје | / |
| 71 | Траншпед Трејд Крива Паланка | / |
| 72 | Комбо Куманово | опомена по член 141 |
| 73 | збирен за член 143 став 3 (Вива Нет, Скупи Кабле, Траншпед Трејд, Комбо) | / |
| 74 | Винсат Кабел Виница | / |
| 75 | Винсат Кабел за член 143 став 3 | / |
| 76 | Тотал ТВ за член 143 став 3 | / |
| 77 | А1 Македонија | опомена по член 141 |
| 78 | А1 Македонија за член 143 став 3 | |
| **октомври** | | |
| 79 | Тотал ТВ | опомена по член 141 |
| 80 | М ТЕЛ | опомена по член 141 |
| 81 | Нафи и Беко Гостивар | опомена по член 141 |
| 82 | Дрим Сат Гостивар | опомена по член 141 |
| 83 | збирен за член 143 став 3 (М ТЕЛ, Нафи и Беко, Дрим Сат) | / |
| 84 | Спајдер Гевгелија | / |
| 85 | Спајдер за член 143 став 3 | / |

| ноември | | |
|---|---|---|
| 86 | Неотел | опомена по член 141 |
| 87 | Неотел за член 143 став 3 | / |
| 88 | Македонски Телеком | / |
| 89 | Македонски Телеком за член 143 став 3 | / |
| 90 | Датаком | / |
| 91 | Датаком за член 143 став 3 | / |

Сите извештаи од реализираните надзори се достапни за јавноста на веб сајтот на Агенцијата преку линкот: Извештаи од надзори и изречени мерки на ОЈЕКМ – Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (avmu.mk).

## Надзор врз работата на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање

Со Годишниот план за вршење програмски надзор во 2024 година беше предвидено Агенцијата да спроведе редовен програмски надзор врз давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, и тоа по два пати, по еднаш во секое полугодие. Во регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање беа евидентирани четири субјекти.

Надзорот се изврши врз исполнувањето на обврските утврдени во следните членови од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги:

- член 49 – *„Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги не смеат да објавуваат односно пренесуваат кинематографски дела надвор од периодот утврден во договорите со имателите на правата“.*

- член 50 став 1 – *„Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги не смеат да емитуваат програми кои може сериозно да му наштетат на физичкиот, психичкиот или моралниот развој на малолетните лица, особено програми кои содржат порнографија или непотребно насилство“.*

| **Редовни програмски надзори во 2024 година** | |
|---|---|
| Давател по барање | Констатирани прекршувања на ЗААВМУ |
| **април** | |
| СВОД Мастер ДОО Скопје | / |
| МТЕЛ ДООЕЛ Скопје | / |
| А1 МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје | / |
| МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД Скопје | / |
| **ноември** | |
| СВОД Мастер ДОО Скопје | / |
| МТЕЛ ДООЕЛ Скопје | / |
| А1 МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје | / |
| МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД Скопје | / |

Сите извештаи од реализираните надзори се достапни за јавноста на веб сајтот на Агенцијата преку линкот: Даватели на АВМУ по барање – Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (avmu.mk).

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

# 3. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН ЗА 2024 ГОДИНА СО РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ, РАСХОДИ, ПОБАРУВАЊА И ОБВРСКИ ЗА 2024 ГОДИНА

март, 2025 година

**Вкупните остварени приходи во 2024 година изнесуваат 136.610.658,00 денари. Овие приходи се остварени од следните извори**:

- Приходи од Буџетот на Република Северна Македонија за изборните активности во 2024 година (парламентарни и претседателски избори), за кои Агенцијата искористи средства во износ од 4.197.302,00 денари;
- Финансиски средства од Буџетот на РСМ и приходи од наплатена радиодифузна такса во износ од 75.309.086,00 денари;
- Приходи остварени од надоместоци за дозволи за телевизиско и радио емитување во износ од 45.577.501,00 денар;
- Приходи за надзор на операторите на јавна електронска комуникациска мрежа кои реемитуваат програмски сервиси и за надзор на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање во износ од 10.422.602,00 денари;
- Приходи од транзитни фактури во износ од 858.310,00 денари;
- Приходи од позитивни курсни разлики во износ од 1.556,00 денари; и
- Други приходи во износ од 244.301,00 денари.

Владата на РСМ, со Одлука бр. 41-2221/3 од 05.03.2024 година, и одобри на Агенцијата средства од Буџетот на РСМ во вкупен износ од 10.000.000,00 денари за следење на парламентарните и претседателските избори во 2024 година. Овие средства беа наменети исклучиво за финансирање на активностите на Агенцијата за време на изборните процеси и беа префрлени на посебна сметка. Агенцијата средствата ги искористи за следните намени:

- за привремени вработувања беа искористени вкупно 3.234.544,00 денари со вклучен ДДВ;
- за услугата – пренос на податоци од далечински локации со неограничен вклучен сообраќај во двата правци (download/upload) беа потрошени средства во вкупен износ од 337.716,00 денари;
- за адвокатски трошоци беа потрошени средства во вкупен износ од 61.000,00 денари;
- за телефонски трошоци беа потрошени средства во вкупен износ од 105.600,00 денари;
- за одржување на софтверот на системот за мониторирање на радио и ТВ сервиси и надзор на ОЈЕКМ (оператори на јавна електронска комуникациска мрежа) беа потрошени средства во вкупен износ од 393.282,00 денари;
- за поштенски трошоци беа потрошени средства во вкупен износ од 9.628,00 денари; и
- за потрошен информатички материјал беа потрошени средства во вкупен износ од 50.000,00 денари.

Исто така, од оваа сметка беа платени банкарски провизии и месечни провизии за водење на сметката во вкупен износ од 5.532,00 денари, со што од Буџетот на Република Северна Македонија вкупно беа искористени 4.197.302,00 денари. Неискористените средства, во вкупен износ од 5.802.698,00 денари, Агенцијата на 25.06.2024 година ги врати на трезорската сметка на Министерството за финансии.

Средствата за финансирање на радиодифузна дејност се обезбедуваат согласно член 105 ставови (1) и (2) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24) кои гласат:

(1) Средствата за финансирање на радиодифузната дејност, за работењето и развојот на МРТ, Јавното претпријатие „Македонска радиодифузија“ и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, во висина од 1%

од реализираните даночни приходи утврдени во последната донесена завршна сметка на Буџетот на Република Северна Македонија.

(2) Средствата од ставот 1 се распоредуваат на следниот начин:
- 80% за МРТ за покривање на трошоци за создавање и емитување на програмите и за техничко-технолошки развој,
- 15% за ЈП „Македонска радиодифузија“ за одржување, употреба и развој на јавната радиодифузна мрежа и
- 5% за Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Износот кој ѝ се исплаќа на Агенцијата согласно ЗААВМУ се пресметува на годишно ниво, но обврската за исплата е на месечно ниво. Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА), сега трансформирано во Министерство за дигитална трансформација, уште од 2023 година по овој основ имаше долг кон Агенцијата. Имено, за месеците август, септември, октомври, ноември и декември 2023 година, на месечно ниво на Агенцијата и беа префрлани по 4.500.000,00 денари, наместо по 5.237.054,00 денари, согласно последната донесена завршна сметка на Буџетот на Република Северна Македонија од 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 250/22), каде беше наведено дека вкупните реализирани даночни приходи во 2021 година изнесуваат 125.689.306.584,00 денари, од кои средствата за финансирање на радиодифузната дејност за Агенцијата требаше да изнесуваат 62.844.653,00 денари на годишно ниво, односно 5.237.054,00 денари на месечно ниво.

Почнувајќи од јануари 2024 година износот требаше да биде пресметан и исплатен на Агенцијата, врз основа на податоците од даночните приходи од Завршната сметка на Буџетот на РСМ за 2022 година (објавена во Службен весник од 20.12.2023 година), односно во 2024 година средствата наменети за финансирање на радиодифузната дејност на месечно ниво требаше да изнесуваат 5.940.305,00 денари. Но, и на почетокот на 2024 година, односно на 11.01.2024 надлежното Министерство наместо потребниот износ од 5.940.305,00 денари на Агенцијата и исплати помал износ, односно исплатата беше во износ од 4.813.545,00 денари. Од таа причина, Агенцијата поднесе тужба за побарување од Министерството за информатичко општество и администрација  во вкупен износ од 4.812.030,00 денари за помалку исплатен износ од утврдениот со Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од 20.07.2023 година, утврден како главен долг за периодот од м.08/2023 – 01/2024 година.

Табеларен преглед за долгот од МИОА (сега МДТ) изразен по месеци:

| месец | за исплата согласно Закон (по завршна сметка) | | | исплатено од МИОА (сега Министерство за дигитална трансформација) | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | даночни приходи од претходни год. | 1% од буџетот | 5% за АВМУ (месечен износ) | дата на исплата | исплатен износ | помалку исплатен износ |
| 08/2023 | 125.689.306.584 | 1.256.893.066 | 5.237.054 | 01.08.2023 | 4.500.000 | 737.054 |
| 09/2023 | 125.689.306.584 | 1.256.893.066 | 5.237.054 | 01.09.2023 | 4.500.000 | 737.054 |
| 10/2023 | 125.689.306.584 | 1.256.893.066 | 5.237.054 | 02.10.2023 | 4.500.000 | 737.054 |
| 11/2023 | 125.689.306.584 | 1.256.893.066 | 5.237.054 | 01.11.2023 | 4.500.000 | 737.054 |
| 12/2023 | 125.689.306.584 | 1.256.893.066 | 5.237.054 | 05.12.2023 | 4.500.000 | 737.054 |
| 01/2024 | 142.567.326.488 | 1.425.673.265 | 5.940.305 | 11.01.2024 | 4.813.545 | 1.126.760 |
| Вкупно од м.08/2023 - 01/2024 година | | | | | | 4.812.030 |

Според судската тужба, министерството ѝ должеше на АВМУ 4.812.030,00 денари, плус трошоците за судска тужба (платени на 12.01.2024 година) во износ од 48.000,00 денари и трошоците направени за платено вештачење за потребите на тужбата (платени на 23.02.2024 година) во износ од 8.000,00 денари, со што вкупниот долг изнесуваше 4.868.030,00 денари.

Во јануари 2024 година, поточно на 23.01.2024 година, надлежното министерство ѝ уплати на Агенцијата уште една сума во износ од 1.561.454,00 денари. Во февруари, март, април, мај и јуни 2024 година на сметката на Агенцијата префрлаше по 6.375.000,00 денари, односно по 434.695,00 денари повеќе од сумата која требаше да ја уплаќа (5.940.305,00 денари), при што долгот заклучно со месец јуни 2024 година се намали и изнесуваше 1.133.101,00 денар. Во јули и август 2024 година уплатата од Министерството за дигитална трансформација беше помала и изнесуваше по 3.252.091,00 денар, а во септември, октомври, ноември и декември 2024 година уплатата беше во износ од по 5.144.829,00 денари. Вкупниот долг кон Агенцијата на 05.12.2024 година изнесуваше 9.691.433,00 денари.

Министерството за дигитална трансформација на 23.12.2024 година, на сметка на Агенцијата изврши уплата во износ од 56.000,00 денари (48.000,00 денари за судска тужба и 8.000,00 денари за потребите на тужбата), изврши уплата во износ од 3.685.270,00 денари (доплата за 2023 година) и изврши уплата во износ од 5.950.163,00 денари (доплата за 2024 година**). Вкупната сума на уплатата беше во износ од 9.691.433,00 денари и со тоа во целост беше исплатен долгот кој го побаруваше Агенцијата.**

Во Буџетот на РСМ за 2025 година („Службен весник на РСМ бр. 254 од 16.12.2024 година) точно е утврден износот на средствата наменети за финансирање на радиодифузната дејност, и тие изнесуваат 1.577.330.000,00. Од нив, согласно ЗААВМУ, за финансирање на работата на Агенцијата ќе бидат наменети 78.866.500,00 денари, односно на месечно ниво на регулаторот ќе треба да му се исплаќа износ од по 6.572.208,00 денари.

Вкупните приходи во 2024 година за финансирање на радиодифузната дејност и од наплата на радиодифузна такса изнесуваа 75.309.086,00 денари.

Од надоместок за дозволите за телевизиско и радио емитување се остварени средства во вкупен износ од 45.577.501,00 денар.

Приходите од надоместок за надзор на операторите на јавна електронска комуникациска мрежа и на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање изнесуваа 10.422.602,00 денари.

Во 2024 година се остварени и приходи од транзитни фактури во износ од 858.310,00 денари. Тие се остварени од издадени транзитни фактури од страна на Агенцијата за потрошена електрична енергија, за одржување на лифтови и платформа и за одржување и сервисирање на системот за греење, ладење и вентилација.

Приходите од позитивни курсни разлики изнесуваат 1.556,00 денари.

Агенцијата исто така оствари и други приходи во износ од 244.301,00 денари.

**Структурата на вкупните приходи е претставена во Прилог бр. 1 на овој Извештај.**

На 16.01.2024 година, Агенцијата донесе одлука (наш арх.бр.0503-256/1) за доделување финансиска помош – донација на Здружението на граѓани ИСТРАЖУВАЧКА РЕПОРТЕРСКА ЛАБОРАТОРИЈА – ИРЛ Скопје, во износ од 5.000.000,00 денари (пет милиони) денари, со цел да се обезбеди остварување на нејзините идни истражувачки иницијативи, зголемување на обемот и квалитетот на содржините кои ги продуцира, а во чиј фокус се борбата со корупцијата  и борбата со дезинформации, поддршка на нејзината работа за подобрување на пазарот на медиуми и креирање на дополнителен кадар кој ќе произведува содржини согласно врвните меѓународни професионални стандарди, како и на примената на иновативниот модел на мултимедијално раскажување на квалитетни и независни истражувања, што ќе доведе до зголемена доверба во медиумите и подобрување на медиумската писменост во земјата, а преку известувањата за теми кои се важни за граѓаните, со што ќе им се помогне да носат информирани одлуки – политичка пропаганда за време на избори и владеење на правото. За таа цел, Агенцијата потпиша договор за донација со Здружението на граѓани ИСТРАЖУВАЧКА РЕПОРТЕРСКА ЛАБОРАТОРИЈА – ИРЛ Скопје и истите Агенцијата ги префрли на 05.04.2024 година, по добиеното позитивно мислење за јавен интерес од страна на Министерството за правда на РСМ.

**<u>Вкупните направени расходи во 2024 година изнесуваат 128.669.018,00 денари.</u>**

Направените расходи се однесуваат на:

- за потрошени суровини и материјали, за набавка на горива за службените моторни возила, за набавка на канцелариски материјали, средства за лична хигиена, за потрошена вода, за плаќање на комунална хигиена, за набавка на потрошен информатички материјал, се потрошени средства во износ од 806.034,00 денари;
- потрошена електрична енергија во која влегува и потрошувачката на ЧИЛЕРОТ и топлинска енергија во износ од 3.749.190,00 денари;
- за инвестиционо одржување на средствата, односно за редовно одржување и сервисирање на службените возила, миење на службените возила, за одржување на компјутерската опрема и другата ИКТ (информатичко комуникациска технологија) опрема на Агенцијата, за одржување на системот за мониторирање на радио и ТВ сервиси и надзор на ОЈЕКМ (оператори на јавна електронска комуникациска мрежа) на Агенцијата, за одржување на хардверот на системот за мониторирање на радио и ТВ сервиси и надзор на ОЈЕКМ (оператори на јавна електронска комуникациска мрежа), за одржување на постојните веб страници на Агенцијата (општата веб страница: www.avmu.mk, www.rodotimediumite.mk, www.mediumskapismenost.mk и веб страната за избори и медиуми), за одржување на модулот за архивско работење и одржување на интегрираниот софтвер за правно, финансиско и економско работење, за превентивно и адаптивно одржување на системот за автоматско управување со документи (ДМС – документ менаџмент систем), за одржување и сервис на фотокопир апарати и принтери, за одржување на противпожарна – СПЛИНКЕР инсталација (сува потстаница, прскалки и пумпи) и ПП апарати, за ангажирање на фирма за водоинсталатерски и електричарски услуги, за одржување и сервисирање на системот за ладење, греење и вентилација, како и за техничко одржување на лифтови и платформа се потрошени средства во износ од 8.767.798,00 денари;
- за печатарски услуги се потрошени средства во износ од 286.790,00 денари;
- за поштенски трошоци, за телефонски давачки во кои влегуваат мобилната и фиксната телефонија како и за други давачки за превозни услуги, се потрошени средства во износ од 1.494.576,00 денари;
- за издатоци за репрезентација се потрошени средства во износ од 861.354,00 денари;

- за наемнина за користење градежни објекти, односно средства наменети за изнајмување на простор за колокација на ИКТ опрема на осум различни локации во РСМ се потрошени средства во износ од 1.333.924,00 денари;
- за издатоци за судски и административни такси, за издатоци за набавка на весници, списанија, стручна литература, интернет пристап на електронски изданија на Службен весник на РСМ, како и печатени изданија на Службен весник за тековната година и за учество на семинари, работилници, конференции, советувања и сл. се потрошени средства во износ од 195.266,00 денари;
- за технички преглед и регистрација на службените моторни возила се потрошени средства во износ од 29.827,00 денари;
- за одржување на денови на медиумска писменост од страна на Агенцијата се потрошени средства во износ од 1.521.896,00 денари;
- за провизија за платен промет и банкарска провизија се потрошени средства во износ од 96.235,00 денари;
- за осигурување на деловниот објект на Агенцијата, за осигурување на опремата која ја поседуваме, за осигурување на службените моторни возила, за осигурување за автоодговорност при регистрација, за зелени картони и патничко осигурување, се потрошени средства во износ од 268.139,00 денари;
- за исплата на патни трошоци, дневници за службени патувања во земјата и странство, за надомест на трошоци за превоз за службени патувања во земјата и странство, за трошоци за ноќевање во земјата и странство се потрошени средства во износ од 1.612.353,00 денари;
- за други надоместоци за вработените се потрошени средства во износ од 2.700.006,00 денари;
- за надоместоци за членовите на Советот на Агенцијата се потрошени средства во износ од 11.759.574,00 денари;
- за пресметани негативни курсни разлики се потрошени средства во износ од 151,00 денар;
- за годишна членарина во меѓународната платформа на регулаторни тела (ЕПРА), се потрошени средства во износ од 240.786,00 денари;
- за договорни услуги, односно за ангажман преку Агенција за привремени вработувања за надворешни соработници, кои во најголем дел беа ангажирани за следење на изборните активности во 2024 година (претседателски и парламентарни избори), за ангажирање на биро за преведување и за одржување на хигиената во деловните простории на Агенцијата се потрошени средства во износ од 7.878.262,00 денари;
- за адвокатски услуги се потрошени средства во износ од 374.000,00 денари;
- за нотарски услуги се потрошени средства во износ од 7.261,00 денар;
- за други лични и интелектуални услуги наменети за обуки за вработените во Агенцијата се потрошени средства во износ од 76.876,00 денари;
- за анализа на родовите прашања и за начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите се потрошени средства во износ од 459.900,00 денари;
- за истражување на компетенциите на децата за медиумска писменост се потрошени средства во износ од 496.939,00 денари;
- за други расходи, односно за интернет дистрибутивниот систем на Централен регистар, за ревизорски услуги, за интернет конекција со хостирање на постојните интернет страници на Агенцијата, за закуп на простор за објавување огласи во дневни весници, за службени огласи, за пренос на податоци од далечински локации (осум локации во РСМ) со неограничен вклучен сообраќај по локација во двата правци (download/upload) во седиштето на Агенцијата и за други трошоци се потрошени средства во износ од 3.164.359,00 денари;

- за извршена набавка на ИКТ (Информатичка комуникациска технологија) опрема се потрошени средства во износ од 4.891.089,00 денари;
- за дигитален сертификат за електронски потпис на токен, за набавка на софтвер за електронски регистар на јавни електронски комуникациски мрежи, даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање и даватели на услуги платформи за споделување видеа, за лиценца за уред за безбедност на компјутерската мрежа (Firewall) и за ресертификација на ISO стандардот 9001:2015 се потрошени средства во износ од 1.851.360,00 денари;
- за финансиска помош - донација се потрошени средства во износ од 5.000.000,00 денари; и
- за исплата на бруто плати на вработените во стручната служба се потрошени средства во износ од 68.745.073,00 денари.

**<u>Поединечните расходи се наведени во Прилог бр. 1 составен дел на овој Извештај.</u>**

Вкупно остварените приходи во 2024 година се поголеми за 7.941.640,00 денари во однос на вкупно остварените расходи во истата година.

Сметководствената вредност на основните средства во Агенцијата на крајот на 2024 година изнесува 288.061.322,00 денари. Пресметаната амортизација (исправка на вредноста) за 2024 година изнесува 9.199.363,00 денари.

По годишната сметка за 2024 година Агенцијата има побарувања за повеќе платени даноци и придонеси во износ од 5.260.493,00 денари. Тие се однесуваат на побарувања по основ на данок на вкупен приход, данок на додадена вредност и повеќе платени придонеси.

Вкупните побарувања на Агенцијата по основ на издадени фактури од минати години, како и од тековната 2024 година според годишната сметка за 2024 година изнесуваат 3.250.117,00 денари.

Вкупните обврски на Агенцијата кон доверителите според годишната сметка за 2024 година изнесуваат 1.923.831,00 денари. Овие долгови се однесуваат за недоспеани обврски, кои во најголем дел се платени во месец јануари 2025 година.

Агенцијата според годишната сметка за 2024 година има обврска за уплата на данок на вкупен приход на непрофитни организации во висина од 1% од остварените даночни приходи во износ од 558.584,00 денари.

**Прилог бр. 1**

## РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2024 ГОДИНА

А РАСХОДИ

| Потставка | Расходи | Планирано 2024 | Реализирано 2024 |
|---|---|---|---|
| | Вкупно расходи | **168.546.961,00** | **128.669.018,00** |
| **400** | **Потрошени материјали** | **1.898.000,00** | **806.034,00** |
| 400002 | Ситен инвентар во употреба | 150.000,00 | 0,00 |
| 400100 | Потрошено гориво,мазиво и сл. | 450.000,00 | 167.618,00 |
| 400300 | Потрошени канцелариски материјали | 360.000,00 | 78.246,00 |
| 400500 | Потрошени материјали за лична хигиена, вода и сл. | 612.000,00 | 363.147,00 |
| 400700 | Потрошени други материјали и суровини | 236.000,00 | 197.023,00 |
| 400900 | Потрошени резервни делови | 90.000,00 | 0,00 |
| **401** | **Потрошена енергија** | **9.700.000,00** | **3.749.190,00** |
| 401000 | Потрошена електрична енергија | 8.700.000,00 | 3.005.226,00 |
| 401100 | Потрошена топлинска енергија | 1.000.000,00 | 743.964,00 |
| **402** | **Инвестиционо одржување на средствата** | **14.040.000,00** | **8.767.798,00** |
| 402010 | Поправки изврш. на добрата,сервис,монтажа-леки коли | 400.000,00 | 198.905,00 |
| 402020 | Поправки изврш. на добрата,сервис,монтажа-мебел | 40.000,00 | 0,00 |
| 402030 | Поправки изврш. на добрата,сервис,монтажа-хардвер и софтвер | 9.808.000,00 | 7.254.750,00 |
| 402040 | Поправки изврш. на добрата,сервис,монтажа-опрема | 2.892.000,00 | 1.283.983,00 |
| 402050 | Поправка, одржување на градежни објекти | 900.000,00 | 30.160,00 |
| **403** | **Други услуги** | **708.000,00** | **286.790,00** |
| 403400 | Печатарски услуги | 708.000,00 | 286.790,00 |
| **404** | **Превозни транспортни услуги** | **1.850.000,00** | **1.494.576,00** |
| 404500 | Поштарина (писма,печ.материјал,пакети и сл.) | 300.000,00 | 150.955,00 |
| 404600 | Телефонски давачки, давачки за тел. и слично | 1.530.000,00 | 1.343.621,00 |
| 404900 | Други давачки за превозни услуги | 20.000,00 | 0,00 |
| **405** | **Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација** | **950.000,00** | **861.354,00** |
| 405000 | Издатоци за репрезентација | 950.000,00 | 861.354,00 |
| **408** | **Наемнини** | **1.460.000,00** | **1.333.924,00** |
| 408000 | Наемнина за користење градежни објекти | 1.400.000,00 | 1.333.924,00 |
| 408100 | Наемнина за користење опрема | 30.000,00 | 0,00 |
| 408500 | Останати видови наемнини | 30.000,00 | 0,00 |
| **409** | **Други материјални расходи** | **2.864.000,00** | **1.746.989,00** |
| 409000 | Судски и административни такси | 200.000,00 | 54.986,00 |
| 409100 | Издатоци за стручна литература | 250.000,00 | 140.280,00 |
| 409200 | Расходи за учество на семинар,советување и сл, | 250.000,00 | 0,00 |
| 409300 | Расходи за регистрација на моторни возила | 40.000,00 | 29.827,00 |
| 409500 | Расходи за одржување на конгреси, работилници | 2.124.000,00 | 1.521.896,00 |
| **410** | **Провизија за платен промет** | **120.000,00** | **96.235,00** |
| 410100 | Провизија за платен промет | 90.000,00 | 86.985,00 |
| 410200 | Банкарска провизија | 30.000,00 | 9.250,00 |
| **412** | **Премии за осигурување** | **400.000,00** | **268.139,00** |
| 412100 | Премии за осигурување недвижности и права | 250.000,00 | 153.363,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 412200 | Премии за осигурување на моторни возила | 150.000,00 | 114.776,00 |
| **413** | **Дневници за службени патувања и патни трошоци** | **3.370.000,00** | **1.612.353,00** |
| 413000 | Дневници за службени патувања во земјата | 100.000,00 | 17.600,00 |
| 413100 | Дневници за службени патувања во странство | 500.000,00 | 369.319,00 |
| 413200 | Надомест за трошоци за превоз за службен пат во земјата | 100.000,00 | 13.110,00 |
| 413300 | Надомест за трошоци за превоз за службен пат во странство | 1.500.000,00 | 419.497,00 |
| 413400 | Надомест за трошоци заноќевање на сл.пат во земјата | 200.000,00 | 89.220,00 |
| 413500 | Надомест за трошоци за ноќевање на сл.пат во странство | 900.000,00 | 700.807,00 |
| 413720 | Др.надом.во врска со служ.пат. во странство | 70.000,00 | 2.800,00 |
| **414** | **Надоместоци на трошоци на работници и граѓани** | **15.550.000,00** | **14.459.580,00** |
| 414900 | Други надоместоци | 3.650.000,00 | 2.700.006,00 |
| 414901 | Други надоместоци-Членови на Совет на Агенцијата | 11.900.000,00 | 11.759.574,00 |
| **415** | **Курсни разлики** | **0,00** | **151,00** |
| **415000** | Негативни курсни разлики | 0,00 | 151,00 |
| **416** | **Членарини** | **244.000,00** | **240.786,00** |
| 416300 | Членарини на меѓународни и други организации | 244.000,00 | 240.786,00 |
| **417** | **Интелектуални и други услуги** | **21.307.000,00** | **9.293.238,00** |
| 417100 | Договорни услуги | 17.672.000,00 | 7.878.262,00 |
| 417400 | Адвокатски услуги | 500.000,00 | 374.000,00 |
| 417500 | Нотарски услуги | 50.000,00 | 7.261,00 |
| 417700 | Други лични и интелектуални услуги | 500.000,00 | 76.876,00 |
| 417800 | Други неспомнати услуги-истражување | 2.585.000,00 | 956.839,00 |
| 417900 | Други услуги од правни лица | 0,00 | 0,00 |
| **418** | **Останати други расходи** | **5.135.000,00** | **3.164.359,00** |
| 418800 | Други расходи | 5.135.000,00 | 3.164.359,00 |
| **441** | **Средства за опрема** | **6.240.000,00** | **4.891.089,00** |
| 441000 | Купување на канцелариски мебел | 300.000,00 | 0,00 |
| 441200 | Купување – набавка на машини, уреди, инструменти (ИКТ опрема) | 5.640.000,00 | 4.836.589,00 |
| 441500 | Купување-набавка на друга опрема | 300.000,00 | 54.500,00 |
| **442** | **Други капитални средства** | **2.983.000,00** | **1.851.360,00** |
| 442100 | Откуп на патенти, лиценци и други права | 2.983.000,00 | 1.851.360,00 |
| **450** | **Помошти, донации и други давања на субјекти** | **5.000.000,00** | **5.000.000,00** |
| 450100 | Помошти, донации и други давања на субјекти | 5.000.000,00 | 5.000.000,00 |
| **460** | **Вкалкулирани плати** | **74.727.961,00** | **68.745.073,00** |
| 460000 | Нето плати и нодомести на плати | 48.823.045,00 | 45.160.807,00 |
| 460200 | Персонален данок на плати и надомест на плати | 4.981.086,00 | 4.335.634,00 |
| 460300 | Придонес за пензиско и инвалидско осигурување | 14.048.857,00 | 12.924.076,00 |
| 460310 | Придонес за вработување | 896.734,00 | 824.941,00 |
| 460320 | Придонес за здравствено осигурување | 5.604.597,00 | 5.155.888,00 |
| 460330 | Придонес за професионално заболување | 373.642,00 | 343.727,00 |

## Б ПРИХОДИ

| Ставка | Приходи | Планирано 2024 | Реализирано 2024 |
|---|---|---|---|
| | Приход од Буџетот на РСМ за изборни процеси во 2024 година (парламентарни и претседателски избори) | 10.000.000,00 | 4.197.302,00 |
| | Финансиски средства од Буџетот на РСМ и приходи од наплатена радиодифузна такса | 63.000.000,00 | 75.309.086,00 |
| | Приходи остварени од надоместоци за дозволи за телевизиско и радио емитување | 41.000.000,00 | 45.577.501,00 |
| | Приходи од надзор за реемитување на програмски сервиси на оператори на јавна електронска комуникациска мрежа и од даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање | 11.000.000,00 | 10.422.602,00 |
| | Приходи од транзитни фактури | 1.000.000,00 | 858.310,00 |
| | Приходи од позитивни курсни разлики | 0,00 | 1.556,00 |
| | Други приходи | 0,00 | 244.301,00 |
| | Пренесени вишок средства од мината година | 42.546.961,00 | |
| | Вкупно | **168.546.961,00** | **136.610.658,00** |

**Прилог бр. 2**

## РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ И ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА 2024 ГОДИНА, ГРУПИРАНИ ПО ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА

РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА 2024 ГОДИНА
КОИ НЕ СЕ ГРУПИРАНИ ПО ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА

| Ставка | Приходи | Реализирани средства |
|---|---|---|
| | Приход од Буџетот на РСМ за изборни процеси во 2024 година | 4.197.302,00 |
| | Приходи од Буџетот на РСМ и приходи од наплатена радиодифузна такса | 75.309.086,00 |
| | Приходи остварени од надоместоци за дозволи за телевизиско и радио емитување | 45.577.501,00 |
| | Приходи од надзор за реемитување на програмски сервиси на оператори на јавна електронска комуникациска мрежа и од даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање | 10.422.602,00 |
| | Приходи од транзитни фактури | 858.310,00 |
| | Приходи од позитивни курсни разлики | 1.556,00 |
| | Други приходи | 244.301,00 |
| | Вкупно | **136.610.658,00** |

ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА 2024 ГОДИНА
КОИ НЕ МОЖАТ ДА СЕ ГРУПИРААТ ПО ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА

| | | |
|---|---|---|
| **401** | **Потрошена енергија** | **3.749.190,00** |
| 401000 | Потрошена електрична енергија | 3.005.226,00 |
| 401100 | Потрошена топлинска енергија | 743.964,00 |
| **404** | **Превозни транспортни услуги** | **1.494.576,00** |
| 404500 | Поштарина (писма, печ.материјал, пакети и сл.) | 150.955,00 |
| 404600 | Телефонски давачки, давачки за тел. и слично | 1.343.621,00 |
| **405** | **Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација** | **861.354,00** |
| 405000 | Издатоци за репрезентација | 861.354,00 |
| **408** | **Наемнини** | **1.333.924,00** |
| 408000 | Наемнина за користење градежни објекти | 1.333.924,00 |
| **409** | **Други материјални расходи** | **225.093,00** |
| 409000 | Судски и административни такси | 54.986,00 |
| 409100 | Издатоци за стручна литература, весници и сл. | 140.280,00 |
| 409200 | Расходи за учество на семинар, советување и сл, | 0,00 |
| 409300 | Расходи за регистрација на моторни возила | 29.827,00 |
| **410** | **Провизија за платен промет** | **96.235,00** |
| 410100 | Провизија за платен промет | 86.985,00 |
| 410200 | Банкарска провизија | 9.250,00 |
| **412** | **Премии за осигурување** | **268.139,00** |
| 412100 | Премии за осигурување на недвижности и права | 153.363,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 412200 | Премии за осигурување на моторни возила | 114.776,00 |
| **413** | **Дневници за службени патувања и патни трошоци** | **1.612.353,00** |
| 413000 | Дневница за службени патувања во земјата | 17.600,00 |
| 413100 | Дневница за службени патувања во странство | 369.319,00 |
| 413200 | Надомест за трошоци за превоз за службен пат во земјата | 13.110,00 |
| 413300 | Надомест за трошоци за превоз за службен пат во странство | 419.497,00 |
| 413400 | Надомест за трошоци за ноќевање за службен пат во земјата | 89.220,00 |
| 413500 | Надомест за трошоци за ноќевање за службен пат во странство | 700.807,00 |
| 413720 | Други надоместоци во врска со службени патувања во странство | 2.800,00 |
| **414** | **Надоместоци на трошоци на работници и граѓани** | **14.459.580,00** |
| 414900 | Други надоместоци | 2.700.006,00 |
| 414901 | Други надоместоци – членови на Совет на Агенцијата | 11.759.574,00 |
| **415** | **Курсни разлики** | **151,00** |
| 415100 | Негативни курсни разлики | 151,00 |
| **416** | **Членарини** | **240.786,00** |
| 416300 | Членарини во меѓународни и други организации | 240.786,00 |
| **417** | **Интелектуални и други расходи** | **7.955.138,00** |
| 417100 | Договорни услуги | 7.878.262,00 |
| 417700 | Други лични и интелектуални услуги | 76.876,00 |
| **418** | **Останати други расходи** | **3.164.359,00** |
| 418800 | Други расходи | 3.164.359,00 |
| **441** | **Средства за опрема** | **4.836.589,00** |
| 441200 | Купување-набавка на машини, уреди, инструменти (ИКТ опрема) | 4.836.589,00 |
| **442** | **Други капитални средства** | **1.851.360,00** |
| 442100 | Откуп на патенти, лиценци и други права | 1.851.360,00 |
| **450** | **Помошти, донации и други давања на субјекти** | **5.000.000,00** |
| 450100 | Помошти, донации и други давања на субјекти | 5.000.000,00 |
| **460** | **Вкалкулирани плати** | **68.745.073,00** |
| 460000 | Нето плати и надомести на плати | 45.160.807,00 |
| 460200 | Персонален данок на плати и надомест на плати | 4.335.634,00 |
| 460300 | Придонес за пензиско и инвалидско осигурување | 12.924.076,00 |
| 460310 | Придонес за вработување | 824.941,00 |
| 460320 | Придонес за здравствено осигурување | 5.155.888,00 |
| 460330 | Придонес за професионално заболување | 343.727,00 |
| | **Вкупно** | **115.893.900,00** |

# ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА 2024 ГОДИНА КОИ СЕ ГРУПИРАНИ ПО ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА

## СЕКТОР ЗА ПОДДРШКА НА РАБОТАТА НА ДИРЕКТОРОТ И НА СОВЕТОТ

| | | |
|---|---|---|
| **403** | **Други услуги** | **286.790,00** |
| 403400 | Печатарски услуги | 286.790,00 |
| | **Вкупно** | **286.790,00** |

## СЕКТОР ЗА ПРОГРАМСКИ РАБОТИ

| | | |
|---|---|---|
| **409** | **Други материјални расходи** | **1.521.896,00** |
| 409500 | Расходи за одржување работилници | 1.521.896,00 |
| **417** | **Интелектуални и други услуги** | **956.839,00** |
| 417800 | Други неспомнати услуги - истражување | 956.839,00 |
| | **Вкупно** | **2.478.735,00** |

## СЕКТОР ЗА ПРАВНИ РАБОТИ И ЈАВНИ НАБАВКИ

| | | |
|---|---|---|
| **417** | **Интелектуални и други услуги** | **381.261,00** |
| 417400 | Адвокатски услуги | 374.000,00 |
| 417500 | Нотарски услуги | 7.261,00 |
| | **Вкупно** | **381.261,00** |

## СЕКТОР ЗА ФИНАНСИИ И ЛОГИСТИКА

| | | |
|---|---|---|
| **400** | **Потрошени материјали** | **588.416,00** |
| 400300 | Потрошени канцелариски материјали | 78.246,00 |
| 400500 | Потрошени материјали за лична хигиена, вода и сл. | 363.147,00 |
| 400700 | Потрошени други материјали и суровини | 147.023,00 |
| **402** | **Инвестиционо одржување на средствата** | **1.314.143,00** |
| 402040 | Поправки, извршување на добрата, сервис, монтажа-опрема | 1.283.983,00 |
| 402050 | Поправка, одржување на градежни објекти | 30.160,00 |
| | **Вкупно** | **1.902.559,00** |

## СЕКТОР ЗА ИНФОРМАТИЧКА ПОДДРШКА И ОПШТИ РАБОТИ

| | | |
|---|---|---|
| **400** | **Потрошени материјали** | **217.618,00** |
| 400100 | Потрошено гориво, мазиво и сл. | 167.618,00 |
| 400700 | Потрошени други материјали и суровини | 50.000,00 |
| **402** | **Инвестиционо одржување на средствата** | **7.453.655,00** |
| 402010 | Поправки изврш. на добрата, сервис, монтажа-леки коли | 198.905,00 |
| 402030 | Поправки, извршување на добрата, сервис, монтажа-хардвер и софтвер | 7.254.750,00 |
| **441** | **Средства за опрема** | **54.500,00** |
| 441500 | Купување-набавка на друга опрема | 54.500,00 |
| | **Вкупно** | **7.725.773,00** |

СЕКТОР ЗА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ И АВТОРСКИ ПРАВА

| **417** | **Интелектуални и други услуги** | **0,00** |
|---|---|---|
| 417800 | Други неспомнати услуги-истражувања | 0,00 |
| | Вкупно | **0,00** |

Групирањето на трошоците по организациона структура е направено врз основа на надлежноста на секој соодветен сектор за спроведување на одредена активност на Агенцијата.

## СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА НА РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ВО 2023 И 2024 ГОДИНА

Од споредбената анализа на реализираните приходи во 2023 година со реализираните приходи во 2024 година, може да се забележи следново:

Во 2024 година, од Буџетот на Република Северна Македонија, на сметката на Агенцијата беа уплатени средства коишто беа строго наменети за финансирање на активностите на Агенцијата за време на изборните процеси (парламентарни и претседателски избори), согласно Изборниот законик, и од истата се потрошени средства во износ од 4.197.302,00 денари. По овој основ нема прилив на средства во 2023 година.

Министерството за информатичко општество и администрација, сега Министерство за дигитална трансформација, во 2023 година на сметката на Агенцијата префрли 54.000.000,00 денари, а од присилна наплата на радиодифузната такса во 2023 година беа остварени 351.919,00 денари. Во 2024 година од финансиски средства од Буџетот на РСМ и од приходи од наплатена радиодифузна такса на сметка на Агенцијата вкупно беа префрлени 75.309.086,00 денари.

Наплатените средства од дозволи за телевизиско и радио емитување во 2023 година изнесуваа 30.931.171,00 денар, а во 2024 година 45.577.501,00 денар. Разликата се должи на тоа што во 2023 година Агенцијата им додели финансиска помош на радиодифузерите во висина од 25% од надоместокот за дозволата и на тоа што висината на БДП (како еден од елементите на формулата за пресметување на годишниот надоместок) беше повисок во 2024 година.

Надоместокот за надзор од операторите кои реемитуваат програмски сервиси и од давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање во 2023 година изнесуваше 10.620.245,00 денари, додека во 2024 година истиот е малку помал и изнесува 10.422.602,00 денари.

Од издадени транзитни фактури од страна на Агенцијата за потрошена електрична енергија, за одржување на лифтови и платформа, за одржување и сервисирање на системот за греење, ладење и вентилација, во 2023 година се остварени средства во износ од 1.045.762,00 денари, кои во 2024 година се пониски и изнесуваат 858.310,00 денари.

Во 2024 година се остварени и други приходи во износ од 244.301,00 денар, кои во 2023 година изнесуваа 135.583,00 денари. Во 2023 година поголем дел од овие средства беа од уплати за тендерски документации за јавни конкурси за доделување дозволи за емитување на ТВ и радио програми, како и наплатени средства по судска одлука.

Во 2023 година се остварени приходи и од позитивни курсни разлики во износ од 1.026,00 денари, додека по истиот основ во 2024 година се остварени повисоки средства и истите изнесуваа 1.556,00 денари.

Разликите помеѓу расходите кај одредени ставки во 2023 и 2024 година се од следните причини:

На позицијата (401000) – Потрошена електрична енергија, во 2023 година се исплатени средства во износ од 2.288.871,00 денар, додека во 2024 година се исплатени 3.005.226,00 денари. Разликата се должи на тоа што во 2024 година цената на електричната енергија беше повисока отколку во 2023 година и на тоа што во 2023 година Агенцијата спроведуваше мерки за штедење во текот на целата година.

На позицијата (417100) - Договорни услуги, во 2024 година се потрошени средства во износ од 7.878.262,00 денари, додека во 2023 година 4.574.035,00 денари. Разликата е резултат на тоа што во 2024 година Агенцијата ангажираше надворешни соработници преку Агенција за привремени вработувања за следење на изборните процеси (парламентарни и претседателски избори), додека во 2023 година немаше таква потреба.

На позицијата (441200) – Купување – набавка на машини, уреди, инструменти (набавка на информатичка опрема), во 2024 година се потрошени средства во износ од 4.836.589,00 денари, додека во 2023 година не се потрошени средства за таа намена, односно во 2023 година Агенцијата не изврши набавка на ИКТ (Информатичка комуникациска технологија) опрема.

На позицијата (441500) – Купување – набавка на друга опрема, во 2024 година се потрошени средства во износ од 54.500,00 денари, додека во 2023 година се потрошени 6.268.968,00 денари. Разликата е резултат на тоа што во 2023 година Агенцијата изврши набавка на Систем за автоматско управување со документи (ДМС), што овозможува воспоставување инфраструктура за ефикасно менаџирање на сите административни процеси кои вклучуваат работа со документи.

На позицијата (442100) – Откуп на патенти, лиценци и други права, во 2024 година се потрошени средства во износ од 1.851.360,00 денари, додека во 2023 година се потрошени 98.291,00 денар. Разликата е резултат на тоа што во 2024 година, освен лиценцата за уред за безбедност на компјутерската мрежа (Firewall) и ресертификација на ISO стандардот 9001:2015, Агенцијата изврши набавка на софтвер за електронски регистар на јавни електронски комуникациски мрежи, даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање и даватели на услуги платформи за споделување видеа.

На позицијата (450100) - Помошти, донации и други давања на субјекти, во 2024 година се потрошени средства во износ од 5.000.000,00 денари, додека во 2023 година се потрошени средства во износ од 1.300.000,00 денари. Разликата се должи на фактот што во 2024 година Агенцијата додели средства на Здружението на граѓани ИСТРАЖУВАЧКА РЕПОРТЕРСКА ЛАБОРАТОРИЈА – ИРЛ Скопје, со цел да обезбедат остварување на нивните истражувачките иницијативи, додека во 2023 година Агенцијата додели две донации, од кои едната, во износ од 1.000.000,00 денари, за настраданото население во Република Турција и Сириската Арапска Република од катастрофалниот земјотрес кој се случи на 06.02.2023 година и втората, во износ од 300.000,00 денари за Здружението Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје.

На расходнатата ставка (460) - Вкалкулирани плати, во 2023 година се потрошени сресства во износ од 60.550.025,00 денари, додека во 2024 година потрошените средства изнесуваат 68.745.073,00 денари.

**Прилог 2.1**

Реализирани приходи и расходи во 2023 и 2024 година

## А РАСХОДИ

| Поставка | Расходи | **Реализирано 2023** | **Реализирано 2024** |
|---|---|---|---|
| | Вкупно расходи | **111.337.058,00** | **128.669.018,00** |
| **400** | **Потрошени материјали** | **787.372,00** | **806.034,00** |
| 400002 | Ситен инвентар во употреба | 0,00 | 0,00 |
| 400100 | Потрошено гориво, мазиво и сл. | 180.140,00 | 167.618,00 |
| 400300 | Потрошени канцелариски материјали | 111.551,00 | 78.246,00 |
| 400500 | Потрошени матер.за лична хигиена, вода и сл. | 320.080,00 | 363.147,00 |
| 400700 | Потрошени други материјали и суровини | 175.601,00 | 197.023,00 |
| **401** | **Потрошена енергија** | **3.131.709,00** | **3.749.190,00** |
| 401000 | Потрошена електрична енергија | 2.288.871,00 | 3.005.226,00 |
| 401100 | Потрошена топлинска енергија | 842.838,00 | 743.964,00 |
| **402** | **Инвестиционо одржување на средствата** | **8.640.590,00** | **8.767.798,00** |
| 402010 | Поправки изврш. на добрата, сервис, монтажа-леки коли | 159.725,00 | 198.905,00 |
| 402030 | Поправки изврш. на добрата, сервис, монтажа-хардвер и софтвер | 7.250.835,00 | 7.254.750,00 |
| 402040 | Поправки изврш. на добрата, сервис, монтажа-опрема | 1.127.134,00 | 1.283.983,00 |
| 402050 | Поправка, одржување на градежни објекти | 102.896,00 | 30.160,00 |
| **403** | **Други услуги** | **273.151,00** | **286.790,00** |
| 403400 | Печатарски услуги | 273.151,00 | 286.790,00 |
| **404** | **Превозни транспортни услуги** | **1.495.219,00** | **1.494.576,00** |
| 404500 | Поштарина (писма, печ.материјал, пакети и сл.) | 212.306,00 | 150.955,00 |
| 404600 | Телефонски давачки, давачки за тел. и слично | 1.282.913,00 | 1.343.621,00 |
| **405** | **Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација** | **820.198,00** | **861.354,00** |
| 405000 | Издатоци за репрезентација | 820.198,00 | 861.354,00 |
| **408** | **Наемнини** | **1.110.371,00** | **1.333.924,00** |
| 408000 | Наемнина за користење градежни објекти | 1.110.371,00 | 1.333.924,00 |
| **409** | **Други материјални расходи** | **1.785.078,00** | **1.746.989,00** |
| 409000 | Судски и административни такси | 167.246,00 | 54.986,00 |
| 409100 | Издатоци за стручна литература | 117.944,00 | 140.280,00 |
| 409200 | Расходи за учество на семинар, советување и сл., | 67.753,00 | 0,00 |
| 409300 | Расходи за регистрација на моторни возила | 28.135,00 | 29.827,00 |
| 409500 | Расходи за одржување на конгреси, работилници | 1.404.000,00 | 1.521.896,00 |
| **410** | **Провизија за платен промет** | **88.421,00** | **96.235,00** |
| 410100 | Провизија за платен промет | 82.179,00 | 86.985,00 |
| 410200 | Банкарска провизија | 6.242,00 | 9.250,00 |
| **412** | **Премии за осигурување** | **201.898,00** | **268.139,00** |
| 412100 | Премии за осигурување недвижности и права | 105.666,00 | 153.363,00 |
| 412200 | Премии за осигурување на моторни возила | 96.232,00 | 114.776,00 |
| **413** | **Дневници за службени патувања и патни трошоци** | **1.475.715,00** | **1.612.353,00** |
| 413000 | Дневници за службени патувања во земјата | 55.080,00 | 17.600,00 |
| 413100 | Дневници за службени патувања во странство | 284.090,00 | 369.319,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 413200 | Надомест за трошоци за превоз за сл.пат во земјата | 10.490,00 | 13.110,00 |
| 413300 | Надомест за трошоци за превоз за сл.пат во странство | 399.329,00 | 419.497,00 |
| 413400 | Надомест за трошоци за ноќевање за сл.пат во земјата | 102.521,00 | 89.220,00 |
| 413500 | Надомест за трошоци за ноќевање за сл.пат во странство | 620.794,00 | 700.807,00 |
| 413720 | Други надоместоци во врска со службен пат во странство | 3.411,00 | 2.800,00 |
| **414** | **Надоместоци на трошоци на работници и граѓани** | **12.944.255,00** | **14.459.580,00** |
| 414800 | Јубилејни награди | 81.362,00 | 0,00 |
| 414900 | Други надоместоци | 2.531.648,00 | 2.700.006,00 |
| 414901 | Други надоместоци – Членови на Совет на Агенцијата | 10.331.245,00 | 11.759.574,00 |
| **415** | **Курсни разлики** | **410,00** | **151,00** |
| **415000** | Негативни курсни разлики | 410,00 | 151,00 |
| **416** | **Членарини** | **222.300,00** | **240.786,00** |
| 416300 | Членарини на меѓународни и други организации | 222.300,00 | 240.786,00 |
| **417** | **Интелектуални и други услуги** | **7.340.848,00** | **9.293.238,00** |
| 417100 | Договорни услуги | 4.574.035,00 | 7.878.262,00 |
| 417400 | Адвокатски услуги | 366.000,00 | 374.000,00 |
| 417500 | Нотарски услуги | 8.139,00 | 7.261,00 |
| 417700 | Други лични и интелектуални услуги | 92.521,00 | 76.876,00 |
| 417800 | Други неспомнати услуги-истражување | 2.300.153,00 | 956.839,00 |
| **418** | **Останати други расходи** | **2.802.259,00** | **3.164.359,00** |
| 418800 | Други расходи | 2.802.259,00 | 3.164.359,00 |
| **441** | **Средства за опрема** | **6.268.968,00** | **4.891.089,00** |
| 441200 | Купување-набавка на машини, уреди, инструменти (информатичка опрема) | 0,00 | 4.836.589,00 |
| 441500 | Купување – набавка на друга опрема | 6.268.968,00 | 54.500,00 |
| **442** | **Други капитални средства** | **98.291,00** | **1.851.360,00** |
| 442100 | Откуп на патенти, лиценци и други права | 98.291,00 | 1.851.360,00 |
| **450** | **Помошти, донации и други давања на субјекти** | **1.300.000,00** | **5.000.000,00** |
| 450100 | Помошти и други давања на субјекти | 1.300.000,00 | 5.000.000,00 |
| **460** | **Вкалкулирани плати** | **60.550.025,00** | **68.745.073,00** |
| 460000 | Нето плати и надомести на плати | 39.822.564,00 | 45.160.807,00 |
| 460200 | Персонален данок на плати и надомест на плати | 3.772.410,00 | 4.335.634,00 |
| 460300 | Придонес за пензиско и инвалидско осигурување | 11.384.089,00 | 12.924.076,00 |
| 460310 | Придонес за вработување | 726.652,00 | 824.941,00 |
| 460320 | Придонес за здравствено осигурување | 4.541.529,00 | 5.155.888,00 |
| 460330 | Придонес за професионално заболување | 302.781,00 | 343.727,00 |

## Б ПРИХОДИ

| Ставка | Приходи | Реализирано 2023 | Реализирано 2024 |
|---|---|---|---|
| | Приходи од Буџетот на РСМ за изборни процеси во 2024 година (парламентарни и претседателски избори) | 0,00 | 4.197.302,00 |
| | Приходи од Буџетот на РСМ и приходи од наплатена радиодифузна такса | 54.351.919,00 | 75.309.086,00 |
| | Приходи од надоместок за дозволи за телевизиско и радио емитување | 30.931.171,00 | 45.577.501,00 |
| | Приходи од надзор за реемитување на програмски сервиси на оператори на јавна електронска комуникациска мрежа и од даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање | 10.620.245,00 | 10.422.602,00 |
| | Приходи од транзитни фактури | 1.045.762,00 | 858.310,00 |
| | Приход од позитивни курсни разлики | 1.026,00 | 1.556,00 |
| | Други приходи | 135.583,00 | 244.301,00 |
| | **Вкупно** | **97.085.706,00** | **136.610.658,00** |